СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF NORTH MACEDONIA

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2020 ГОДИНА

**Април 2021 година**
**С к о п ј е**

# СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**19.02.2020 година**

- Извештај за спроведените избори на избор на претставници во Собранието на Стопанската комора на Македонија за мандатниот период 2020 – 2025 година
  - Одлука за верификација на мандатот на новоизбраните претставници (членови) во Собранието на Стопанската комора на Македонија
- Избор на претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија
- Избор на претседател на Стопанската комора на Македонија

**ВТОРА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**19.05.2020 година**

- Извештај за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2019 година
- Финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2019 година
- Избор на:
  - членови на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија
  - член на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија

**ТРЕТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**30.06.2020 година**

- 2020 – КОВИД 19 – состојби – анализи – предлози
- Одлука за продолжување на извршување на функциите на потпретседателите на Стопанската комора на Македонија

**ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**29.09.2020 година**

- Дискусија на тема: „Популизмот во економијата“

**„ОНЛАЈН ДЕБАТА“ НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**29.10.2020 година**

- Состојбите во енергетскиот сектор

**ПЕТТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**23.12.2020 година**

- Програмски насоки за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2021 година
- Финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2021 година
- Заклучок за продолжување на крајниот рок за завршување на процедурите за избори и именувања на органите и телата на Комората
- Македонската економија во тековниот период и во постковид 19 периодот

# СЕДНИЦИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ТРИЕСЕТТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА одржана на 11.02.2020 година

1. Цели и приоритети на дејствување согласно Стратешките правци за развој на Стопанската комора на Македонија
2. Иницијатива за изработка на независна анализа за придонесот и учеството на компаниите членки на Стопанската комора на Македонија во македонската економија
3. Одлука за доделување награди и други признанија на Стопанската комора на Македонија за 2019 година
4. Одлука за утврдување на претставници во Собранието на Стопанската комора на Македонија, што ги предлага Управниот одбор на Комората
5. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организација и начин на работа на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија
6. Програмски насоки и Предлог-финансиски план на Друштвото за едукација, угостителство и услуги „Бизнис центар за тренинг и обука‟ ДООЕЛ Охрид за 2020 година

## ПРВА СЕДНИЦА НА НОВИОТ СОСТАВ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА одржана на 30.06.2020 година

1. Пресек на досегашните активности на Стопанската комора на Македонија од надлежност Управниот одбор на Комората и учеството на Комората во проектни активности
2. Именување в.д. извршен директор за периодот до 31.12.2020 година
3. Распишување конкурс за извршен директор на Стопанската комора на Македонија на 01.09.2020 година, кој ќе стапи на функција од 01.01.2021 година
4. Финансиски извештај преку остварувања на Стручната служба на Комората за период јануари-мај 2020 година и проекции за период јуни-август од 2020 година
5. Информација во врска со барањата за намалување на закупнината поднесени до Стопанската комора на Македонија

6. Одлука за организирање и дејствување на Генерален економски совет на Стопанската комора на Македонија
7. Одлука за организирање и дејствување на Клуб на менаџери претприемачи во рамки на Стопанската комора на Македонија
8. Финансиски извештај и Извештај за работа на Бизнис центарот за тренинг и обука ДООЕЛ Охрид
9. Правилник за организација и работење на Стручната служба на Комората и Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот
10. Одлуки за формирање комисии при Управниот одбор
    - Комисија за финансиски прашања
    - Второстепена комисија за одлучување по приговори на работниците во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија
11. Информација за работата на Кризниот штаб при Комората и делувањето на Стопанската комора на Македонија во вонредна состојба

## ВТОРА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА одржана на 29.09.2020 година

1. БДП – статистички концепти и методологија
2. Информација за учеството на компаниите членки на Стопанската комора на Македонија во вкупниот приватен сектор на Република Северна Македонија
3. Концепт за реорганизирање на Бизнис центарот за тренинг и обука ДОО Охрид
   - Предлог-одлука за разрешување и именување на управител на Друштвото за едукација, угостителство и услуги БИЗНИС ЦЕНТАР ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА ДООЕЛ Охрид
   - Одлука за изменување на Изјавата за основање на Друштво за едукација, угостителство и услуги БИЗНИС ЦЕНТАР ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА ДООЕЛ Охрид
   - Изјава за основање на Друштво за едукација, угостителство и услуги БИЗНИС ЦЕНТАР ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА ДООЕЛ Охрид (пречистен текст)
   - Одлука за потписник на денарската и девизната сметка за вршење платен промет во земјата и во странство на Друштво за едукација, угостителство и услуги БИЗНИС ЦЕНТАР ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА ДООЕЛ Охрид
4. Редизајнирана коморска веб страна и процес на дигитализација за подигнување на технолошкиот капацитет на Комората
5. Идни правци за развој на регионалната економска соработка и дејствувањето на Коморскиот инвестициски форум (КИФ)
6. Финансиски извештај преку остварувања на Стручната служба на Комората за период јануари-август 2020 година и проекции за период септември-декември од 2020 година
7. Информација во врска со барањата поднесени до Стопанската комора на Македонија за намалување на закупнината октомври-декември 2020 година
8. Одлука за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Комисијата за финансиски прашања при Стопанската комора на Македонија со пречистен текст на Деловникот
9. Правилник за организацијата и работењето на Стручната служба при Стопанската комора на Македонија и Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, ПО ПАТ НА ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА, СПРОВЕДЕНА ВО НОЕМВРИ 2020 ГОДИНА

1. Македонската економија во тековниот и во пост- Ковид 19 периодот
2. Анализа на состојбите на пазарот на нафтени деривати во РСМ, како основ за премин кон целосна либерализација на пазарот и слободно пазарно формирање на цените на нафтените деривати
3. Предлог за продолжување на крајниот рок за завршување на процедурите за избори и именувања на органите и телата на Комората
4. Информација за спроведените активности во врска со дигитализирање на процесите на Комората кои се однесуваат на издавањето на документите потребни во надворешно-трговското работење на компаниите со евалуација и Одлука за набавка и имплементација на софтверско решение
5. Извештај за остварени финансиски резултати во период јануари-октомври 2020 година и планирања за реализација до крај на 2020 година

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, ПО ПАТ НА ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА, СПРОВЕДЕНА ВО ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

1. Одлука за именување вршител на должноста извршен директор на Стопанската комора на Македонија
2. Информација за финансиски планирања за 2021 година со предлог идни мерки за оддржување на финансиската стабилност на Стопанската комора на Македонија
3. Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за организацијата и работата на Стручната служба на Стопанската комора на Македонија и Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот да пресметување на платите во Стручната служба на Стопанската комора на Македонија
4. Одлука за дополнително ангажирање на лица во тимот за менаџирање на Проектот „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор преку подобрување на производните и технолошките способности на извозно ориентираните МСП"
5. Информација во врска со барањето поднесено до Стопанската комора на Македонија за продолжување на намалување на закупнината за периодот јануари –февруари 2021 година, со заклучоци

# СЕДНИЦИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ОСМА СЕДНИЦАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**04.02.2020 година**

1) Елаборат на Централната пописна комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2019 година со извештаите на пописните комисии

**ДЕВЕТТА СЕДНИЦАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**23.03.2020 година**

1) Предлог-финансиски извештај на Стопанската комора на Македонија за 2019 година
2) Извештај од овластен ревизор на ревизорското друштво „ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА" ДООЕЛ - Скопје од спроведената ревизија на финансиско - материјално работење на Стопанската комора на Македонија за 2019 година

**ДЕСЕТТА СЕДНИЦАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**14.07.2020 година**

1) Финансиски извештај за работењето на Стопанската комора на Македонија за период 01.01.2020 до 30.06.2020 година

**ЕДИНАЕСЕТТА СЕДНИЦА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**04.12.2020 година**

1) Предлог-финансиски план на Стопанската комора на Македонија за 2021 година

# ШТО СОДРЖИ ИЗВЕШТАЈОТ?

1. Одржани преку 90 настани (состаноци и расправи за компаниите, конференции, форуми) на здруженијата според дејности и преку 10 на регионалните комори, 50-тина работни средби во компании;

2. Над 30 организирани бизнис-форуми, бизнис-средби и учество на меѓународни конференции (во рамки на меѓународна и ЕЕН мрежата);

3. Издадени 25 електронски изданија на „БИЗНИС ИНФО", во просек на околу 26 страници.

4. Вкупно 57 медиумски покриени прес-конференции, настани и видео обраќања. Во текот на изминатата 2020 година организирани се вкупно 30 настани, од кои што 20 како редовни прес конференции и 10 настани на коишто присуствувале и медиумите. Поради условите кои што ги наметна пандемијата со вирусот Ковид-19, од март 2020 година, Стопанската комора на Република Северна Македонија редовно ги информираше компаниите за владините одлуки и преземените мерки, како и покренатите иницијативи од страна на Комората во насока на потпомагање на компаниите, преку секојдневни видео обраќања до јавноста и компаниите (27 видео обраќања).

5. Во секој број на месечниот магазин ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС се објавуваа текстови за активностите на Стопанската комора на Македонија (над 70 текста).

6. Во текот на годината се изготвени 260 Прегледи на економски информации, што се објавени во медиумите во форма на статии.

7. До компаниите редовно се доставуваа информации за нови прописи во постапка на донесување и објавени во „Службен весник на РСМ", информации за заклучоците на Владата на РСМ и Главниот координативен кризен штаб на Владата поврзани со состојбите предизвикани од Коронавирусот КОВИД-19;

8. До компаниите доставени 264 прегледи на информации за објавени економски статии во дневни и неделни печатени медиуми.

9. Реализирани активности поврзани со пет Проекти од Фондовите на ЕУ и други меѓународни институции и ФИТР (Фонд за иновации и технолошки развој) чија цел е подобрување на конкурентноста, иновативноста и капацитетите на домашните компании

- ⇨ УСАИД проект: „Партнерство за подобра бизнис регулатива" (2016-2020)
- ⇨ 4 инфо сесии;
- ⇨ 1 презентација;
- ⇨ 1 завршен настан;
- ⇨ 20 состаноци на УО на проектот вклучувајќи ја и Платформата за јавно-приватен дијалог;
- ⇨ 12 состаноци на Работна група за позициски документи.

- ⇨ Проект со ФИТР: „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор преку подобрување на производните и технолошките способности на извозно ориентираните МСП"

1. Постојана координација со компаниите за набавката на опремата и посета на ТМ Штип, БРАТСТВО ИНОХ, Охрид, РАДЕ КОНЧАР ТЕП И АГРО БАР Виница
2. Една инфо сесија во соработка со ФИТР

- ⇨ Стратегија за паметна специјализација - преку процесот на подготовка на Стратегија за паметна специјализација вклучени се 6 сектори и беа одржани интервјуа со компании и подготвени беа записници и објави на веб порталот од средбите
- ⇨ 13 Интервјуа со компании и институции од градежен сектор;
- ⇨ 14 Интервјуа со компании и институции од ИКТ сектор;
- ⇨ 19 Интервјуа со компании и институции од сектор земјоделие;
- ⇨ 13 Интервјуа со компании и институции од сектор енергетика и
- ⇨ 17 Интервјуа со компании и институции од металопреработувачки сектор
- ⇨ 18 Интервјуа со компании од сектор туризам и угостителство
- ⇨ 12 работни „Онлајн“ состаноци за проекти, од кои:
  - 4 работни онлине состаноци за ГАЗЕЛЕ ПРОЕКТОТ и
  - 8 работни онлине состаноци за Траинее проектот - ЕУ ПРОЕКТ: „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење“ (2018-2020)

10. Центарот за едукација во текот на 2020 година организираше 81 едукативни настани на кои учествуваа 1.530 посетители, истите беа реализирани како еднодневни и дводневни семинари од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор.

11. Одржани преку 10 настани на Советот на странски инвеститори (ФИЦ) и на Клубот на менаџери-претприемачи.

12. Издадени документи од Бизнис канцеларијата:

- ⇨ 1308 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- ⇨ 8172 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- ⇨ 230 АТА-карнети;
- ⇨ 4 потврди за ексклузивитет;
- ⇨ 16 потврди за слободна продажба;
- ⇨ 7 потврди за производител;
- ⇨ 8 потврди за членство во Комората;
- ⇨ 170 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- ⇨ 8 потврди за виша сила;
- ⇨ 4 мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки;
- ⇨ 34 мислења за исполнување на економските услови.

# РЕДОВНИ ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ

*- 2020 ГОДИНА -*

**13.01.2020**
Уписната политика, фактор за обезбедување стручни кадри во стопанството

**20.01.2020**
Унапредување на економската соработка меѓу Северна Македонија и Германија

**27.1.2020**
Измените на Законот за минерални суровини по скратена постапка ќе имаат негативни ефекти врз бизнисот

**03.02.2020**
Продлабочена соработка со научно-истражувачкиот сектор за поголема конкурентност на градежништвото

**11.02.2020**
Потенцијали за извозна диверзификација во земјоделско-прехранбениот сектор

**17.02.2020**
Барањата на бизнисот во оперативниот план за вработување 2020 година

**21.02.2020**
Потенцијалите за унапредување на економската соработка со Република Италија

**24.02.2020**
Перспективите на текстилната и на кожарската индустрија и потребата од зголемување на продуктивноста

**02.03.2020**
Нова методологија за препознавање на знаењата на вработените во градежништвото

**09.03.2020**
Зајакнувањето на регионалната економска соработка и Коморскиот инвестициски форум

**20.03.2020**
Анкета за првичните видувања врзани со економските штети од COVID -19

**20.05.2020**
Состојбите во домашната економија и иницијативите на Комората преку КИФ за елиминирање на пречките со цел помош на македонското стопанство и на земјите од Западен Балкан

**19.10.2020**
Паметна специјализација како предуслов за конкурентна економија

**29.10.2020**
Еврокодовите - Услов за поконкурентно македонско градежништво на европските пазари

**02.11.2020**
Иницијатива на Коморскиот инвестициски форум за обезбедување непречено движење во земјите од Западен Балкан за деловни потреби во услови на пандемија

**09.11.2020**
Учењето преку работа - можност за вработување квалификуван и стручен кадар

**23.11.2020**
Итни мерки за развој на агросекторот во постковид периодот

**07.12.2020**
Македонската економија во тековниот период и во постковид 19 периодот- прва прес-конференција за промоција на работниот материјал под мотото „За посилна македонска економија во периодот на постковид 19"

**14.12.2020**
Приоритетни чекори за поттикнување на економската активност и раст на извозот- втора прес-конференција за промоција на работниот материјал под мотото „За посилна македонска економија во периодот на постковид 19"

**24.12.2020**
Потпишување меморандума за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и МАНУ (во просториите на МАНУ)



# ДНЕВНИ ВИДЕО ОБРАЌАЊА ДО МЕДИУМИТЕ

**19.03.2020**
Соопштение за медиумите: Ќе се направи се што е потребно извозот да тече без проблеми

**23.03.2020**
За дозволите за движење и работа во полициски час, ново формираниот Економски совет при Владата и иницијативата на Владата за првиот пакет мерки

**24.03.2020**
За иницијативата на Коморскиот инвестициски форум за увоз на заштитни маски и медицинска опрема во земјите од Западен Балкан

**25.03.2020**
За ново формираниот Кризен штаб во рамки на Комората

**26.03.2020**
За работата на Кризниот штаб, иницијативата за надминување на проблемот на границата со Турција, состојбите во фабриките на странските инвеститори

**27.03.2020**
За протокот на информации меѓу компаниите, Комората и Владата

**30.03.2020**
За преземените активности од страна на компаниите членки со цел надминување на корона кризата

**31.03.2020**
Република Северна Македонија стана земја членка на НАТО

**01.04.2020**
За вториот сет мерки за помош на компаниите

**02.04.2020**
За последиците од корона кризата за градежниот сектор

**03.04.2020**
За иницијативата на претседателот Азески и КИФ за непречено снабдување со потребните суровини и репро материјали во земјите од Западен Балкан

**06.04.2020**
За општествената одговорност на компаниите членки во насока на надминување на корона кризата

**07.04.2020**
За преземените активности од страна на Комората во насока на потпомагање на компаниите и навремениот проток на информации преку контакт центарот на Владата

**08.04.2020**
За примената на законите за пласман и продажба на средства за дезинфекција на домашниот пазар

**09.04.2020**
За уредбите и економските мерки на Владата - укажувања од компаниите за нивните примени

**10.04.2020**
За комуникацијата меѓу Комората, Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести и бизнис секторот во врска рестриктивните мерки

**13.04.2020**
За предлогот на Комората за систематизирање и транспарентност на информациите за економските мерки и нивното користење

**14.04.2020**
За иницијативата на КИФ во соработка со ЦЕФТА за отворањето на транспортните коридори – „зелени коридори"

**15.04.2020**
За работата на Кризниот штаб на Комората за првите 30 дена од прогласување на вонредната состојба во земјата

**16.04.2020**
За барањето за укинување на забраната за извоз на средства за дезинфекција од страна на Здружението на хемиската индустрија

**21.04.2020**
За резултатите од втората спроведена анкета меѓу компаниите за последиците од корона кризата за македонската економија и очекуваните мерки од економските мерки на Владата- прв дел

**22.04.2020**
За резултатите од втората спроведена анкета меѓу компаниите за последиците од корона кризата за македонската економија и очекуваните мерки од економските мерки на Владата- втор дел

**23.04.2020**
За препораките од СЗО за користење на заштитни маски и бесплатната услуга на Комората за помош при набавките на истите од страна на домашните компании

**27.04.2020**
За македонската економија и справувањето со кризата

**29.04.2020**
За набавката на новата опрема за онлајн комуникација на Комората и најава за првиот онлајн вебинар за осигурителниот сектор

**30.04.2020**
За новите измени на економските мерки од страна на Владата и барањата на компаниите

# ДИРЕКЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИЈА И РЕГИОНАЛНИ КОМОРИ

*14.1.2020*

## Презентирани грантовите за технолошки развој пред струмичките компании

Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) во соработка со Стопанска комора на Македонија и Регионалната комора со седиште во Струмица, пред струмичката бизнис заедница ги презентираше двата јавни повика од инструментот за кофинасирани грантови за технолошки развој во вкупна вредност од шест милиони евра. Целта е обезбедување финансиска поддршка за технолошки развој на претпријатија и приватни здравствени установи кои ги исполнуваат условите од правилникот за истиот. Воведена е скратената процедура која важи за сите компании кои во изминатава година учествувале на јавните повици, по било кој инструмент и поминале две од трите фази на оценувањето. Се поддржуваат компаниите да воведуваат современи практики и технологии, а се финансираат трошоци за набавка, изнајмување или изработка на опрема, реновирање на хали, софтверски алатки, обуки, додека не е дозволено кофинансирање на трошоци за плати и набавка на стоки и услуги од домашни јавни претпријатија и угостителски услуги.



16.1.2020

## Кофинансирани грантови за технолошки развој - презентација на Инструментот за поддршка во Битола

Регионалната комора со седиште во Битола при Стопанската комора на Македонија, во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој, на 16.01.2020 година организраа презентација за условите за аплицирање на отворениот јавен повик за инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за технолошки развој.



Претставниците на Фондот за иновации и технолошки развој пред присутните стопанственици ги образложија деталите на повикот кој е наменет за микро, мали и средни компании, како и за

приватни здравствени установи до 250 вработени и не повеќе од 10 милиони евра годишен приход кои се регистрирани во земјава без разлика на нивната сопственост и Фондот ќе покрива до 30 отсто од инвестицијата, а останатите 70 отсто ќе треба да ги обезбеди апликантот од сопствени средства или од други извори.

**17.1.2020**

## ЛИДЕРОТ НА СДСМ НА РАБОТНА СРЕДБА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА



Во насока на имплементација на добрата практика за унапредување на јавно-приватниот дијалог преку спроведување на консултации со бизнис заедницата, со цел креирање на приоритетите на економските програми во пресрет на изборните процеси, претставниците на бизнис заедницата и лидерот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија одржаа работна средба во просториите на Стопанската комора на Македонија.

Со цел формирање на програма којашто би била функционална, применлива и во насока на креирање долгорочни решенија за македонската економија, потребно е да



се слушне гласот на бизнис секторот што би се преточило во десет годишна агенда која ќе се реализира во наредниот период. Потребно е во иднина ваквите средби да продолжат во насока на креирање измени и предлог решенија во интерес на компаниите но и на општеството во целост- истакна Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија.

Потребно е да се работи на реформи коишто ќе придонесат за побрзо приклучување кон Европската Унија, што ќе се постигне преку: воведување на дуалниот систем на образование и креирање на адекватна и продуктивна работна сила според потребите на бизнис секторот, зајакнување на конкурентноста на македонската економија преку обезбедување на поддршка и воведување конкретни мерки за извозно ориентираните компании вклучувајќи и темелно ревидирање на царинската политика во однос на репро материјалите што се користат како суровина наменета за производи за извоз, раст на животниот стандард, креирање на одговорност и подигање на нивото на

ефикасност во јавната администрација, воведување на реформи во правниот систем, воведување на етички и морални стандарди во системското функционирање, децентрализација на локалната власт и поголема комуникација и координација меѓу државните институции.



Во насока на долгорочно планирање, бизнис заедницата порача дека од идната власт очекува да биде донесена национална развојна програма за 2020 – 2030 година во која ќе бидат конципирани сите нивни барања, како и растовареност од нови обврски се до членството на земјава во ЕУ.
Средбата иницирана од СДСМ се реализира во пресрет на изработка на економската програма на политичката партија, а предлозите, забелешките и сугестиите изнесени во дискусијата треба да послужат за да се креираат предлози и мерки кои ќе бидат во интерес пред се на бизнисот, бидејќи нема успешна држава, без стабилен и успешен бизнис сектор, посочи Заев.

**21.1.2020**

## СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ НА СРЕДБА СО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА БИЗНИС



Членовите на Платформата за јавно-приватен дијалог одржаа работен состанок со директорката на Централен регистар, Марија Бошковска-Јанковски, за унапредување на соработката и претставување на заложбите на стопанските комори за подобри услови за водење на бизнис на компаниите.
Во натамошниот период преку Платформата ќе бидат доставени барањата за олеснет пристап до податоците со кои располага Централниот регистар за изработка на соодветни анализи за движењето на економијата од страна на коморите.

**23.1.2020**

## РЕАЛИЗИРАНА РАБОТНА СРЕДБА ВО ВРСКА СО ПРИМЕНАТА НА НОВИОТ ЗАКОН ЗА АКЦИЗИТЕ

Во Стопанската комора на Македонија беше реализирана работна средба во врска со практичната имплементација на новиот Закон за акцизите на која компаниите подетално се информираа за можноста за искористување на акцизните ослободувања за енергентите и електричната енергија кога истите се користат во минералошки процеси пропишани со членот 99 од посочениот Закон. Претставниците на Царинската управа појаснија дека предметната одредба, меѓу другото, предвидува акцизно ослободување за енергентите кога тие се користат во минералошките процеси распоредени во глава 23 од Национална класификација на дејности – НКД Рев.2 (производство на огноотпорни производи, градежни материјали од глина, цемент, вар и гипс, сечење, обликување и доработка на камен и слично), при што за сите енергенти (со исклучок на нафтениот кокс) Законот пропишува акцизна стапка 0. Дополнително, на средбата беше појаснето дека за да може компаниите да го искористат акцизното ослободување потребно е да ги исполнат законски предвидените услови и да добијат одобрение за акцизно повластено користење кое го издава Царинската управа.

**23.1.2020**

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИПАРД ВО БИТОЛА

Во соработка со подрачната единица на Министертвото за земјоделство, шумарство и водостопанство, Телото за управување со ИПАРД фондовите и со поддршка на Регионалната комора со седиште во Битола на 23.01.2020 година во Битола се одржа инфо сесија за новиот повик за мерката 3 од Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој – ИПАРД 2014-2020.



Пред голем број присутни стопанственици од битолско-преспанскиот регион претставниците на Телото за управување со ИПАРД им ги презентираа поединостите за мерката 3: Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи.

**24.1.2020**

## ПОТРЕБНИ СЕ МЕРКИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИЗВОЗОТ НА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОИЗВОДИ И НЕМЕТАЛИТЕ

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа седница на која предмет на дискусија беа извозните перформанси, развојните можности и потенцијалите за извозна диверзификација во доменот на индустријата на градежни материјали и неметалите. На седницата беше презентирана Анализата на Стопанската комора на Македонија за идентификација на развојните можности за извозна диверзификација со фокус на индустријата на градежни материјали и сродните на неа индустрии, при што се заклучи дека оваа гранка има потенцијал за диверзификација на извозот преку зголемување на бројот на нови извозни производи и извозни компании.

**26.1.2020**

## ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЦАРИНАТА - 26 ЈАНУАРИ

Под мотото „Царина се грижи за одржливост на граѓаните, просперитетот и планетата", Царинската управа на Република Северна Македонија денеска го одбележува Меѓународниот ден на Царината, каде царинската заедница ќе се фокусира на придонесот кон одржлива иднина, при што социјалните, економските, здравствените и еколошките потреби ќе бидат во сржта на нејзините активности. Царината може многу да придонесе во создавањето на стабилно и предвидливо деловно опкружување, мора повеќе да се посвети на заштита на животната средина, како и тоа да се врати довербата на институциите и компаниите.
-Како Царинска управа, во наредниот период ќе вршиме притисок врз сите институции да се продолжи кон целосна дигитализација која е неопходна за работењето во иднина, - истакна директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски. Генералниот секретар на Светската царинска организација, Кунио Микурија во име на Меѓународната царинска заедница, додели Сертификат и на Стопанската комора на Македонија, за давање на исклучителни услуги. В.д. извршниот директор на Комората, Билјана Пеева-Ѓуриќ, истакна дека овој сертификат е уште една потврда за успешната соработка со Царинската управа во изминатиот период, а ваквиот тренд на соработка и храбри чекори ќе продолжат и во иднина. Денот на Царината беше одбележан и со доделување награди за успешно работење и на неколку царински службеници, а добитник на Признание за придонес кон развојот на Царината е и компанијата „Фершпед" од Скопје.

**28.1.2020**

## КОФИНАНСИРАНИ ГРАНТОВИ ЗА ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ ПРЕЗЕНТИРАНИ ВО ШТИП




Регионалната комора со седиште во Штип во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој пред компаниите членки на Комората го презентираше Инструментот за поддршка - Кофинансирани грантови за технолошки развој.
Претставниците на Фондот за иновации и технолошки развој пред компаниите во Штип ги презентираа условите и начините за аплицирање за добивање финансиски средства, кофинансирани грантови за технолошки развој. При тоа беше посочено дека повикот е наменет за микро, мали и средни компании, како и за приватни здравствени установи до 250 вработени и не повеќе од 10 милиони евра годишен приход кои се регистрирани во земјава без разлика на нивната сопственост и Фондот ќе покрива до 30 отсто од инвестицијата, а останатите 70 отсто ќе треба да ги обезбеди апликантот од сопствени средства или од други извори.

**29.1.2020**

## ОКРУПНУВАЊЕ ИЛИ ЗДРУЖУВАЊЕ ЗА ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ НА ПРОИЗВОДИ ОД ДРВНАТА И ГРАФИЧКАТА ДЕЈНОСТ



Дваесет и три производи од дрвната и графичката индустрија и од производството на мебел имаат компаративна предност за извоз, покажува Анализата на Стопанската комора на Македонија за идентификација на развојните можности за извозна диверзификација со фокус на наведените дејности. Од оваа бројка, 17 производи се мапирани како стратешки извозни производи во индустријата за дрво, мебел и графичката индустрија.
Анализата покажува дека вкупниот извоз на мебел, на дрвната и графичката индустрија на годишно ниво е 51,4 милиони евра, со незначително процентуално учество во вкупната извозна структура од само 0,89%. Токму поради тоа, а согласно потенцијалите и компаративните предности на македонските производи, Анализата упатува на фактот дека е неминовно окрупнување или здружување на



компаниите, за заеднички настап на странските пазари и поттикнување на извозните активности.
Инаку, компаниите од дрвната и графичката индустрија и издавачката дејност одржаа Конститутивна седница на новоформираното Здружение во Комората, на која се утврдија активностите за работа, беа усвоени и Предлог-правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението. Членките дискутираа и за актуелните состојби и проблеми во работењето на компаниите, со посебен осврт на дефинирањето на приоритетите за делување во 2020 година.

**29.1.2020**

## ПРЕДИЗВИЦИТЕ ПРЕД ДОМАШНАТА ТУТУНСКА ИНДУСТРИЈА ВО 2020 ГОДИНА



Како резултат на поволните климатски прилики се очекува одличен квалитет и за дваесетина проценти повисок род на суров тутун во лист од реколтата 2019/2020 година.
Откупот согласно новите законски одредби е при крај, наредниот период ќе биде неизвесен во поглед на откуп на договорените количини. Вкупно годинава се договорени 26.300 тони на 13.026 хектари површина. Се поставува прашање, уште колку точно има неоткупен тутун??

**31.1.2020**

## ПОДДРШКА НА КОМПАНИИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ ИЗВОЗНО КОНКУРЕНТНИ ПРЕДНОСТИ



Според Анализата на Стопанската комора на Македонија за идентификација на развојните можности за извозна диверзификација, со фокус на хемиската индустрија и сродните на неа индустрии, во овие дејности, 161 извозна компанија извезуваат производи во вкупна вредност од 1.366 милиони евра, од кои други производи на хемиската индустрија во вредност од 1.269 милиони евра, производи од гума и пластика во вредност од 106 милиони евра, фармацевтски производи во вредност од 88,4 милиони евра, неоргански производи вредни 7.4 милиони евра и органски производи во вредност од 1.248 илјади евра. Студијата покажува дека 52 производа се со компаративна предност во производството и извозот, при што беа презентирани мапираните стратешки извозни производи од хемиската и сродни на неа индустрии (вклучувајќи ја фармацевтската индустрија).

**03.2.2020**

## ОПТИМИЗАМ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО И СОРАБОТКА СО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИОТ СЕКТОР ЗА ПОГОЛЕМА КОНКУРЕНТНОСТ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО




Актуелните состојби во градежништвото и потребата од продлабочена соработка помеѓу научно-истражувачкиот и реалниот градежен сектор во насока на креирање поголема конкурентност и додадена вредност во работењето на градежните компании беа тема на одржаната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија.
Со цел зголемување на конкурентноста на градежниот сектор и креирање поголема додадена вредност во работењето на компаниите-членки Здружението потпиша меморандуми за соработка со четири научно-истражувачки асоцијации – Друштвото на градежни конструктори, Друштвото за патишта, Друштвото за геотехника и Здружението „Македонски комитет за големи брани".

**03.2.2020**

## ИЗМЕНА НА ЕВРОПСКАТА ДИРЕКТИВА – ЕДИНСТВЕН НАЧИН ЗА ЗАШТИТА ОД ФАЛСИФИКУВАН МЕД НА ПАЗАРИТЕ



Домашните производители на мед бараат поголема контрола од страна на пазарните инспектори на медот кој се продава во маркетите. Со овој проблем пчеларите во нашата држава се соочуваат неколку години откако во државата беше увезено поголемо количество на кинески мед. Дури 80 отсто од медот што се продава низ маркетите во државата е фалсификат или неквалитетен кинески мед. Државата со овој проблем се соочува веќе подолго време кој сега се актуелизира со барањето на Словенија до Европската комисија за промена на Директивата за означување на медот..

**04.2.2020**

## 12-та седница на УО на Регионалната комора со седиште во Битола



Регионалната комора со седиште во Битола, на 04.02.2020 година ја одржа својата 12-та седница на УО на која свое присуство и обраќање имаше и претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески кој се осврна на моменталните состојби на економијата во регионот, државата и Западниот Балкан.

Дневниот ред се фокусираше на извештајот за работа за 2019 година и предлог програмата за активностите во 2020 година на Регионалната комора со седиште во Битола.

**05.2.2020**

## РАБОТНА СРЕДБА НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА СО РАКОВОДСТВОТО НА ВМРО ДПМНЕ



Во насока на продолжување на добрата практика за унапредување на јавно-приватниот дијалог и презентирање на приоритетите на економските програми на политичките партии во пресрет на изборните процеси, во Стопанската комора на Македонија се одржа работна средба на претставници на бизнис-заедницата со лидерот на ВМРО–ДПМНЕ, Христијан Мицкоски.
Претседателот на ВМРО–ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, информираше дека економската програма на партијата се темели на предвидлива економска политика со вклученост на бизнис-заедницата и дека истата ќе биде комплетирана по одржување на консултации и работни средби со стопанствениците. Говорејќи за приоритетните прашања, тој посебно се осврна на развојот на економијата и владеењето на правото. Стопанствениците покажаа интерес за планираните проекти во делот на инфраструктурата и одредени патни правци од значење за развојот на економијата, пописот како основа за донесување на важни економски одлуки, планираните реформи во делот на правосудството во контекст на обезбедување на владеењето на правото, спречување на корупцијата и други прашања од интерес за бизнисот.

**07.02.2020**

## ЧЕЛИЧНАТА ИНДУСТРИЈА ТРЕБА ДА ИМА ЦЕНТРАЛНО МЕСТО ВО ПРОЦЕСИТЕ НА РЕИНДУСТРИЈАЛИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА





Секторот металургија учествува со речиси 16% во структурата на македонскиот извоз, со вредност од речиси една милијарда евра, но со правилно структурирање на индустриските политики на земјата, импактот на овој сектор во економијата може да биде повеќекратно поголем, беше еден од заклучоците на седницата на Здружението на металургијата при Комората, одржана на 5.02.2020 година.
На седницата, Ацо Попоски, од компанијата „Железник челичен лив и гранулат" од Демир Хисар, беше избран за претседател на Здружението, а Иван Бановски од „Макстил" АД - Скопје, Тодорка Ристовска од „Арцелормиттал" АД - Скопје и Симон Темелков од „Еуроникел Индустри" - Кавадарци за заменици-претседатели на Здружението во следниот петгодишен мандат.

**18.2.2020**

## ДЕВЕДЕСЕТ И ОСУМ ГОДИНИ СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА




Во присуство на голем број стопанственици, претставници на државните институции и на дипломатскиот кор, Стопанската комора на Македонија ја одбележа деведесет и осум годишнината од работењето и децениските заложби за унапредување на деловниот амбиент во земјата и развојот на македонското стопанство.
-Колкава е тежината и моќта на Стопанската комора на Македонија во развојот на економијата покажува бројноста и посетеноста на настанот, истакна претседателот Бранко Азески, изразувајќи очекување дека при одбележувањето на столетието на Комората бројноста и присутноста на членките ќе биде уште поголема.
Традиционално на одбележувањето на деведесет и осум годишнината на Комората беа доделени награди и признанија на реномирани компании-членки кои со своите активности ја обележаа 2019 година и кои долги години придонесуваат за коморското работење и за развојот на македонското стопанство.








Во рамки на одбележувањето на годишнината беше претставена и соработката на Комората со Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) во однос на прашањата за зајакнувањето на трансформациските потенцијали на македонската и на регионалната економија.




19.2.2020

# ИНВЕСТИЦИИ ВО КАДАР, ОПРЕМА И МЕНАЏМЕНТ ЗА РАСТ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА




*Панел-дискусија во Стопанската комора на Македонија за различни пристапи за успешно привлекување инвестиции, промоција на извозот и економска интеграција*

Тргнувајќи од определбата на Стопанската комора на Македонија дека извозот е клучот за остварување поголем раст и развој на економијата на земјата, годинава одбележувањето на 98-годишнината на Комората беше во знакот на презентирање на студијата на ОЕЦД за развојот на економиите на Западен Балкан, како вовед во панел-дискусија со истакнати и потврдени домашни претприемачи, експерти и професори. Идејата беше да се отвори дискусија и дебата: како земјата може да поттикне поголем економски раст и развој?

Студијата констатира дека за да може една земја да биде конкурентна треба да извезува високотехнолошки производи. Бруто домашниот производ е зависен од комплексноста на производите. Колку е комплексноста поголема, толку и можноста за раст на БДП е пореална. А за тоа колку една земја е развиена говори структурата на нејзиниот извоз. Во Македонија доминира традиционално производство, но присутно е и производство на комплексни производи со висока додадена вредност, наменети за извоз.





Но, што е тоа што може да се промени и нашата земја самостојно но и заедно со земјите од регионот да поттикнат поголем економски раст - беше прашање за

учесниците во панел-дискусијата која ја водеше м-р Зоран Јовановски од Стопанската комора на Македонија, а во која учество земаа проф. д-р Кочо Анѓушев, „Брако“ Велес; Александар Гечев, „ИГМ Трејд“ Кавадарци; Никола Деребанов, „Перминдекс“ Градско; Боријан Борозанов, „Аптив Македонија“ Скопје, проф. д-р Ирена Кикеркова, Економски факултет при УКИМ – Скопје; проф. д-р Дарко Лазаров, Економски Факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.





**19.2.2020**

## ИТАЛИЈА ИМА ТАРГЕТИРАНИ ДЕЈНОСТИ ЗА СОРАБОТКА СО РС МАКЕДОНИЈА

Во рамките на серијата компаративни анализи за економскиот напредок на нашите клучни трговски партнери, во Стопанската комора на Македонија се одржа прес-конференција на тема: „Потенцијалите за унапредување на економската соработка со Република Италија“ - земја со која традиционално имаме одлични односи како на политичко, културно и на економско ниво. Со голем потенцијал за деловна соработка, без притоа да постојат пречки на патот за поинтензивна соработка на сите нивоа, за отворен дијалог, како и волја за реализација на тоа што би било договорено - потенцираше Антони Пешев, претседавач со Собранието на Стопанската Комора на Македонија. Продлабочувањето на економската соработка помеѓу Македонија и Италија е одлична можност од чија реализација корист би имале двете земји, а притоа, важна поткрепа дава одличната политичка меѓусебна соработка. Тоа е првиот пробив на отворање на портите кон заедничкиот европски пазар за земјите од Западниот Балкан, што ќе да придонесе за значително зголемување на економскиот раст на државите од регионот.

Н.Е Карло Ромео, амбасадор на Република Италија во Република Северна Македонија, потенцираше дека за добрата соработка меѓу двете земји не говорат само бројките, туку и успешните бизнис-приказни реализирани во повеќе индустрии, што е овозможено благодарение на повеќето иницијативи врз основа на билатералните договори меѓу двете земји. Република Италија е значаен трговски партнер на Република Северна Македонија и перманентно се наоѓа на листата од првите пет земји со кои Македонија има најголем обем на трговска размена и деловна соработка. Извозот на Северна Македонија кон Италија, во 2019 година, изнесува 173,8 милиони евра и истиот е намален за 5,6% во однос на 2018-тата, додека увозот од Италија во земјава е 471,1милиони евра. Италија е една од ЕУ-земјите којашто на Македонија и` дава целосно разбирање и поддршка во начинот на подобрување на економијата и продлабочување на билатерлната соработка во бизнис-секторот, за што говорат и големиот број странски инвестиции од Италија во Македонија, особено во последните десетина години.

**21.2.2020**

## Перспективите на текстилната и на кожарската индустрија и потребата од зголемување на продуктивноста




Текстилната и кожарската индустрија во Република Северна Македонија се од особено значење, како по бројот на вработените, така и според извозот каде во овој сектор особено дојдоа до израз претприемничките иницијативи, кои создаваат солидна материјална основа и претставуваат едни од водечките преработувачки индустрии во земјава со значителни резултати во формирањето на БДП. Делот од анализата на Стопанската комора на Македонија за идентификација на развојните можности за извозна диверзификација, со фокус на текстилната и кожарската индустрија ја презентираше проф. д-р Дарко Лазаров, информирајќи дека, согласно потенцијалите и компаративните предности на македонските производи, анализата упатува на фактот дека е неминовно преструктурирање на производството во овие дејности, модернизација и автоматизација на целокупниот производствен процес, како и производство на производи со повисока додадена вредност.

Претседателот на Здружението на текстилната и кожарската индустрија, Ангел Димитров, потенцираше дека оваа индустрија во Македонија во последните години е во тешка ситуација, а тоа е резултат на повеќе услови. Прво, има недостаток на млад и стручен кадар кој би работел во оваа дејност, второ, проблем е големото иселување на населението од државава, како и покачувањето на платите кое не кореспондира со нивото на продуктивноста во оваа дејност. Со последното покачување на минималната плата таа ќе изнесува 58% од просечната плата на ниво на државата, а 80% од просечната плата во текстилниот сектор. Затоа компаниите во наредниот период ќе мора постепено да се приспособуваат и да се преструктуираат во своето производство и начин на работење, да ја зголемат продуктивноста во нивното работење, кој процес секако ќе бара инвестиции во неколку области, почнувајќи од човечки ресурси, нивна едукација, потоа модернизација на производниот процес (квалитетна организација на производството), па се` до обезбедување средства за набавка на основен и помошен материјал, - истакна Димитров.

**27.2.2020**

## СТОПАНСТВЕНИЦИТЕ ОД КАВАДАРЕЧКИОТ РЕГИОН НА РАБОТНА СРЕДБА СО УЈП




На средбата со првиот човек на УЈП, Сања Лукаревска и со нејзините соработници се разговараше за примената на Законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на платата и за даночните олеснувања и ослободувања

пропишани со Законот за данокот на добивка.
Во текот на дискусијата беше истакнато дека мерката за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на платата, во кавадаречкиот регион (Регионална дирекција на УЈП - Прилеп) ја искористиле околу 2850 компании за 14.890 вработени во вредност од околу 43 милиони денари.
Во делот на даночните олеснувања беа споменати повеќе мерки кои беа од интерес на присутните, додека за новините во работењето на Управата, се кажа дека посебен акцент се дава на реинженеринг на деловните процеси, особено целосна замена на ИТ-системот, обуки на вработените за изготвување биланс на успех и завршни сметки и др.

**03.3.2020**

## КОНЦИЗНИ И НЕДВОСМИСЛЕНИ ПОДЗАКОНСКИ АКТИ СЕ ПРЕДУСЛОВ ЗА НЕПРЕЧЕНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ




Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржа работна средба со претставници на Министерството за транспорт и врски и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, на којашто предмет на дискусија беше новиот Закон за урбанистичко планирање. Компаниите се интересираа за практичната имплементација на одредени одредби од Законот за урбанистичко планирање, завршувањето на веќе започнатите постапки за донесување на плановите и планските документации, пропишаните рокови и надлежностите за издавање на потребните мислења при донесување на плановите и други прашања.

**05.3.2020**

## ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ЗА ПРЕДЛОГ- ПРАВИЛНИКОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Предмет на дискусија и појаснување на работната средба беа повеќе прашања уредени со Законот и Предлог-правилникот за урбанистичко планирање, меѓу кои видовите на урбанистичка документација во делот на инфраструктурата и постапките за нејзино изготвување и донесување, класификацијата на градби, содржината на документационата основа за изработување на плановите, започнување на примената на новиот систем за е-урбанизам и други

**10.3.2020**

## МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ШТЕТИТЕ ОД КОРОНА ВИРУСОТ ВРЗ ТУРИСТИЧКО УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР




Стопанска комора на Македонија (Здружение на угостителството и туризмот), Туристичко-угостителска комора на Македонија (Сојуз на стопански комори на Македонија), Стопанска комора за туризам на Македонија - СКТМ, Здружението на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови - ХОТАМ и Националната асоцијација за дојдовен туризам - НАИТМ организираа прес-конференција на тема: „МЕРКИ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ШТЕТИТЕ ОД КОРОНА ВИРУСОТ ВРЗ ТУРИСТИЧКО УГОСТИТЕЛСКИОТ СЕКТОР"

**13.3.2020**

## ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА НА СРЕДБИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА



По состанокот со домашните дистрибутери и претставниците и на големите маркети, одржан на 17.03.2020 година, денес во Министерството за економија, на иницијатива на ресорниот министер беше одржан состанок со претставници од прехранбената индустрија. На истиот, учество земаа претставници од поголемите компании од овој сектор, како и министерот за економија, министерот за финансии, директорот на Царинската управа и директорот на Државниот пазарен инспекторат.

**19.3.2020**

## КОМОРАТА КАКО ЛИНК НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА СО ВЛАДАТА ЗА ЗГОЛЕМЕНА КООРДИНАЦИЈА И МИНИМИЗИРАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КРИЗАТА



Стопанската комора на Македонија, активно ја следи вонредната ситуација и во таа насока денес беше одржана средба на претседателите на Здруженијата според дејности при Комората со вицепремиерката задолжена за економски прашања и координација со економските ресори Мила Царовска, со цел запознавање со актуелните проблеми со кои се соочуваат различните сектори во економијата погодени од моменталната ситуација.Вицепремиерката Царовска, потенцираше дека во моментот најважно е да се следат препораките од Владата и со заеднички сили да се намалат економските импликации врз македонското стопанство и за таа цел продолжува непрекинатата соработка со Стопанската комора на Македонија, со која се комуницира на дневно ниво.

Согласно покренатите прашања од Комората, во врска со добивање на дозволите од надлежните институции за обезбедување на непречено движење на возачите на камиони заради обезбедување на потребните репроматеријали и стоки за компаниите, во текот на денешниот ден Владата на РСМ, по покренатото барање од Стопанската комора на Македонија ќе овозможи товарните возила непречено да ги поминат граничните премини, а потребните дозволи да им бидат издадени на возачите при повторниот влез во РСМ.И на денешниот состанок од страна на компаниите, акцентот беше ставен на олеснувањето на влез и излез на стоки и репроматеријали кои се неопходни за редовно производство на индустриските капацитети. Затоа се апелира за побрзо воспоставување на коридори и ефикасни протоколи за непречено одвивање на транспортот во целиот регион.

**19.3.2020**

## БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА НА СОСТАНОК СО ЦАРИНСКАТА УПРАВА - ЌЕ СЕ НАПРАВИ СЕ ШТО Е ПОТРЕБНО ИЗВОЗОТ ДА ТЕЧЕ БЕЗ ПРОБЛЕМИ



Приоритет е што поитно да се ослободат коридорите за обезбедување на непречено движење на репроматеријалите, суровините и готовите извозни производи, е пораката од работната средба која Стопанската комора на Македонија ја организираше помеѓу 20-те најголеми извозници во Република Северна Македонија и

директорот на Царинската Управа на РСМ Ѓоко Танасоски.
Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески посочи дека е потребен сеопфатен пристап и решенија кои ќе се носат во од, согласно променливата ситуација. Не знаеме колку ќе потрае ситуацијата, треба сите ресурси да бидат ставени на располагање, ни се случија работи кои досега не се видени во пракса, паѓаат берзи, цели индустрии пропаѓаат, ЕУ доцни со мерките за коридори и заштитни механизми и мора да се знае дека секој е губитник во ситуацијата истакна Азески.
Директорот на Царинската управа на РСМ, м-р Ѓоко Танаскоски истакна дека прехранбената индустрија работи солидно и увери дека домашниот пазар ќе биде задоволен и нема да се почувствува во следните 3-4 месеци недостаток на основни ресурси. Токму транспортните проблеми се во фокусот на Царинската Управа. Ги следиме случувањата и на ниво на ЕУ и ЦЕФТА и се координираме , со цел да се обезбеди зелен коридор за непречен проток на медицински и прехранбени производи, но и репроматеријали потребни за целата индустријата. Се координираме со царинските управи од земјите во регионот, обврзувајќи се за непречено функционирање на компаниите. Транспортот е голем проблем, особено професионалните возачите. Се обидуваме да бидеме медијатор помеѓу мерките за здравство и барањата на компаниите, да изнајдеме решение и да се избегне карантинот од 14 дена за возачите, истакна Танаскоски.




Стопанствениците апелираа дека стопанството е соочено со еден од најголемите предизвици, и мора да се преземаат големи мерки, макар тие биле и нестандардни, за да се обезбеди непречено работење. Мора да се реагира брзо за поддршка на целиот приватен сектор, а не само на секторите кои досега се погодени. И покрај поединечните проблеми со кои се соочуваат сите чинители на домашната економија, потребно е да се најде заедничко решение како да се зачуваат работниците, кои стопанството и онака тешко ги наоѓа, и максимално да се помогне во вакви услови во кои владее неизвесност и страв помеѓу луѓето.




**27.3.2020**

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТАТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА ЗА ВРЕМЕ НА ПРОГЛАСЕНАТА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

За време на прогласената вонредна состојба во РС Македонија поради пандемијата со КОВИД-19 беа превземени повеќе мерки и активности за поддршка на претпријатијата од подрачјето на Битола и битолскиот регион. Регионална комора со седиште во Битола одржуваше online и телеофнска координација со претседателот Мирко Велковски и со повеќе претпријатија од битолскиот регион со цел олеснување на работењето на стопанството во оваа сложена ситуација.

**23.4.2020**

## СО МЕРКИТЕ НА АСО, ПОГОЛЕМА ФЛЕКСИБИЛНОСТ И ОЛЕСНУВАЊЕ ВО РАБОТАТА НА ОСИГУРИТЕЛНАТА ИНДУСТРИЈА



*Ѓорѓе Војновиќ, Претседател на Групацијата на осигурување при Стопанската комора на Македонија*

Групацијата на осигурување при Стопанската комора на Македонија ги поздравува мерките што беа донесени од страна на Советот на експерти при Агенцијата за супервизија на осигурување. Пакетот мерки, донесени на 15.4.2020 година од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, претставува навремен и соодветен одговор од страна на регулаторот со цел ублажување на зголемените ризици во работењето на осигурителните компании, кои произлегуваат од условите предизвикани од пандемијата КОВИД-19.

Овие мерки овозможуваат поголема флексибилност, олеснување и континуитет во работењето на осигурителната индустрија во овие вонредни услови на пандемија, кои влијаат на сите аспекти на економскиот и социјалниот живот. Дополнително, донесените мерки придонесуваат и ги штитат правата и интересите на осигурениците, кои се нашиот примарен фокус. Иницијативата за воведување на привремените мерки произлезе од навременото скенирање на променетите услови на работа од страна на регулаторот, како и заложбите на Групацијата на осигурување при Стопанската комора на Македонија.

**25.4.2020**

## ГРУПАЦИЈАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕСО И ПРЕРАБОТКИ ОД МЕСО ДОНИРАШЕ СРЕДСТВА ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРОНА ВИРУСОТ КОВИД-19



Домашните преработувачи на месо, организирани во рамките на Стопанската комора на Македонија, ја поддржаа борбата против Корона вирусот Ковид-19 со донација до Министерството за здравство. Средства во висина од 900.000 денари беа уплатени на посебната сметка на ресорното министерство за справување со состојбата поврзана со Корона вирусот Ковид-19 во земјата. На овој начин, членките на Групацијата за производство на месо и преработки од месо при Комората ја потврдуваат општествената одговорност, докажувајќи дека се подготвени да придонесат во општественото живеење паралелно со поддршката што ја добиваат преку автономните мерки за бесцарински увоз на замрзнато свинско месо.

**08.5.2020**

## ВЕБИНАР ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД-19 ВРЗ ОСИГУРИТЕЛНИОТ БИЗНИС

Во услови на активни мерки за борбата против пандемијата и со отежнати услови на нормално функционирање и работење, целта на еден ваков значаен семинар со учество на еминентни странски говорници е запознавање на субјектите со моменталните последици и идните предизвици од влијанието на Ковид-19 врз осигурителниот сектор.

Како што беше истакнато на настанот, брзото и глобално ширење на Ковид-19 и преземените чекори за намалување на последиците од пандемијата, имаат значително влијание врз глобалната економија и врз финансиските системи. Осигурувањето има значајна улога за време на пандемијата, обезбедувајќи заштита на поединци, домаќинства и деловни субјекти.

Друштвата за осигурување се изложени на ризици од двете страни на нивните биланси: на страната на обврските поради поголемата фреквенција и обем на настанати штети, како и поради промената на каматните стапки, додека активата е под силно влијание на волатилноста на финансиските пазари. При тоа, регулаторните тела кои спроведуваат супервизија над субјектите на осигурување треба да бидат будни во однос на финансиското здравје и оперативната ефикасност и издржливост на истите, со цел да обезбедат соодветна заштита на осигурениците и одржување на стабилност на целокупниот финансиски систем.

**14.5.2020**

## ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА



Членовите на Собранието дискутираа за актуелната состојба, стратешките правци на Комората, а се изгласа и новиот состав на Управниот одбор

Претседавачот на Собранието, Антони Пешев се осврна на работењето на Комората во изминатите два месеца, истакнувајќи го работењето на формираниот Кризен штаб составен од менаџментот на Комората, кој 24/7 беше контакт-точка на компаниите за добивање информации поврзани со нивното работење во услови на вонредна состојба, за примена на мерките и препораките за спречување и ширење на корона вирусот, информации за економските мерки, со што се регистрирани преку 2.500 јавувања.

- На база на расправите што ги имавме со органите и телата на Комората и со примена на светските искуства продолжуваме со заложбите да се позиционираме како Комора на иднината, да станеме економски информатор, партнер, помошник, советник на компаниите и нивен промотор во земјата и во странство и успешно да одговориме на предизвиците на новото време, - посочи во своето обраќање претседателот на Комората, Бранко Азески.

Пред новиот состав на Собранието, претседателот Азески потенцираше дека Стопанската комора на Македонија во изминатиот период спроведе процес на суштинска трансформација, а од дискусиите беше утврдено дека во фокусот на идното работење на Комората треба да бидат вклучени покрај традиционални коморски активности, специфични активности што го прошируваат класичниот коморски ангажман и Комората ја ставаат во улога на консултант, во согласност со современите потреби и барања на бизнис заедницата, како и активности за позиционирање на Комората како линк помеѓу образовните институции и деловниот сектор, во насока на обезбедување квалификуван кадар согласно потребите на компаниите.

Согласно дадениот мандат од Собранието на Комората и по спроведените консултации и изнесените предлози од облиците на организирање и работење во рамки на Комората, а во насока на унапредување на ефикасноста на работењето, остварувањето на посочените стратешки приоритети во работењето на Комората во идниот период, а воедно и обезбедување на претставување на различни сектори и дејности во органите и телата на Комората, претседателот Азески го предложи, а Собранието на Комората го избра новиот состав на Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија. Од 23-те члена, 15 се претставници на големи индустриски капацитети кои се од редот на најголемите извозници во македонската економија, 2 се претставници на градежниот сектор, додека преостанатите се претставници од областа на услужниот сектор, односите со јавност и корпоративни комуникации, како и од научната јавност и меѓународните организации.

На седницата, која се одржа во х. „БЕЛВИ“ – Скопје со оглед на актуелната здравствена состојба со импликации врз економијата, пред присутните стопанственици се обрати министерот за здравство, д-р Венко Филипче, кој пред се` се заблагодари на донациите на компаниите кои го помогнаа здравствениот буџет за надградба на опременоста и инфраструктурата на здравствените установи.
- Здравствената криза, посочи министерот Филипче, ќе трае, а прашањето за последиците врз економијата ќе го оставам на експертите, кое треба да се темели пред се` на стратешките препораки за заштита на здравјето на населението.

**20.5.2020**

## ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ВЛЕГУВААТ ВО КРИТИЧЕН ПЕРИОД, НЕОПХОДНА Е ПОДОЛГОРОЧНА СИСТЕМСКА ПОДРШКА



Во рамки на Проектот на УСАИД Партнерство за подобра бизнис регулатива беа презентирани клучните наоди од „Студијата за ефектите предизвикана од КОВИД-19 врз туристичко угостителскиот сектор, со препораки за справување со економските ефекти“. Следува долг и многу тежок процес, а можни се две сценарија. Според првото, ако кризата заврши до крајот на оваа година, зависно од ефектот на економските мерки што ќе бидат преземени, отпуштени би биле од работа 2.000 – 12.000 лица, падот на приливот од туризмот ќе биде преку 200 милиони долари или над 50 отсто од планираните проекции, а опоравувањето (што подразбира враќање на нивото од 2019 година) би било во 2023 година. Според второто сценарио, пак, ако кризата трае и по 2020 година, ќе згаснат 4.000 – 20.000 работни места, падот на приливот ќе биде преку 80 отсто, а опоравувањето може да се очекува во 2027 година.
Истражувањето го спроведоа Стопанска комора на Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии - МАСИТ и Сојуз на стопански комори на Македонија и консултантската куќа ЕПИ ЦЕНТАР Интернационал од Скопје имплементатор на проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива“.

**27.5.2020**

## ПРЕД ТЕКСТИЛНИТЕ КОМПАНИИ ПРЕТСТАВЕНА ИДЕЈАТА ЗА ДИГИТАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НОВИ ПАЗАРИ



Во третиот пакет економски мерки за нова развојна македонска економија во делот на Директна поддршка за македонското стопанство, предвидена е финансиска подршка од 1 милион евра, за изготвување на дигиталната платформа на текстилните и кожарските компании за пласирање на своите производи на нови пазари - истакна министерката за финансии д-р Нина Ангеловска на денешниот состанок пред претставниците на Здружението на текстилната и кожарската индустрија при Стопанската комора на Македонија. Текстилните и кожарските компании, кои претежно работат лон производство и има празен простор за зголемување на производството и асортиманот на производи наменети за извоз, преку оваа мерка се нуди да се помогне за побрз излез и освојување на странските пазари. Преку оваа платформа ќе се направат напори овие индустрии да се модернизираат, дигитализираат, извозно ориентираат, да се додаде вредност, и да освојувааат нови пазари со директна продажба до крајните корисници, а со тоа ќе ја зголемат конкурентноста и ќе можат да достигнат во изнаоѓање на нови потрошувачи.Идејата и мерката што се предлага е добра, и истата повеќе ќе им помогне на оние текстилни и кожарски компании кои се занимаваат со класично производство т.е изработуваат готов производ, но истата таа дигитална платформа ќе мора да се доразработи, да се види кои компании ќе може преку истата да се промовираат, кои услови компаниите треба да ги исполнуваат, кои се очекувањата во наредниот период и со кои странски партнери или стански пазари ќе соработуваат – истакна Ангел Димитров.

**09.6.2020**

## ВИЦЕПРЕМИЕРКАТА ЦАРОВСКА ВО ПОСЕТА НА ОФИЦЕРСКИОТ ДОМ ВО БИТОЛА



Заменичката на претседателот на Владата задолжена за економски прашања и координација со економските ресори Мила Царовска денес во Битола заедно со градоначалничката на Општина Битола, Наташа Петровска извршија увид во текот на градежните работи на потпроектот „Реконструкција на Офицерскиот дом во Битола".

Потпроекот е дел од Проектот за локална и регионална конкурентност, финансиран од Владата на Република Северна Македонија и Европска Унија, што се рализира во соработка со канцеларијата на Светската банка. Партнери во проектот се Општина Битола и Стопанска комора на Македонија.

**12.6.2020**

## НАДМИНАТИ И ПОСЛЕДНИТЕ ДИЛЕМИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА ПЛАТЕЖНА КАРТИЧКА



Членки на Стопанската комора на Македонија на средба со министерката за финансии, Нина Ангеловска
Здружението на трговијата при Стопанската комора на Македонија одржа работна средба на која беа разгледани забелешките доставени до Владата на РСМ и надлежните институции во врска со Уредбата со законска сила за финансиска поддршка преку издавање на домашната платежна картичка. На истата учествуваа и министерката за финансии, Нина Ангеловска, директорот на Државниот пазарен инспекторат, Стојко Пауновски, со нивните работни тимови, како и претставници на Управата за јавни приходи.

**19.6.2020**

## ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ЗА НОВИ МЕТОДИ И ТЕХНОЛОГИИ ПРЕКУ ФОНДОТ ЗА ИНОВАЦИИ




Стопанската комора на Македонија во соработка со Фоднот за иновации и технолошки развој, организираше „Онлајн"-презентација на *Инструментот за кофинансирани грантови за технолошки развој за надминување на последиците од КОВИД-19.*
- Овој инструмент е наменет за брзо економско заздравување со кој се воведува иновативен механизам на финансирање, преку доделување средства на конкуретна основа, со однапред познати критериуми и повраг од остварените финансиски резултати, но не по цена на опстанок на компаниите и работните места, - истакна Јован Деспотовски, директор на ФИТР. Тој додаде дека интересот за Инструментот е голем и досега се пристигнати над 1600 апликации за истиот.

Целта на Инструментот е да се обезбеди финансиска поддршка за технолошки развој на микро, мали и средни претпријатија и приватни здравствени установи (ПЗУ) за надминување на последиците од КОВИД-19. Доколку претпријатијата погодени од КОВИД-19 воведат нови методи и технологии во своето работење и мерки за заштита на здравјето на вработените и клиентите, тие можат да одржат задоволително ниво на продуктивност, да генерираат приходи преку нови канали на продажба, да воведат нови производи или услуги кои ќе одговорат на промените во побарувачката.

**22.6.2020**

## СО КОНКРЕТНИ ПРИМЕРИ ЗА ПОДДРШКА НА КОМПАНИИТЕ ОД ИНДУСТРИЈАТА



Испорачана опремата за лабараторија за испитување на печки на палети во Раде Кончар ТЕП набавена во рамки на проектот Технолошка екстензија Стопанската комора на Македонија преку Инструментот на Фондот за поддршка на кофинансирани грантови за технолошка екстензија обезбеден од Светска банка во рамки на проектот „Зголемување на извозната конкурентност на металопреработувачкиот, електро и машинскиот сектор преку подобрување на производните и технолошките способности на извосно ориентираните МСП", ја реализираше првата набавка и инсталирање на софистицирана и модерна опрема за лабараторија за испитување за печки на пелети во компанијата Раде Кончар ТЕП, со што низ конкретени примери ги спроведовме нашите определби за континуирана наша подготвеност да ги ставиме на располагање сите наши капацитети во функција на поддршка на компаниите.

**23.6.2020**

## НОВАТА РАМКА ЗА ПРЕГОВОРИ СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА – ПРЕДИЗВИК ИЛИ ПРЕЧКА ЗА БИЗНИСОТ



Согласно новата Методологија за пристапни преговори, поглавјата по кои досега преговараше Европската комисија со другите земји се групирани во 6 (шест) кластери, од кои 4 (четири) се директно поврзани со компаниите и македонската економија, за што е неопходно максимално можно вклучување на бизнис заедницата од самиот почеток на преговорите како би можеле да помогнат во процесот со своја експертиза во донесување на клучните одлуки во текот на преговорите, пред се` затоа што се и директно засегнати од исходот на тие преговори и тие се чинителите кои треба да ги транспонираат сите договорени правни акти поврзани со нивното работење.

Стопанската комора на Македонија во континуитет ќе информира за текот на преговорите, континуирано консултирајќи ги компаниите за сите новини и промени кои ќе бидат тема на преговорите и континуирано ќе инсистира на поголема вклученост на бизнис секторот во преговорите.

Клучната новина која радува во зајакнатата рамка за преговри со Европската унија е фактот дека паралелно со отворање на поглавјата ќе се отвораат и европските фондови за аплицирање на проекти кои треба да им помогнат пред се` на компаниите да се усогласат преку проекти со новите стандарди, правила или да се приспособат на економските критериуми, како со европските, така и со интернационалните стандарди.

**28.7.2020**

## НАМАЛЕНИ ПОВРШИНИТЕ ПОД ПЧЕНИЦА, ТУТУН И ДОМАТИ, ПАД И НА БРОЈОТ НА ДОБИТОКОТ

Намалени се површините под пченица, тутун и домати, намален е бројот на добитокот, намалено е и производство на сите видови месо освен свинското, покажува статистиката. Според публикацијата „Северна Македонија во бројки" што ја објави Државниот завод за статистика, зголемување бележат само јаболката и виновата лоза, но приносот варира. Просечниот принос на пченицата изнесувал 3.076 килограми на хектар во 2009 година, 3.755 во 2014-та и 3.485 килограми на хектар во 2019 година. Слична е состојбата и кај јачменот чиј принос бил 3.010 килограми на единица површина во 2009 година, 3.719 во 2014-та и 3.151 килограми лани.

**30.7.2020**

## Поддршка на извозот на домашните компании во услови на КОВИД-кризата



Имајќи ја предвид улогата на бизнис-заедницата како двигател на домашната економија, членките на Клубот на извозници при Стопанската комора на Македонија оствариja работна средба со директорот на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РС Македонија, Арбен Виља и со неговиот тим, со цел дефинирање на приоритетните активности за креирање политики за зголемување на извозот според потребите на компаниите, согласно настанатата ситуација поради здравствено-економската криза.

„Поради настанатата криза со коронавирусот, повеќето планирани саемски манифестации до крајот на 2020 година и почетокот на 2021 година се откажани, со што се јавува потребата за пренамена на средствата планирани за поддршка на извозните активности на домашните компании", - истакна претседателот на Клубот на извозници, Глигор Цветанов. Тој додаде дека во наредниот период компаниите своите активности ќе ги насочуваат кон дигитализација на процесите и зголемување на конкурентноста користејќи „онлајн" – алатки за промоција и продажба на производите.

**06.8.2020**

## ПОДОБРА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА СО ПРОЕКТИТЕ ЗА ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕНТНОСТ



На Управен одбор на Проектот за локална и регионална конкурентност на кој присуствуваше претставникот на Европската комисија Никола Бертолини, претставници од Светска банка, и од проектната единца, беше разгледан полугодишниот извештај за периодот ноември 2019- јуни 2020 година за динамиката на реализацијата на проектите со кои треба да се унапреди туристичкиот сектор во државата. Според извештајот досега се потпишани договори за вкупно 61 проект, 25 се целосно реализирани, а 36 се во тек на реализација. Меѓу позначајните проекти се: целосна реконструкција на Офицерскиот дом во Битола, каде Стопанската комора на Македонија е партнер во реализација на истиот за зголемување на туристичката видливост на објектот.
Вкупниот Буџет на проектот е 22.914.925 евра.

**18.8.2020**

## ПОДДРШКАТА НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО ПРОДОЛЖУВА



Претседателката на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, Ана Таневска Ѓорѓиевска и заменик-претседателот, Александар Кузманоски, оствaрија работна средба со министерот за економија, Крешник Бектеши, на којашто се разговараше за проблемите со кои се соочува секторот туризам и угостителство како резултат на здравствено-економската криза предизвикана од КОВИД-19, како и за мерките кои во иднина ќе се преземат со цел намалување на штетите.
-За да се постигне највисоката цел - зачувување на работните места, спречување на социјална криза и одржување на производните капацитети и структури кај претпријатијата од туристичко-угостителскиот сектор, неопходно е продолжување на поддршката на придонесите и платите во овој сектор се’ додека компаниите го исполнуваат основниот критериум согласно уредбата или се’ додека приходите на компанијата се намалени за над 30% во однос на истиот период во 2019 година, констатираше Таневска Ѓорѓиевска.
Во рамки на работната средба, претседателката и заменик-претседателот на Здружението при Комората истакнаа и другите приоритетни барања кои треба да бидат интервентно преземени за поддршка на секторот туризам и угостителство за времетраењето на рестриктивните мерки во меѓународниот проток на патници.

На средбата беше разговарано и за мерките потребни за унапредување на туризмот, со акцент на промена на моделот на категоризација, дигитализација на процесите и на регистрацијата на компаниите од туристичко-угостителскиот сектор заради елиминирање на „сивата" економија и нелојалната конкуренција, подобрување на програмите на едукација (преку формалното и неформалното образование), поддршка на потенцијалните форми на туризам, формирање гарантен фонд за рурален туризам и сл.

**03.9.2020**

## АСОМ: Онлајн обложувањето на домашните веб страници е безбедно, а преку странските забрането и ризично




Асоцијацијата на спортски обложувалници соопшти дека откако во април оваа година Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба со што се овозможува онлајн спортско обложување, играчите можат преку македонски спортски обложувалници да се обложуваат онлајн и безбедно, со сигурна исплата на премиите.

Од друга страна, пак, иако согласно член 19 од Законот за игри на среќа, онлајн обложувањето на странски сајтови е спротивно на законот и ваквиот начин не гарантира безбедност во однос на уплати и исплати, играчите сепак практикуваат онлајн обложување на странски веб страни.

Според некои процени станува збор за одлив од 40 до 50 милиони евра, а ова се средства кои се од значаен интерес за домашната економија, одржувањето и отворањето на нови работни места и инвестиции. Дополнително, оваа Уредба на Владата е воедно и соодветен одговор на Корона кризата која помогна да се зачуваат многу работни места кои директно и индиректно ги одржува индустријата на игри на среќа, како и егзистенцијата на повеќе од 54.000 лица кои целосно или делумно зависат од генерираниот личен доход во целиот синџир на вредности кој го создава оваа индустрија, вели Васко Илијевски, претседател на АСОМ.

**10.9.2020**

## НЕОПХОДНА ПОДДРШКА ОД ДРЖАВАТА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОЛАПС НА ВИНСКАТА ИНДУСТРИЈА ВО ДРЖАВАТА



Економската криза предизвикана од Ковид-19 пандемијата предизвика сериозни пореметувања на глобалниот вински пазар, истовремено нанесувајќи огромни штети врз македонската винска индустрија.

Домашните винарии бележат пад на продажбата на вино на домашен пазар и до 80%, пред сѐ поради намалениот промет во угостителскиот и туристичкиот сектор каде се остварува најголем дел од

потрошувачката на флаширано вино. Дополнително, обидите на големите производители на вино од ЕУ (Италија, Шпанија и Франција) да се ослободат од големите залихи, предизвикаа намалување на цените на виното на клучните извозни пазари, особено на наливното, за повеќе од 25%, што креираше дополнителен притисок за намалување на цената на македонското вино кое се пласира на странските пазари и намалување на вкупниот девизен прилив од извозот на вино.

**16.9.2020**

## СРПСКАТА СТРАНА ПОВТОРНО СО НЕТАРИФНИ БАРИЕРИ ГО ПОПРЕЧУВА ИЗВОЗОТ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




Во последните недели, македонските извозници на вино во Србија се соочуваат со нетарифна бариера. По насоки од релевантните државни органи, фитосанитарните инспектори започнаа да вршат задолжителна анализа на сите вина што во моментот се наоѓаат во пратката (натоварени во возилото). Вината се растоваарат, а примероците се земаат од акредитирана српска лабораторија и се чуваат под дополнителен царински надзор.

**17.9.2020**

## ДОДЕЛЕНИ СЕРТИФИКАТИ ЗА ГРАДЕЖНИТЕ ПРОФЕСИОНАЛЦИ ПРЕКУ ПРОЕКТОТ „ТРАИНЕЕ"



Како дел од Потпрограмата „Енергетска ефикасност" - „Хоризонт 2020", на 18.9.2020 година, во хотелот „Александар Палас", се одржа Конференција каде беа претставени алатките развиени во рамки на Проектот, а кои треба да помогнат во натамошното градење на капацитети и конкурентност во градежниот сектор. Во рамките на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење" (ТРАИНЕЕ) (http://trainee-mk.eu/), беа доделени сертификати за поседување знаење, вештини и компетенции за проектирање и инсталирање фотоволтаични и сончеви термални колекторски системи, за БИМ, како и сертификати за кандидатите кои успешно завршија процес на идентификување, документирање и препознавање на претходните знаења и вештини.

Преку Проектот, изработена е Методологија за евалуација на градба во користење (Post Ocupancy Evaluation), која претставува систематски процес кој служи за обезбедување повратни информации за одреден објект во периодот на користење. Активностите вклучуваат собирање податоци за употребата и искористувањето на енергијата и водата, како и анкети за комфорот на станарите.

**18.9.2020**

## НАМАЛУВАЊЕ И ОТКАЖУВАЊЕ НА НАРАЧКИТЕ НА СТРАНСКИТЕ ПАРТНЕРИ ВО ТЕКСТИЛНАТА И КОЖАРСКАТА ИНДУСТРИЈА



Поради пандемијата предизвикана од КОВИД-19 и мерките преземени за спречување на нејзиното ширење, во светски рамки дојде до намалување на побарувачката за текстилни производи, облека и обувки, а секако сето тоа влијаеше на намалување на глобалното производство. Во изминатиов период домашните компании успеаја да ги намалат негативните влијанија предизвикани од кризата поради корона вирусот и да го одржат бројот на вработени, каде намалувањето на нарачки во индустријата за облека во делот на модни производи беше компензирано со преориентирање на производство на заштитни маски и друга заштитна облека, за која се јави поголема побарувачка. Развојот на настаните и последиците предизвикани од КОВИД-19 пандемијата во следните неколку месеци ќе бидат одлучувачки за опстанокот на овие индустрии, каде најавите за намалување и откажување на нарачките од странските партнери е предизвик со којшто компаниите ќе треба да се соочат и справуваат во следниот период.

Според проценките и секојдневните контакти со текстилните и кожарските компании, кои се базирани на најавите на странските купувачи, за следниот период се очекува намалување на продажбата на производите кое би се движело помеѓу 40% до 50% во однос на претходните години. Затоа неопходни се дополнителни економски и други релевантни мерки, кои би ги донела Владата во наредниот период, кои ќе овозможат директна финансиска поддршка на овие трудоинтензивни индустриски сектори, поддршка за развој на конкурентноста, автоматизација и дигитализација на одредени сегменти од производниот процес, набавка на нова опрема согласно со промените на пазарот, со цел зачувување на работните места и опстојување на компаниите во наредниот период.

**21.9.2020**

## Еурочемберс ја поддржа одлуката на Советот за конкурентност на Европската унија за целосно функционален европски пазар




Стопанските комори-членки на Еурочемберс (Асоцијацијата на европските стопански комори), го поздравија заклучокот на Советот за конкурентност на Европската унија да се стави фокусот за поддршка на економијата на ниво на единствен европски пазар и поддршка на малите и средни компании како резултат на кризата предизвикана од пандемијата. Коморите се согласија и ја поддржаа одлуката на Советот за конкурентност која вели дека, координиран пристап на ниво на ЕУ ќе донесе подобар резултат во справување со последиците од кризата, елиминирање на поставените бариери за слободно движење на стоката, услугите и работниците.

Комплетната отвореност и функционалност на европскиот пазар во целина се соочуваше со бариери и пред здравствената кризата, но неопходно е да се обезбеди, малите и средни компании да можат да го искористат целосниот потенцијал на 500 милионскиот европски пазар. *„Поминаа многу години во носење мерки за развој на единствениот европски пазар, но бизнисите не можат да чекаат долго за елиминирање на преостанатите бариери, компаниите очекуваат прогрес сега",* подвлече претседателот на Еурочемберс, Кристоф Леитл.

**22.9.2020**

## СТРАТЕГИЈА ЗА ПАМЕТНА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА КОНКУРЕНТНА ЕКОНОМИЈА

Главна цел на воведување и подготовка на стратегија за Паметна специјализација е да ја трансформира македонската економија во конкурентна економија, насочувајќи ги сите потенцијали на поддршка и развој во приоритетните секторите кои се иновативни и со потенцијал за раст и развој.

Приоритетните сектори ќе бидат дефинирани во рамки на подготовката на Квалитативната анализа – процес кој како дел од подготовката на стратегијата за паметна специјализација го води Стопанската комора на Македонија во координација со Европската комисија и во партнерство со Владата на Република Северна Македонија. Целта е да се идентификуваат области каде што македонската економија има потенцијални компаративни предности за натамошна специјализација. Ова е исклучително значајно во процесот на креирање подобри економски политики со цел максимизирање на позитивните ефекти од државната поддршка за приватниот сектор преку насочување на поддршката на државата кон претходно идентификуваните сектори согласно потребите и можностите на секој сектор.

**22.9.2020**

## ОТВОРАЊЕ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН МЕЏИТЛИЈА ПРИОРИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА



По барање на бројни членки од пелагонискиот регион, претседателот на Регионалната комора со седиште во Битола, Мирко Велковски иницираше средба со Генералниот Конзул на Р. Грција во Битола, Ракинас Ахилеас.
На средбата која воедно беше и прва официјална средба меѓу локалниот бизнис сектор и новиот конзул, примарна тема беше наметнатиот проблем од моменталната криза со Ковид-19 и затворањето на граничниот премин Меџитлија-Ники.
Претседателот Велковски ја пренесе загриженоста и итната потреба на нашите компании членки за повторно отворање на овој локален граничен премин во однос на товарниот сообраќај, кој е директна и најблиска врска со бројни економски партнери од северниот дел на Грција, но и клучна линија за солунското пристаниште. Поради тоа што овој премин повеќе од два месеци е затворен за секаков сообраќај, поточно од 22.07.2020 година, многу локални компании се изложени на дополнителни трошоци со зголеменото време и должина на транспорт како и чекање на граничниот премин Евзони.

**23.9.2020**

## ВО БИТОЛА ОТПОЧНУВА СО РАБОТА БИТОЛА СТАРТ-АП ЦЕНТАР



На 23.09.2020 година во салата на Советот на Општина Битола се одржа информативна средба за отпочнување на нов проект насочен кон подобрувањето на состојбите на локалниот пазар на трудот. Како член на Локалниот Економско-социјален совет на Општина Битола, своја поддршка на оваа активност даде и Регионалната комора со седиште во Битола.
Целта на активностите ќе биде подигнувањето на свеста за претприемништвото, едукација за претприемништво и охрабрувањето и поддршката на потенцијалните претприемачи да започнат сопствен бизнис како посакувани промени кои бараат голема посветеност и проактивна улога не само на институциите на власта, туку и на сите актери кои дејствуваат во секторот на претприемништвото. Со оглед на тековната економска состојба во нашата земја и недостаток на претприемнички дух и вештини за исполнување на пазарот на трудот, локалното партнерство за

вработување креира програма за работа-Битола Стартап Центар која ќе ја раздвижи стартап сцената во Пелагонискиот регион и ќе придонесе за подобрување на економската состојба во регионот.

**23.9.2020**

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ РАМНОТЕЖА ПОМЕЃУ ОТКУПНАТА ЦЕНА НА МЛЕКОТО И КВАЛИТЕТОТ НА ИСТОТО – ЕДЕН ОД КЛУЧНИТЕ АСПЕКТИ КОИ БАРААТ ИТНО РЕШАВАЊЕ



Во рамки на вкупниот агрокомплекс, производството, откупот и преработката на млеко имаат извонредно големо значење и претставуваат извор на приходи за преку 10.000 семејства низ ланецот за снабдување.
Еден од клучните аспекти кои бараат приоритетен фокус што е можно поскоро е и воспоставување рамнотежа помеѓу откупната цена на млекото и квалитетот на истото и модификација на системот за субвенционирање според литар предадено млеко во насока на стимулирање на квалитетот.

**28.09.2020**

## ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ ОД ТУРИЗМОТ КАКО ПРЕДИЗВИК НА НОВОТО ВРЕМЕ



Светскиот ден на туризмот, 27 септември 2020 година, Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија со поддршка на Министерството за економија и Проектот „Е4Е@мк - Образование за вработување во Северна Македонија", го одбележа со конференција на тема: „ИЗВОЗНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПОГОЛЕМА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ТУРИЗМОТ КАКО ПРЕДИЗВИК НА НОВОТО ВРЕМЕ".
Проценките на бизнис секторот се дека компаниите кои се занимаваат со дејностите туризам и угостителство ќе ја завршат годината во најдобар случај со не повеќе од 10% реализирани приходи споредено со 2019 година.
Во таа насока, владините пакет мерки усвоени и реализирани за компаниите од овој сектор делумно ќе го амортизираат негативниот ефект. Неизвесност и немање предвидливост на ситуацијата се главните причини поради кои за туризмот и угостителството се потребни интервентни, но и системски мерки со кои ќе се помогне да се преброди кризата.

Околу 30.000 работници и 6.500 деловни субјекти се евидентирани во секторот, според официјалната статистика во државата. Во услови на недостиг на квалитетен кадар и соодветна работна сила, кризата предизвикана од КОВИД-19 уште повеќе ќе ја влоши состојбата со одржување на продуктивноста во секторот, ако се има предвид мобилноста на работниците од угостителството и туризмот и најавите за одлив на кадар во атрактивни туристички дестинации откако ќе заврши кризата, што како пракса се случуваше и секоја година пред стартот на туристичката сезона во регионот и во неколку атрактивни туристички дестинации во Европа.
„Ние сме сигурни дека оваа дејност има капацитет и можност да биде рамо до рамо со најсилните извозни гранки на Р. Северна Македонија", посочи претседателката на Здружението на угостителството и туризмот при Комората, Ана Таневска Ѓорѓиевска, во воведното обраќање пред присутните учесници од владините институции, меѓународните организации поддржувачи на секторот, деловните луѓе, претставници на академската и научната област.
Конференцијата беше реализирана со две панел дискусии.
Во првата панел дискусија, фокусот беше на туризмот во Северна Македонија во 2020 година, последиците од Ковид-19, очекувањата и резултатите за туристички промет во дестинацијата.
Втората панел дискусија насловена: Значењето на туризмот како извозна индустрија/извозниот потенцијал на туризмот како фактор за зголемен економски развој, беше основа за дебатирање околу перспективите на секторот.

**28.9.2020**

## АНДРЕА СЕРАФИМОВСКИ И ВО СЛЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАДЕЖНИШТВОТО, ИНДУСТРИЈАТА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И НЕМЕТАЛИТЕ



Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите на одржаната седница ги дефинираше приоритетите за работа кои на краток рок се посветени на одржување на стабилноста на градежништвото и справување со последиците од здравствено-економската криза предизвикана од пандемијата на КОВИД-19, додека на долг рок на зголемување на конкурентноста на градежните компании, унапредување на соработката помеѓу научно-истражувачкиот и реалниот градежен сектор и афирмирање на интересите на членките на домашен и меѓународен план. Во рамки на пленарната седница, Здружението за претседател на Управниот одбор повторно и едногласно го избра Андреа Серафимовски од „Гранит" АД – Скопје, а беа избрани и 4 потпретседатели: Даниел Цеков од „Адинг", Михо Јаневски од Градежен институт „Македонија" (ГИМ) и Ѓуро Чубриновски од „Масон Инженеринг". Избран беше и нов Управен одбор кој во следниот период ќе се залага за решавање на приоритетните прашања во секторот и претставување на интересите на градежните компании пред надлежните институции и пошироката јавност.

f05.10.2020

## ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАДЕЖНИШТВОТО И РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА



Претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија, Андреа Серафимовски и претставници на Здружението, одржаа работна средба со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги (РКЕ), Марко Бислимовски и негови соработници на која се дискутираше предлогот на Регулаторната комисија во законските прописи од областа на градењето да се предвиди обврска објектите кои се градат да се приклучуваат на организиран систем на топлинска енергија таму каде што има таков систем. На средбата се заклучи во следниот период Здружението и Регулаторната комисија заеднички да делуваат при креирање на предлог-решенијата и условите поврзани со затоплувањето на објектите кои ќе бидат презентирани и пред Министерството за транспорт и врски и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

06.10.2020

## АМБИЦИОЗНА РАБОТНА ПРОГРАМА И МНОГУ ПРЕДИЗВИЦИ ГИ ОЧЕКУВААТ ГРАДЕЖНИЦИТЕ ВО СЛЕДНИТЕ ПЕТ ГОДИНИ

Управниот одбор на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија ја одржа првата



седница во новиот состав на која дискутираше за Програмата за работа и активностите на Здружението во следните пет години, при што заклучија дека Програмата и активностите треба да бидат посветени на унапредување на деловниот амбиент и условите за работа на градежните компании преку решавање на тековните и приоритетните прашања во градежниот сектор, но и преку натамошно афирмирање и јакнење на улогата на градежната струка во рамки на стопанството.

## 08.10.2020

## ЗЕЛЕНИТЕ ПАЗАРИ ИМААТ ПОТРЕБА ОД СИСТЕМСКА ПОДДРШКА, КОРОНА КРИЗАТА ГО ПРЕПОЛОВИ РАБОТЕЊЕТО



Зелените пазари трпат големи штети од пандемијата предизвикана од Корона вирусот, беше заклучено на седницата што ја одржа Групацијата за пазари во рамки на Здружението на комуналните дејности при Стопанската комора на Македонија.

Зелените пазари на седницата констатираа дека состојбата со Корона вирусот само го проблематизира функционирањето на зелените пазари со фактот што нелојалната конкуренција (со продажба на незаконски тезги надвор од пазарите), работата на маркетите со зеленчук и овошје како нов тренд, природно одзема дел од прометот на зелените пазари, а во отсуство на поддршка од општините и државата, нивното опстојување се доведува под знак прашање на долг рок.

На седницата беа избрани претседател и заменик-претседатели на Групацијата на пазари. За нов претседател беше избрана Кристина Крлеска Деспотоска, директор на ЈП „Градски пазар" од Охрид, а за заменици претседатели беа избрани Владе Атанасовски од ЈП „Пазари" - Битола и Љупчо Делов, раководител на Пазарот во рамки на ЈП „Комуналец" - Кавадарци.

## 12.10.2020

## МАКЕДОНСКОТО ГРАДЕЖНИШТВО ИМА КАПАЦИТЕТ ДА БИДЕ РЕАЛИЗАТОР НА ГОЛЕМИ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ, ГРАДЕЖНИЦИТЕ ГИ ИСПОРАЧАА СВОИТЕ БАРАЊА ДО МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ



Во Стопанската комора на Македонија, на покана на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, беше реализирана работна средба на градежните компании со министерот за транспорт и врски, Благој Бочварски и неговите соработници. Градежниците до министерот испорачаа низа барања кои ќе овозможат градежниот сектор долгорочно да биде двигател за раст на домашната економија,

истакнувајќи дека квалитетот на правната рамка и деловниот амбиент директно ги детерминираат состојбите во македонското градежништво, па оттаму, потребно е да се посвети поголемо внимание на законот за градење како еден од суштинските прописи во градежниот сектор и унапредувањето на правната рамка со вклученост на претставници од компаниите, но и на елиминирањето на нелојалната конкуренција преку зајакнување на капацитетите на инспекциските органи.

**13.10.2020**

## Одржан Четвртиот состанок на Управниот одбор на проектниот тим на Проектот „Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење (ТРАИНЕЕ)"

На 14 октомври 2020 година, во хотелот „Солун", се одржа четвртиот и воедно последен состанок на Управниот одбор на проектниот тим во рамките на Проектот *„Пазарно ориентирани вештини за одржливо енергетски ефикасно градење (ТРАИНЕЕ)"*.

Преку Проектот беа постигнати две цели согласно приоритетите на Европската комисија каде енергетската ефикасност е клучен потприоритет бидејќи анализите покажуваат дека 40% од потрошувачката на енергија отпаѓа на објектите и од исклучително значење е градење на капацитетите во градежниот сектор за градење и реконструкција на енергетски ефикасни згради кои остануваат приоритети и во следниот програмски период 2021-2027 година дефинирани во рамки на Зелениот договор на Европа. Преку обуки и директни примери за примена беа подигнати капацитетите на вработените во градежниот сектор со цел примена на енергетската ефикасност и во делот на обновливите извори на енергија.

Дигитализацијата како втор приоритет беше постигната преку континуирано запознавање и обука за примена на БИМ алатката (Building Information Modeling) што претставува значителен чекор кон дигитализација на градежниот сектор. За институциите и компаниите изготвен е и Патоказ за примена на БИМ методологијата.

**14.10.2020**

## ОДРЖАНА „ОН-ЛАЈН" ПРЕЗЕНТАЦИЈА ЗА НАЈНОВИТЕ ФИНТЕК-ТРЕНДОВИ НА ЛИТВАНСКИОТ ПАЗАР




Во рамките на Твининг-проектот „Јакнење на институционалниот капацитет на Народна банка на Република Северна Македонија", во кој учествуваат повеќе централни банки од Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ), заради заедничко согледување на најновите финтек-трендови на литванскиот пазар и пошироко на европскиот пазар, на 15 септември 2020 година Народната банка одржа „он-лајн" презентација во соработка со експерти од централната банка на Литванија.

Народната банка и Министерството за финансии преземаат постојани активности за усогласување на домашната правна рамка со законодавството на Европската Унија во платежната сфера. Во овој контекст со поддршка на Европската Унија беше изработена првата верзија на законот за кој сме во фаза на консултација со сите засегнати страни пред неговото донесување. Спроведувањето на овој закон подразбира изготвување и донесување на соодветни подзаконски акти од Народната банка коишто тековно се подготвуваат повторно со поддршка на Европската унија во рамките на Твиниг -проектот во кои се вклучени повеќе централни банки на земји-членки на Унијата.

**15.10.2020**

## Работна средба на раководството на Групацијата на пазари со министерот за локална самоуправа, Горан Милевски



На средбата што беше остварена на иницијатива на Групацијата на пазарите во рамки на Стопанската комора на Македонија со министерот Милевски се дискутираше за тековните проблеми на пазарите предизвикани пред се’ од корона кризата и за начините како дел од истите може да бидат надминати.
Од министерот за локална самоуправа беше побарана поголема координација и соработка со локалните власти бидејќи пазарите се доминантно јавни комунални претпријатија формирани од општините на локално ниво. Барањето за поддршка следува бидејќи во време на пандемија со одлуки на кризните штабови секоја општина поединечно носеше одлуки за забрана за работа на дел од пазарите во одредени периоди со цел заштита од ширење на болеста.

**22.10.2020**

## ЕВРОКОДОВИТЕ - УСЛОВ ЗА ПОКОНКУРЕНТНО МАКЕДОНСКО ГРАДЕЖНИШТВО НА ЕВРОПСКИТЕ ПАЗАРИ




Прес – конференцијата беше посветена на имплементацијата на Еврокодовите, при што беше посочено дека е таа претставува дел од евроинтеграцискиот процес на нашата држава, а со нивното усвојување во овој момент, градежниот сектор оди чекор напред кон усогласувањето со европската регулатива, што во следниот период само би го олеснило патот на домашните градежни компании кон европскиот пазар и би го

приближило стручниот кадар кон нивото на знаење и компетенции со кои располагаат развиените европски земји.
На прес–конференцијата покрај претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, присуствуваа и претставници на Институтот за стандардизација на РС Македонија (ИСРСМ), стручни лица и експерти од струката, вклучени во процесот на усвојување на Еврокодовите.

**28.10.2020**

## „Онлајн" дебата за состојбите во енергетскиот сектор – СТАБИЛНА МАКЕДОНСКА ЕНЕРГЕТСКА СЛИКА



Тематската расправа за состојбите во енергетскиот сектор е поттикната од искажаниот интерес за оваа тема од бизнис секторот, имајќи предвид дека енергетиката е значаен чинител во функционирањето на економијата, а особено во периодот кога компаниите се соочуваат со последиците од здравствената криза предизвикана од COVID-19. За таа цел, се организира оваа дебата со претседателот на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, м-р Марко Бислимоски, на невообичаен начин за одржување на седниците на Собранието на Комората, но вообичаен во овие услови на здравствената состојба – истакна претседавачот на Собранието на Комората, Антони Пешев.
На бројните прашања од учесниците во дебатата, Бислимоски меѓу другото ја појасни Методологијата за дефинирање на цените на нафтените деривати, постапката за поднесување приговори до Регулаторната комисија за енергетија во случај на забелешки кон операторите на преносниот или дистрибутивниот ситем. Воедно, информираше за текот на гасификацијата на државата, при што посочи дека преносниот гасоводен систем е стигнат до Неготино, трасата до Битола е 90 % изградена , активно се работи на делницата Скопје –Тетово –Гостивар. Со завршување на преносната мрежа и изнаоѓање на јавно приватен партнер за дистрибутивната мрежа, за кој е во тек тендерска постапка, се очекува зголемена потрошувачка на природен гас, а интерконективните врски со Грција и Бугарија ќе овозможат поголема конкуренција во оваа сфета и намалување на цените на приордниот гас. Исто така, се планира интерконективен вод во Косово, каде ќе се транзитира природен гас преку нашата земја, со што ќе се добијат уште поволности на цената – образложи Бислимоски.

**02.11.2020**

## АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА СО ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈОТ НА ОБНОВЛИВИТЕ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА



Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија го поддржува спроведувањето на енергетската политика, преку учество во подготовката на енергетски стратегии, развојни планови и програми, прибирање и обработка на податоци, подготовка на извештаи, поттикнување на воведувањето мерки за енергетска ефикасност и создавање услови за зголемено користење на обновливите извори на енергија за производство на електрична енергија.

**03.11.2020**

## Групацијата за ОИЕ расправаше за проблемите со еколошките здруженија



Групацијата за обновливи извори на енергија при Стопанската комора на Македонија на 4.11.2020 година одржа виртуелна седница, на која се дискутираше за проблемите на малите хидроелектрани, предизвикани од еколошките здруженија. На седницата инвеститорите на мали хидроелектрани ги отворија прашањата поврзани со проблемите што се предизвикани од еколошките здруженија, како при градбата така и при нивното функционирање.

**04.11.2020**

## ИЗМЕНА НА МОДЕЛОТ НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА ГОЛЕМИТЕ КОМПАНИИ ПОБАРА АГРОСЕКТОРОТ НА ДЕНЕШНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА



Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија при Стопанската комора на Македонија континуирано презема активности во насока на поголема препознатливост и промоција на Комората како институција која се залага за развој на домашното земјоделство, поставување идни насоки за негов развој со целосно приспособување на секторот кон

зголемените очекувања на потрошувачите и кон добрите практики на европската регулатива од оваа област, со што придонесува за работењето на компаниите во овој сектор.

## 11.11.2020

## Панел-дискусија на членките на Комората со вицепремиерот Битиќи и со министерката Шахпаска




Со цел да даде придонес кон сеопфатно согледување на состојбите во сите сектори и дејности, соодветно нормирање на прашањето, како и креирање регулатива која ќе биде применлива и која ќе одговара на потребите и на можностите на македонското стопанство, Стопанската комора на Македонија, по објавените заклучоци од Владата на Република Северна Македонија за прифатената иницијатива недела да биде прогласен за неработен ден, иницираше одржување панел-дискусија со стопанствениците за ова прашање.

На панел-дискусијата стопанственици претставници на различни сектори и дејности од индустријата, градежништвото, услугите и од трговијата дискутираа со Фатмир Битиќи, заменик-претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, и со Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика во Владата на Република Северна Македонија.

## 12.11.2020

## Работна средба на туристичко-угостителскиот сектор со министерот Бектеши за поддршка преку мерките од четвртиот пакет државна помош



На работниот состанок на министерот за економија Крешник Бектеши со претставници на коморите и на здруженијата од туристичко-угостителскиот сектор, беше презентирана програмата за финансиска поддршка на туристичко-угостителскиот сектор, усвоена од Владата, во која се предвидени мерки за поддршка на овој сектор, опфатени со четвртиот сет мерки за ревитализирање на економијата во услови на COVID 19.

Министерот информираше дека со четвртиот сет мерки, со директна финансиска поддршка, предвидено е и враќање на туристичката такса за 2019 година за туристичките објекти, а преку директни грантови се опфатени ресторантите, лиценцираните туристички агенции, туристичките водичи и игротеките. А, исто така, е предвидено и враќање на туристичката такса за 2019 година за туристичките објекти.

**13.11.2020**

## ПРЕДИЗВИЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО НАЈПОГОДЕНИТЕ СЕКТОРИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД КОВИД-19 КРИЗАТА




Во рамките на Проектот на УСАИД „Партнерство за подобра бизнис регулатива, Стопанската комора на Македонија на 18 ноември 2020 година организираше онлајн инфо настан со цел презентација на клучните наоди од изготвените анализи за последиците предизвикани од КОВИД-19 кризата врз работењето на компаниите од автомобилската, металната, машинската и електро индустрија, туристичко-угостителскиот сектор и текстилната индустрија како едни од најпогодените.

**16.11.2020**

## ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОУСПЕШНА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА ВО 2021 ГОДИНА



Туристичко угостителскиот сектор и покрај големиот удар што го има од актуелната Корона криза предизвикана од COVID-19 вирусот има можност да продолжи да функционира и во вакви отежнати услови, а бизнис секторот, следејќи ги светските искуства има капацитет да креира и развива туристички производи со цел да ја одржи земјата како туристичка дестинација и да придонесе за каков таков девизен прилив во државата каса. При тоа следејќи ги и почитувајќи ги мерките на државата за заштита на здравјето на луѓето. Во таа насока, неколку сегменти се клучни, а за истите бизнис секторот има доставено во неколку наврати иницијативи и дописи до надлежните институции:

Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година да нема ограничувања за компаниите од угостителско туристичкиот сектор;

Итна промена на моделот на субвенционирање на странски гости кој ќе биде ист за сите видови на превоз и за туристи од различни земји, без ограничување;
Бесплатни ПЦР тестови за странски туристи со престој во категоризирани хотели на територија на РС Македонија, кои имаат обврска на враќање во својата земја да покажат валиден Ковид тест. Истовремено итно да бидат подготвени протоколи за дејствување во случај на позитивен резултат кај гостинот по направениот тест, во соработка со хотелите;
Поддршка во организација на промоција на државата како туристичка дестинација веднаш, сега со цел да се овозможи во 2021 година да имаме странски туристи во државата, со напомена за почитување на сите мерки за заштита од Корона вирусот, во насока на заштита на здравјето на граѓаните;
Факт е дека овој сектор согласно официјалните податоци има мал удел во Бруто домашниот производ, нешто под 5% во целост, но исто така факт е дека туризмот и угостителството врзуваат над 15 стопански гранки со своето работење и имаат голема додадена вредност. Тоа во услови на ваква светска здравствено економска криза, на бизнис секторот му дава за право да констатира дека, дејноста која во светски рамки има 10% учество во глобалниот БДП, секој 10-ти вработен е во оваа стопанска гранка, може да преставува ЕКОНОМСКАТА НАДЕЖ ЗА ПОСТКОВИД-РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА.

**18.11.2020**

## Глобален виртуелен настан „Иднината на осигурувањето во Европа" во организација на новинарската агенција Reuters



Во организација на водечката меѓународна новинарска агенција Reuters од 24-25 ноември се одржува глобален виртуелен настан „Иднината на осигурувањето во Европа‟.
На еден од најочекуваните настани во 2020 година за осигурителната индустрија коишто ги обединува највлијателните извршни директори на глобалните осигурителни групации како што се: AXA, Swiss Re, Generali, AIG, Zurich, Lloyd’s, Scor, Convex, RSA, Ageas, регулатори и консултантски куќи дебатираат за најголемите предизвици со кои се соочуваат осигурителните компании на европскиот пазар, нудејќи решенија и стратегии за прилагодување на целата индустрија во услови на нестабилност на пазарот предизвикан од глобалната пандемија со Ковид-19.

## 23.11.2020

## ИТНИ МЕРКИ ВО КЛУЧНИТЕ СЕКТОРИ - ОСНОВА ЗА РАЗВОЈ НА АГРОСЕКТОРОТ ВО ПОСТКОВИД - ПЕРИОДОТ



Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија при Стопанската комора на Македонија континуирано презема активности во насока на поголема препознатливост и промоција на Комората како институција, која се залага за развој на домашното земјоделство, поставување идни насоки за негов развој, со целосно приспособување на секторот кон зголемените очекувања на потрошувачите и кон добрите практики на европската регулатива од оваа област, со што придонесува за работењето на компаниите во овој сектор, беше кажано на денешнната прес конференција која се одржа во Стопанската коморра на Македонија.

За таа цел, на 11.11.2020 година Комората организираше работна средба со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Арјанит Хоџа, и со претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, на тема „Актуелни состојби и идни насоки за унапредување на земјоделско-прехранбениот сектор во Република Северна Македонија “.

## 25.11.2020

## ГРАДЕЖНИЦИТЕ ЈА УСВОИЈА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА 2020 – 2025


ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАДЕЖНИШТВОТО, ИНДУСТРИЈАТА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И НЕМЕТАЛИТЕ
2020 – 2025

Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Македонија одржа on – line седница на која членките ја разгледаа и усвоија Програмата за работа во следните пет години која ги дефинира полињата на делување на Здружението како релевантен претставник на градежните компании, соработката со институциите и стручните асоцијации, нормативните и развојните активности, како и приоритетите за подобрување на деловното опкружување и создавање на услови за одрживо и поконкурентно градежништво на домашниот и странскиот пазар.

**25.11.2020**

## Превземање на стратешки заеднички мерки на Владите и Коморите во справување со последиците врз економиите од влијанието на Ковид-кризата, искористување на бенефитите од регионалната соработка и примена на дигитализацијата на процесите за намалување на трошоците на компаниите



На Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори (АБК), кое оваа година се одржа виртуелно, со оглед на ситуацијата со пандемијата предизвикана од COVID-19, домаќин, односно претседавач на истото беше Надворешно-трговската комора на БиХ. Фокусот беше ставен на влијанието на пандемијата предизвикана од COVID-19 врз економиите, на регионалната соработка и на дигитализацијата.

На Генералното собрание на АБК, учесник од Стопанската комора на Македонија беше потпретседателот на Стопанската комора на Македонија, д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска.

Како и секаде во регионот и пошироко, и нашата Влада, истакна потпретседателот Георгиева-Јовевска, уште со почнување на кризата предизвикана од COVID-19, воведе неколку сетови на економски мерки за опоравување и поддршка на приватниот сектор. Економската помош се однесуваше за најпогодените сектори како туризмот и угостителството, градежништвото, транспорот и слично, но секако, сите пакети на економски мерки ги поддржуваат сите компании, односно цела економија која е погодена од кризата. До сега, донесени се 4 пакети за поддршка на економијата. Вредноста на 4-тиот пакет економски мерки изнесува 470 милиони евра, а вредноста на претходните три пакети на мерки е 550 милиони евра. Имплементацијата на мерките ќе продолжи и во 2021 година.

Од Генералното собрание на Асоцијацијата на балканските комори произлегоа следните заклучоци:

- Продолжување на соработката меѓу Коморите и Владите со цел понатамошно превземање и реализација на мерките за надминување на кризата и опоравување на економиите;
- Во наредниот период, Коморите членки на АБК интензивно ќе работат на дигиталната трансформација како еден од главните приоритети на бизнис заедницата;
- Интензивирање на дијалогот и соработката помеѓу земјите и Коморите од регионот и пошироко преку размена на информации и „know-how";
- Отстранување на бариерите за водење бизнис во регионот преку превземање нови и продолжување на започнатите заеднички иницијативи;
- Поддршка во преговорите за што поскоро приклучување на земјите од регионот кон ЕУ и работа на заеднички проекти со цел регионално поврзување со Европската Унија;
- Во однос на кризата предизвикана од Ковид-пандемијата, потребно е да се работи на размена на информации во однос на справување со истата со цел успешно имплементирање на споменатата платформа за работа, приоритетна за наредниот период.

**26.11.2020**

## РЕАЛИЗИРАНА РАБОТНА СРЕДБА СО РАКОВОДСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА БИЗНИС АСОЦИЈАЦИЈА – СОРАБОТКА ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО



Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, реализираше работна средба со раководството на Европската бизнис асоцијација, предводено од претседателката на асоцијацијата Катерина Бошевска. Претседателот Азески посочи дека Европската бизнис асоцијација треба да има клучна позиција во претстојниот период, насочена кон пренесување на европските вредности во македонската економија, но и да поведе процес на транспонирање на европското законодавство во области кои се од клучно значење за македонското стопанство, кои треба да обезбедат доближување на применливите правила и стандарди за македонските компании, процес кој треба да се одвива независно од формалниот процес на пристапување кон Европската Унија.

**30.11.2020**

## ЗА ПОСИЛНА МАКЕДОНСКА ЕКОНОМИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ПОСТКОВИД 19




Стопанската комора на Македонија, со прес-конференција која се одржа во просториите на компанијата „Брако" во Велес, ги започна активностите кои во текот на декември ќе се организираат во насока на сумирање на видувањата за македонското стопанство и за тоа како можеме да изградиме посилна економија во периодот на постковид 19.

- Неспорно е дека изминатите 10 месеци поставија сериозни предизвици пред македонските компании, а истовремено неспорно е и дека состојбата во која во моментов се наоѓа македонската економија е тешка, но не е драматична како што се стравуваше во почетната фаза на пандемијата. Различни сектори и дејности беа различно погодени и сè уште се под влијание на здравствените и на економските последици од пандемијата. Но, во исто време, кризата извади на површина и некои од долгогодишните структурни слабости на македонската економија, меѓу кои се вбројуваат и трендот на деиндустријализација, кој е присутен во последните децении, влошувањето на структурата на факторите за креирање БДП, но и недостигот од континуитет во креирањето одржлив модел за

економски раст – посочи д-р Татјана Штерјова-Душковска, директор на Дирекцијата на здруженија и регионални комори во Стопанската комора на Македонија.
Работниот материјал „Македонската економија во тековниот период и во периодот на постковид 19" ги сублимира темелните констатации, предлози и видувања во однос на наведените прашања.
Проф. д-р Кочо Анѓушев посочи дека брошурата, која Стопанската комора на Македонија ја изготви, претставува прирачник за начините и за можностите за справување на економијата со сегашната состојба, но и со состојбата која следува во периодот на постковид 19. Економијата во моментов се соочува со сериозни предизвици и сите ние како стопанственици треба да се подготвиме за тоа како да се справиме со последиците по завршување на оваа состојба. Во фокус на брошурата се три „И": инвестиции, извоз и институции.

**07.12.2020**

## ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА СО МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите, Андреа Серафимовски на работната средба со министерот за транспорт и врски Благој Бочварски ги презентираше видувањата на компаниите и иницијативите покренати од членките во изминатиот период поврзани со предлогот за прогласување на недела како неработен ден и можните последици врз работните процеси на градежните компании, реализацијата на инвестициите во инфраструктурата, потребата за ревидирање на Законот за градење, примената на Еврокодовите, проблемите во вискоградбата, меѓу кои и мораториумот на градби, процената на пазарната вредност на недвижниот имот согласно важечките прописи и други актуелни прашања во надлежност на ресорното Министерство. Претставниците на Министерството информираа за активностите во однос на претходно доставените иницијативи на Здружението и изразија подготвеност за решавање на проблемите во градежништвото во консултации со бизнис заедницата.

**07.12.2020**

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОСЕГАШНИТЕ МЕРКИ И ИНИЦИЈАТИВИ ЗА НОВИ ПРЕДЛОЗИ – ПРЕДМЕТ НА РАЗГОВОРОТ СО МИНИСТЕРОТ БЕКТЕШИ



Претставници од бизнис-секторот угостителство и туризмот, како и членки на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, на Комората за туризам и угостителство при ССК и на Асоцијацијата за дојдовен туризам НАИТМ реализираа работна средба со ресорниот министер Крешник Бектеши и со неговиот тим од секторот при Министерството.

Претставниците на бизнисот информираа дека грантовите делумно ќе помогнат за ублажување на исклучително лошите финансиски резултати во компаниите, но како клучен проблем остана неможноста фирмите од овој сектор да ја искористат мерката за поддршка на платите во последните три месеци од годината.
За иницијативата недела да биде неработен ден министерот Бектеши посочи дека секторот туризам и угостителство треба да работи и во недела, имајќи предвид дека сакаме да го подобриме туризмот во нашата држава и да привлечеме што е можно поголем број странски туристи.

**07.12.2020**

## МЕМОРАНДУМИ ЗА ПОИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА СО ХОТАМ И СО НАИТМ



Претседателот на Здружението на угостителството и туризмот при Стопанската комора на Македонија, Ана Таневска-Ѓорѓиевска, потпиша меморандуми за соработка со претседателите на Асоцијацијата на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови ХОТАМ и на Националната асоцијација за дојдовен туризам НАИТМ, Крсте Блажевски и Влатко Сулев. Идејата е преку воспоставување повисок степен на деловна соработка во рамките на дејноста да се обезбеди единствен професионален интерес за членките на бизнис-асоцијациите.
Целта е унапредување на работењето и решавање на тековните проблеми во дејноста, перманентно функционално образование и иновација на знаењата на стручниот кадар од дејноста, поттикнување на примената на европските правила и стандарди, иницирање и остварување соработка за прашања од заеднички интерес итн.
Остварувањето на целите од меморандумите ќе се реализира преку организација на заеднички настани, како на пример средби, конференции, тркалезни маси, форуми, стручни расправи, работилници и други настани. Но и заемна промоција на активностите, како и на други активности од заемен интерес.

**10.12.2020**

## ПРИОРИТЕТНИ ЧЕКОРИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА АКТИВНОСТ И ЗА РАСТ НА ИЗВОЗОТ




Стопанската комора на Македонија, на почетокот на декември, ја започна промоцијата на работниот материјал „Македонската економија во тековниот период и во периодот на постковид 19", која низ повеќе активности ќе трае до крајот на годината, а во таа насока беше и денешната прес-конференција, на која беа нагласени дел од приоритетите, односно насоките и

чекорите што треба да се преземат во насока на раст на извозот, а со тоа и на соодветниот проток на стоки низ границите, тргнувајќи од фактот дека овие активности се од клучно значење за идно раздвижување на македонската економија. Во своето обраќање в.д извршниот директор на Стопанската комора на Македонија, Билјана Пеева-Ѓуриќ, посочи дека во наредниот период потребно е активно да се работи на преземање активности во насока на раздвижување на надворешно-трговската соработка и тоа преку намалување на царините за прехранбените производи и за медицинските материјали што се дефицитарни на домашниот пазар и што не можат да се обезбедат од домашните производители, преку намалување на увозните и на извозните давачки, преку поедноставување или укинување на непотребните административни процедури и преку рационализирање на трговските процедури.
Директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија, м-р Ѓоко Танасоски, истакна дека Царинската управа е целосно посветена на примена на препораките наведени во материјалот „За посилна македонска економија" и сите препораки што се однесуваат на царинското работење и на царинските постапки ќе бидат разгледани и применети со највисок степен на внимание.
Заложбите на Царинската управа остануваат во насока на унапредување на институционалниот и на административниот капацитет на Царинската управа и на преземање активности за олеснување, забрзување и за поедноставување на царинските и на акцизните постапки.

**15.12.2020**

## Измени и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, иницира Групацијата на спортски обложувалници



Групацијата на спортски обложувалници при Стопанската комора на Македонија инициираше измени и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со цел да се овозможи продолжување на организирањето на игрите на среќа преку интернет, во согласност со Уредбата која беше донесена во април 2020 година, за време на вонредната состојба, а чија важност истече денеска. Имајќи предвид дека ваквата мерка се покажа како ефикасна за спречување на ширењето на заразната болест КОВИД 19, предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, а паралелно овозможи непречено функционирање на дејноста и во вакви специфични услови, од членовите се бара нејзино продолжување.
Индустријата на игри на среќа има значаен придонес во економијата. Носењето на Уредбата од страна на Владата на Р. Северна Македонија на 24 април годинава, за време на вонредната состојба, со важност до 22 декември, во државната економија придонесе со повеќе од 100 милиони денари само од оваа услуга, врз основа на посебната давачка од 4 % која ја одреди државата, и 15 % данок на личен доход.
Со воведувањето на оваа услуга се овозможија дополнителни средства, кои наместо во буџетот, до носењето на Уредбата, се одлеваа надвор од државата.

**22.12.2020**

## Предлог – енергетскиот биланс за 2021 година пред членките на МЕА



Денеска, 24.12.2020 година, се одржа виртуелна седница на Македонската енергетска асоцијација (МЕА), на која беше презентиран Предлог – енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2021 година.
Енергетскиот биланс е индикативен плански документ и во него се прикажуваат потребите од вкупните количества енергија и од одделните видови енергија во Републиката и можностите за нивно обезбедување со производство од домашните капацитети и од увоз. За секој вид енергија е подготвен биланс за задоволување на предвидената потрошувачка. Врз основа на податоците од одделните биланси, пресметана е потрошувачката на финалната енергија, како и потребната енергија за обезбедување потрошувачка на финалната енергија.

**24.12.2020**

## Потпишан меморандум за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Македонската академија на науките и уметностите



Во просториите на МАНУ, на 24 декември 2020 година, Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија и академик Љупчо Коцарев, претседател на МАНУ, потпишаа Меморандум за соработка меѓу двете институции, со што ги формализира планираните цели од заеднички интерес.
Меморандумот за соработка ќе овозможи научна, техничка и апликативна соработка меѓу двете институции за остварување на заедничките цели во областите што се од заеднички интерес. Тоа, меѓу другото, значи и координирање, организирање и вршење анализи и научни истражувања, чии резултати би се примениле за унапредување на пазарното стопанство, претприемништвото и на конкурентноста и за промовирање добри бизнис-практики. Со тоа би се креирале поволни услови за водење бизнис, поттикнување на економскиот раст и стабилно и предвидливо бизнис-опкружување. Соработката меѓу науката и индустријата преку заеднички проекти и други иницијативи, на национално и на меѓународно ниво, ќе даде поттик за иновации и за нови технологии во насока на побрз и одржлив економски раст и развој.

# РАБОТНИ ПОСЕТИ НА КОМПАНИИ

**22.1.2020**

## ЛИДЕР ВО МАКЕДОНСКАТА МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА



„Раде Кончар - ТЕП" е водечка компанија во металопреработувачката и електроиндустријата како во Македонија така и во останатите балкански земји. Претставува дел од брендот „Раде Кончар" што егзистира 70 години.
Од своето основање во 2006 година, „Раде Кончар - ТЕП" како дел од „Раде Кончар - Сервис", континуирано се развива во насока на иновација на нови производи, во процесот на производство, во пристапот на работа и опслужување на пазарот со квалитетни производни решенија. Компанијата нуди комплетни решенија од областа на генерирањето и дистрибуцијата на електрична енергија, како и пецијализирани решенија за индивидуални барања на клиентите.

**24.1.2020**

## „СОЛЕТА" СО СТАБИЛНО ПРОИЗВОДСТВО

СОЛЕТА
MEAT PROCESSING INDUSTRY "SOLETA"
SKOPJE - REPUBLIC OF MACEDONIA

Еден од проблемите со коишто се соочува компанијата е набавката на суровина, која поради болеста свинска чума и дисбалансот на пазарот предизвикан од Кина достигна енормно висока цена на светско ниво. Сепак, тоа не е проблем компанијата „Солета" да го реализира планираното производство. Од менаџментот на компанијата сметаат дека мерката на Владата ја ублажи ваквата состојба и придонесе домашните компании повторно да си го вратат заслуженото место на домашниот пазар.

**30.1.2020**

## АВТОМАТИЗАЦИЈА НА ПРОИЗВОДСТВОТО ЗА ПОГОЛЕМА ПРОДУКТИВНОСТ ВО ОТСУСТВО НА КАДАР



АД „Мода" претставува правен следбеник на некогашното Јорганџиско производно претпријатие „Свила" од Свети Николе кое било основано со Одлука од страна на Народниот одбор на Општина Свети Николе од 1955 година. По 65 години, денес компанијата е лидер во производството на машки кошули.
Текстилната и кожарско-преработувачката индустрија во Македонија во последните

години се во тешка ситуација, а тоа е резултат на повеќе услови. Прво, има недостаток на млад и стручен кадар кој би бил заинтересиран да работи во оваа дејност, второ, проблем е големото иселување на населението од државава, како и покачувањето на платите кое не кореспондира со нивото на продуктивноста во оваа дејност. Менаџментот на компанијата „Мода" е свесен дека младите невработени се` потешко се одлучуваат да се вработат во нашите текстилни компании, затоа е одлучен во намерата за автоматизација на производниот процес со што би се зголемила продуктивноста и би се обезбедиле поголеми плати на вработените.

**30.1.2020**

## ПОЕДНОСТАВНА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА НЕПРЕЧЕНО РАБОТЕЊЕ БАРААТ КОМПАНИИТЕ



Работната посета на „Изградба - Комерц" беше посветена на дискусија за предизвиците во работењето на компанијата, проблемот поврзан со недостатокот на стручен кадар како прашање од приоритетно значење за градежниот сектор и примената на прописите од областа на јавните набавки. Во таа насока, беше посочено дека е потребно намалување на обемот на потребна документација во постапките за доделување на јавните набавки, како и каде што постои можност прибавување на документацијата по службена должност помеѓу надлежните органи и институции со цел да се поедностави спроведувањето на постапките и да се овозможи непречено работење на компаниите.

**31.1.2020**

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОПСТАНОК НА КОЖАРСКО-ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА



„Де Марко" е компанија во приватна сопственост со основна дејност производство на обувки, основана во 2007 година, во период во кој имаше голема побарувачка за „ЛОН"-производство на обувки од страна на италијански компании.Како компанија има работено за повеќе светски брендови, а моментално работи детска програма за брендот „FALCOTTO" и „NATURINO" за италијанска компанија „FALC", како и програма за спортски патики на брендот „GUCCI" за италијанската компанија „GIOVAGNOLI".
Од 2018 година го проширува своето производство и со готови производи за домашен пазар со свој личен бренд. Единствениот излез на нашата компанија за продолжување и опстанок е во зголемување на домашното производство и инвестирање во нови современи машини кои ќе ја зголемат продуктивноста. Секако дека постои заострена

конкуренција во овој сектор од другите земји, со особен акцент на конкуренцијата која во последните години доаѓа од Албанија, што наметнува потреба од системски пристап и државна поддршка за  опстојување и развој на чевларската индустрија во Македонија.

**03.2.2020**

## АТВА МАРКЕТИ – УСПЕШНИ И ПРЕПОЗНАТЛИВИ ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН




Трговската фирмата „Атва" ДООЕЛ - Кичево, е активна членка на Стопанската комора на Македонија, препознатлива по синџирот на 10 маркети лоцирани во Кичево, Охрид и Струга, на вкупна површина од 6500 км.  При реализираната посета со сопственикот Душко Силјаноски разговарано е за функционирањето на истата, за нејзиниот развој почнувајќи од основањето во 1993 година, и постоење, како и за предизвиците и проблемите со кои таа се соочува во пракса. Успех, е резултат на  постојано следење на потребите на пазарот, напорната работа, вложениот труд и финансии,  како и следење на законските регулативи и воведување на стандарди кои се во функција на подобрување на конкурентноста на пазарот, при што за задржување на досегашното темпо на раст и развој на фирмата најголем проблем и пречка во моментот претставува недостигот на соодветен кадар

**05.2.2020**

## „МАРГАРИТКА БЕЛА" – КОМПАНИЈА УСПЕШНА ВО КИЧЕВСКИОТ РЕГИОН

Компанијата „Маргаритка Бела" од Кичево е специјализирана за производство на голем број различни видови на бели печива и бурек, препознатливи на кичевскиот пазар, а својата дејност по една година работа во 2016 година ја зголемува и со работилница за слаткарски производи, како колачи и слатки, свечени торти во свежа состојба, При посетата, остварена е средба со сопственичката Александра Блажеска, која информираше дека компанијата произведува квалитетни производи кои се пласираат во свежа состојба, како резултат на следење и воведување на новини во производствениот процес, запазувајќи ги потребните стандарди за производство (Хасап и други).

**05.2.2020**

## ДОМАШНИОТ БУРЕК НА „КАДИНО" НАСКОРО И ВО ГЕРМАНСКИТЕ СУПЕРМАРКЕТИ




По повеќекратното успешно учество на светските саеми за храна во изминатите години во Европа и во САД, оваа година „Кадино Индустри Груп" од Скопје ја започна со учество на традиционалниот Саем за храна во Берлин,  познат како „Зелена недела Берлин", кој во 2020 година беше домаќин на повеќе од 1800 учесници и над 400.000 посетители кои можеа да видат и да пробаат над 100.000 продукти од целиот свет.

**13.2.2020**

## НЕДОСТИГОТ НА КАДАР – ГЛАВЕН ПРОБЛЕМ НА КОМПАНИЈАТА „МАМ – ПРОМ"



Стопанската комора на Македонија продолжува со посета на компании и за таа цел беше остварена посета на компании од текстилниот сектор во Валандово, за подетално и посеопфатно согледување на интересите и потребите на членките во наредниот период.
„Мам - Пром" е компанија со грчки капитал основана во 2013 година, лоцирана во Валандово, која придржувајќи се кон принципите за постојано унапредување на квалитетот и зголемување на обемот на производството, израсна во компанија со 85 вработени, а целокупното производство е наменето за извоз. Дневниот капацитет на производство на компанијата е околу 3.000 производствени единици, а најголем дел од производите се пласираат на европскиот пазар.
Во разговорот со сопственичката на компанијата, Елена Стораиду, беа отворени низа прашања кои ја оптоваруваат работата на оваа дејност, како и индустријата во целост. Мора да се земе предвид недостигот на стручна работна сила кој се провлекува со години наназад, пред се' за овој регион од државава, каде иселувањето на населението претставува голем проблем со којшто се соочуваат компаниите во текот на работењето. Проблемите околу зголемувањето на минималната плата кое не кореспондира со нивото на продуктивноста во оваа дејност и која по автоматизам мора да доведе до зголемување на платите и на подобрите работници, е прашање за кое компаниите тешко може да го издржат во овој период. Мора да се зголеми продуктивноста во производниот процес и самото тоа да доведе и до зголемување на платите на вработените.

**14.2.2020**

## „АКВА ИНГ" ДОО - ШТИП – ЦЕЛОСНА ЛОГИСТИКА ЗА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Компанијата „Аква Инг" ДОО од Штип се занимава со проектирање, инженеринг на технолошки системи, водоводни мрежи, системи за водоснабдување. Приватна компанија, формирана во 1995 година. Својата дејност ја започнува во областа на хидротехниката, со проектирање и инженеринг на системи за водоснабдување, наводнување, третман на води, базени и фонтани. Во листата на реализирани проекти се вбројуваат клиенти од различен профил.
Своето поле на активности во 25-годишното постоење компанијата го прошири и во областа на архитектурата, за проектирање на индивидуални станбени куќи, станбени згради, индустриски објекти, реконструкција на постојни објекти, како и проектирање на структури од патната инфраструктура.

**14.2.2020**

## ЦВРСТА ПОЗИЦИЈА НА ПАЗАРОТ ВОДЕЈЌИ СЕ СПОРЕД ПРИНЦИПОТ „ВРВЕН КВАЛИТЕТ И НИШТО ПОМАЛКУ"

„АПИМЕЛ" е македонска фармацевтска компанија со 100% домашен капитал, лоцирана во Охрид, која е специјализирана за производство на природни производи со прополис и етерични масла. Производите на пазарот се препознатливи под брендот „Dr. Bacheff" кој претставува синоним за квалитет и функционалност во доменот на фармацијата.

Како би се постигнала подобра позиционираност на бизнис секторот на пазарот во РС Македонија и останатите потенцијални пазари, неопходна е поголема ефикасност на јавната администрација во поглед на процесирањето на барањата од приватниот сектор, дигитализација на јавните услуги и електронско меѓусебно поврзување на државните институции – беше посочено меѓу другото од директорот Наум Трпчески на работната средба која беше остварена во рамки на посетата на компанијата од страна на Љупка И. Самарџиска од Стопанската комора на Македонија, која ги координира активностите на Здружението на хемиската индустрија, каде оваа компанија членува според дејноста.

**14.2.2020**

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПРОЦЕС - УСЛОВ ЗА РАЗВОЈ НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА



Повеќе од 20 години компанијата „Наматекс" се вбројува во редот на подобрите компании од текстилната индустрија во Валандово, како во поглед на остварувањето на планските задачи, така и во поглед на постигнатите производствени и деловни резултати од работењето. Во сите овие изминати години од своето постоење, како резултат на современата организација на работа, рационалното користење на постојните ресурси, навременото и целосно извршување на зацртаните планови, компанијата достигна ниво на целосна искористеност на капацитетите, а квалитетот на производите обезбедува сигурен пласман на пазарите во странство. Од самиот почеток компанијата е специјализирана за производство на џинс и панталони, со месечен капацитет на производство од 10.000 производствени единици, каде најголем дел од производите се пласираат на европскиот пазар.

-Неопходно е повторно враќање на делот на нормиран учинок за производството, кој ќе биде услов за зголемување на продуктивноста во производниот процес, а со самото тоа и остварување на делот за минимална плата кој би го заработиле и самите работници, - истакна Конеска.

**20.02.2020**

## Спој на луксуз и економичност е формулата на препознатливите Мебел „НИКОВ"

Струмичката компанија за мебел „НИКОВ" е уште една од членките на Стопанската комора на Македонија која веќе две децении професионално и одговорно произведува и проектира секаков вид ентериери соединувајќи ги луксузот и економичноста како формула за својот препознатлив стил. Основана е во 1991 година во Струмица, трансформирајќи се од маалска во модерна корпорација во пресрет на новите стандарди за квалитет и естетика. Во моментов работат со сопствен производствен погон и два изложбени салона во Струмица и во Скопје, каде се регрутирани екипа специјалисти одговорни за обработка и крајниот изглед на мебелот. Производствената линија на компанијата покрива широк спектар на мек мебел и секции од масивно дрво со и без резба. Беспрекорниот дизајн и грижливо избраниот квалитетен материјал резултира со бројните признанија што „НИКОВ" ги има добиено и на саемите за мебел во земјата и во странство на кои редовно учествува во трка за челното место.

**24.2.2020**

## Интегритетот, ефикасноста и задоволувањето на клиентите се основа на функционирањето на „ПЕРПАРИМИ" ДООЕЛ - Кичево



Компанијата „ПЕРПАРИМИ" ДООЕЛ од Кичево основана во 1998 година има реализирано значајни проекти во дејностите: градежништво, проектирање, надзор и изведба на градежни објекти од високоградба и нискоградба, како и градежни активности на меѓународни и локални патишта. При посетата разговаравме со сопственикот Касум Реџепи, за успешна реализација на сите проекти и нивните фази, нагласи дека успехот е секогаш проследен со предизвици кои се решавани со труд, професионалност и истрајност. Во тој контекст, посебно беа нагласени процедурите за издавање на одобрение за градење на различните видови објекти, чие времетраење не е кратко, поради што за завршување на започнатите активности е потребна висококвалитетна подготвеност на тимот и на самите проекти.

**24.2.2020**

## „ФРУКТАНА" ДОО - 20 ГОДИНИ УСПЕШНО ПРИСУСТВО НА ПАЗАРОТ




Друштвото за преработка, производство, услуги, трговија и увоз-извоз на земјоделски производи „ФРУКТАНА " ДОО - с. Аргулица – Карбинци е основано во 2000 година.

Компанијата е извозно ориентирана и во моментот извезува во 15 држави во Европа, Русија, Канада и Нов Зеланд.

Со постојните расположливи капацитети, „ФРУКТАНА" преработува вкупно околу 2000 тони вишна на сезона, како и околу 1800 тони пиперки. Останати производи што се преработуваат се сливи, цреши, аронија и друго овошје и зеленчук.

При посетата на оваа компанија, разговаравме со управителот на компанијата, Младен Митев, кој истакна дека позначајните инвестиции во компанијата се направени во текот на 2011 и 2012 година, период во кој е набавен проточен тунел за замрзнување, изградени се две лагер-комори, набавени се нови машини за вадење семки, како и опрема за преработка и подготовка на пиперки за замрзнување.

**26.2.2020**

## „ФС ШТАМПА ХИЛ" – ПРЕПОЗНАТЛИВ БРЕНД ВО ПЕЧАТАРСКАТА ИНДУСТРИЈА




Семејната компанија „Фс Штампа Хил" ДОО од Штип, во сопственост на Владимир Хилјадников, повеќе од 7 години е присутна во печатарската индустрија, а од самиот нејзин почеток таа е членка на Регионалната комора со седиште во Штип при Стопанската комора на Македонија.

При посетата на компанијата од страна на претставници на Комората, во разговор со сопственикот, беа истакнати предизвиците во развојниот циклус на истата, како и визиите за натамошниот развој и функционирање.

Примарна дејност на компанијата е сито-техниката, односно сито-печат, којшто претставува специфичен и редок правец во печатарската индустрија. Од пред три години компанијата значително се проширува и во дигиталното печатење со нови софистицирани машини, со целосна дигитализација и професионална услуга во оваа дејност, перманентно зголемувајќи го бројот на работници.

**11.3.2020**

## СТРАБАГ АГ – АВСТРИСКИ КВАЛИТЕТ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ ПАТИШТА




Компанијата СТРАБАГ е европски технолошки партнер за градежни услуги, лидер во иновациите и финансиската сила. Услугите што ги нудат ги опфаќаат сите области на градежната индустрија. Тие создаваат додадена вредност за своите клиенти преку специјализирани субјекти кои ги интегрираат најразновидните услуги и истовремено преземаат одговорност за нив. Со успешната алокација на човечките ресурси, материјали и механизацијата на вистинско место и во вистинско време успееја да реализираат дури и најсложени градежни проекти – навреме, со највисок квалитет и по најдобра цена. Со диверзификација на ризикот во голема мера им олеснуваат на своите клиенти во работењето. Благодарение на напорната работа и посветеност, во која се вклучени повеќе од 75.000 вработени, Страбаг е една од ретките компании кои се способни да нудат разновидни услуги во рамки на целиот синџир на градежни вредности - од дизајн до планирање, од градба па се до имотно услужни дејности и градење на патишта.
Во Република Северна Македонија СТРАБАГ АГ своето искуство и нови технологии во градежништвото ги остварува преку СТРАБАГ АГ Подружница СТРАБАГ – Скопје.

**22.5.2020**

## „АЛМЕРО": САЕМИТЕ СЕ ЗНАЧАЕН ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА БИЗНИСОТ




Импликациите од светската пандемија на Ковид-19 врз деловната активност и потребата од државна поддршка за враќање и раст на извозните перформанси беа предмет на дискусија на работната посета на „АЛМЕРО“.
Со цел враќање на пласманот и натамошен развој на бизнисот, беше посочено дека покрај економските мерки на државата со кои се овозможува директна краткорочна финансиска поддршка, потребно е да се размислува и за долгорочна поддршка за промоција на домашните компании и нивните производствени потенцијали. Во тој контекст беше нагласено значењето на меѓународните саеми како значаен фактор за развој на бизнисот преку контакти со потенцијални клиенти и можност за пласман на производите на нови пазари.

**22.5.2020**

## ПОТЕШКОТИИ, НО И ОПТИМИЗАМ ВО „ВАРДАР ДОЛОМИТ" ОД ГОСТИВАР



Со цел согледување на состојбите поврзани со последиците од пандемијата предизвикана од Ковид-19, претставници на Стопанската комора реализираа работна средба со господинот Ремзи Абдулаи, директор на Вардар Доломит на која се дискутираше за тековното работење на компанијата, за квалитетот на услугите од државната администрација и постапките за обезбедување на потребните дозволи/одобренија за увозно-извозните постапки, како и проблемите при транспортот на готовиот производ.

**01.6.2020**

## Дваесет и пет години успешна приказна за брендот „Зендолино"




Со идеја за реализирање приватен бизнис, упорност и добар менаџмент, трговската компанија „Зендолино комерц" во 1995 година започнува со трговија на мало, отворајќи ланец на супермаркети во Штип.
Веќе 25 години компанијата успешно го гради својот бренд, кој сега веќе е препознатлив во уште 4 града во Источна Македонија. Присутни се во Струмица, Свети Николе, Кочани, а од пред неколку дена, официјално се отвори и супермаркетот под брендот „Зендолино" во Пробиштип, одбележувајќи на тој начин четврт век од своето постоење.
И во услови на криза 100-тина вработени кои се дел од тимот на „Зендолино комерц" успеваат да обезбедат непречена функционалност и во овие вонредни услови на работење.
Успешниот препознатлив бренд е менаџиран од сопственикот на компанијата, Ѓоше Зенделов, а мотото на компанијата е „Зендолино" маркетите постојано мислат на Вас".

**02.6.2020**

## „АГРОПАЛ": ПОТРЕБНИ СЕ ЛЕСНО ДОСТАПНИ ЕКОНОМСКИ МЕРКИ ЗА ПОШИРОК ОПСЕГ НА КОМПАНИИ

Раководството на компанијата на работната средба со претставници од Стопанската комора, говорејќи за ефектите од пандемијата врз стопанството, посочи дека со оглед на тоа дека ефектите од пандемијата се чувствуваат на глобално ниво, во следниот период неизвесна ќе биде наплатата на побарувањата и деловната соработка со странските партнери. Поради тоа, беше посочено дека е потребен сет на економски мерки за поддршка и ликвидност на стопанството кои ќе овозможат брз и едноставен пристап од пошироg опсег на деловни субјекти од различни дејности.



**03.6.2020**

## „ЕВРОПА 92": Печатарската индустрија е една од најпогодените од почетокот на пандемијата на ковид-19



Од компанијата информираа дека печатарството е една од најзасегнатите дејности од корона вирус кризата, што се должи на значителниот пад на производството како последица на откажување или драстично намалување на нарачките во овој период поради прекинот на образовниот процес, но и негативните ефекти на кризата врз останатите деловни субјекти. Дополнително, информираа дека по значителниот пад на производството во април годинава, состојбите полека се придвижуваат во позитивна насока, меѓутоа се` уште се неизвесни и зависни од глобалното справување со пандемијата, како и начинот на кој ќе продолжи да се одвива образовната дејност, поради што, потребни се долгорочни мерки за поддршка на стопанството и соодветни критериуми за распределба на средствата кои ќе таргетираат што поголем број на компании.

**04.6.2020**

## „ВИНЕРБЕРГЕР" - ВИНИЦА: ЕФИКАСНА АДМИНИСТРАЦИЈА - ПРЕДУСЛОВ ЗА ДОЛГОРОЧЕН УСПЕХ НА КОМПАНИИТЕ

Претставниците од Стопанската комора на Македонија, реализираа посета на компанијата „Винербергер" од Виница, дел од истоимената групација која е најголем светски производител на тули, фасадни тули и предводник на европскиот пазар за покривна глинена ќерамида, во чии рамки се дискутираше дека за непречено



одвивање на производството и раст на индустријата на градежни материјали, во иднина покрај директните мерки за поддршка на стопанството, од големо значење ќе биде и ефикасното постапување на администрацијата со доследно почитување на роковите од страна на надлежните органи при издавање на потребните мислења во постапките за обезбедување концесии за минерални суровини, но и во останати постапки кои зависат од ажурноста на администрацијата.

**12.6.2020**

## КОНЗОРЦИУМОТ ОД ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ – „ИНТЕРНАЦИОНАЛ ФРЕШ ФУД" ВЛЕГУВА ВО БРОЈЛЕРСКО ПРОИЗВОДСТВО КАЈ НАС



Конзорциумот „Интернационал Фреш Фуд", составен од домашни и странски инвеститори, влегува во бројлерско производство со амбициозен бизнис план и изградба на фарми, кланици и хали низ целата држава. Планот е за 4 до 5 години да се постигне производство на 12,5 милиони бројлери годишно и со тоа да се заокружи среднорочниот план.

Арбен Абдурамани, сопственик на „Везе Шари", познат стопанственик, со оваа инвестиција како дел од конзорциумот, ја раздвижува економијата на цел еден регион.

**23.6.2020**

## „МАКПЕТРОЛ" - лидер во нафтениот бизнис и во справување со Ковид-19 кризата



По успешниот старт на годината во првите два месеца компанијата „Макпетрол" се соочува со намален обем на продажба предизвикан од Ковид-19 кризата, но согласно укажувањето на директорот на малопродажба, Александар Спасовски, во овие услови успешно се справуваат со предизвиците.

„Макпетрол“ вработува близу 1.900 работници, во сите оперативни подрачја на функционирањето во делот на промет и дистрибуција на нафта и нафтени производи како основна дејност, продажба на природен гас, во бројните застапништва на светските марки, но и во ресторанite, кафулињата и маркетите во кругот на бензинските станици. „Макпетрол“, со вкупно 126 станици со современа понуда на производи и услуги, располага со најголемата мрежа на бензински станици во државата.
Од неодамна поседува лиценца за производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала, со што започна со производство на електрична енергија за дел од сопствните потреби.

**25.08.2020**

## ЗДРАВЈЕ РАДОВО – ПРВА ДОМАШНА МЛЕКАРНИЦА СО ИЗВОЗ НА ЕВРОПСКИ ПАЗАР




Домашната млекарница Здравје Радово – долгогодишна членка на Стопанската комора на Македонија, има извозна дозвола и ќе биде прва македонска млекарница која ќе извезува сирење и кашкавал на пазарот во Бугарија, односно на европскиот пазар. Во извозот ќе биде застапен сиот асортиман на оваа млекара, а деловниот однос со Бугарија е резултат на се понагласената потреба на тој пазар од млечни приоизводи со надеж дека извозот ќе се зголеми во следниот период.

**04.9.2020**

## „БК МАРКЕТ“ - БИТОЛА - ОД ПЛАНИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НАМЕНЕТО ЗА ДОМАШНИОТ ПАЗАР, ДО ИЗВОЗ НА ВИСОКОКОНКУРЕНТНИОТ ШВАЈЦАРСКИ ПАЗАР



Како дел од претставувањата што се релизираат во рамките на нашите посети на локалните компании-членки, Регионалната комора со седиште во Битола при Стопанската комора на Македонија оствари работна средба со нашиот член, Кристијан Јовановски, генерален директор на компанијата „БК Маркет“ од Битола. Поводот за средбата е и неодамнешната посета на компанијата од страна на претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.

**02.9.2020**

## ОД ЧЛЕНКИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА-НОВИТЕ ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР–ЗНАК ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СВЕТСКИТЕ ТРЕНДОВИ




Битолското чоколадно млеко со десет витамини е новиот вкусен, здрав и хранлив производ на "Битолска млекара". Битолското чоколадно млеко со десет витамини е одговорот на потрагата на родителите, следејќи го брзиот раст и развој на децата и начинот како да ги надополнат потребите, како да го поттикнат здравиот психофизички развој на децата...

Виничката компанија "Макпрогрес" го прошири своето производно портфолио со линијата житни барови BALANCE. Најновите производи на една од водечките домашни компании во делот на кондиторски производи и здрава храна се произведени од интегрален овес, ориз и пченка, а на пазарот се лансирани три вкуса: бел крем, чоколадо и сушено црвено овошје.

Фабриката за кондиторски производи "ЛИОН" од Свети Николе наскоро во продажба ќе пушти нов високо квалитетен производ – премиум крем. По сите направени анализи и испитувања со цел да се достигне врвен и посебен вкус кој може да конкурира на светските брендови, Лион конечно започна производство на новиот премиум крем под брендот Леона.

**14.9.2020**

## СОРАБОТКАТА МЕЃУ НАУКАТА И СТОПАНСТВОТО ВОДИ КОН РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈАТА



Претставници од Стопанската комора на Македонија оствариja работна посета на Цементарница УСЈЕ која имаше за цел да отвори дискусија за општествените и економските предизвици со кои се соочува индустријата на градежни материјали како резултат на КОВИД-19 кризата, за тековните проблеми во дејноста, но и за потенцијалите за натамошен развој и остварување поголема конкурентна предност на производите на домашниот и странскиот пазар. На средбата, меѓу другото, беше истакната и потребата од континуирана и продлабочена соработка на науката и стопанството, со цел развој на образовни програми кои креираат практично и применливо знаење кое е неопходно за создавањето на квалификуван работен кадар.

**23.9.2020**

## Инвестирање во нови технологии за поголема конкурентност на „Раде Кончар ТЕП"



Стопанската комора на Македонија реализира посета во фабриката за производство на трансформатори и нисконапонска опрема, „Раде Кончар ТЕП", во рамките на проектот за Смарт-специјализација. На средбата со директорот м-р Горан Антески се разговоараше за предизвиците кои фабриката ги има во работењето во услови на криза.
Успешноста во справувањето со кризата се согледува во нивно инвестирање во технологии кои ќе го подобрат квалитетот на нивниот производ и ќе го олеснат освојувањето на нови пазари.

**30.9.2020**

## Имплементацијата на меѓународни стандарди неопходна за поголема конкурентност на пазарот



„PiKCELL Group" е компанија која е основана во 2018 година во Скопје, која се фокусира на развивање и производство на монокристални и поликристални фотоволтаични соларни модули. Прва компанија од овој тип отворена во Македонија која се простира на површина од 1500 м² со годишен капацитет на производство од 50 MW (мегавати) на монокристални и поликристални соларни модули. Фирмата е посветена на истражување и развој на производи со поголем квалитет и подобри перформанси.

## 01.10.2020
## „БИМ" АД - СВЕТИ НИКОЛЕ КОНТИНУИРАНО ВЛОЖУВА ВО ИНОВАТОРСТВО И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

Работната средба со г-дин Слободан Ивановски, заменик генерален директор на компанијата „БИМ" АД – Свети Николе беше посветена на тековните случувања во градежништвото и индустријата на градежни материјали, при што беше посочено дека овој сектор е и ќе остане од големо значење за домашната економија и еден од главните двигатели на економскиот развој. Говорејќи за предизвиците со кои се соочува индустријата на градежни материјали, беше истакната и потребата за поголема посветеност на државните институции кон изнаоѓање решенија кои во услови на слободен пазар ќе овозможат пласман и заштита на домашното производство особено од нелојалната конкуренција од другите држави.

## 01.10.2020
## „ФАКОМ" АД - СКОПЈЕ СО ВИЗИЈА ЗА НАЈДОБРИ УСЛУГИ ЗА КЛИЕНТИТЕ И ВО УСЛОВИ НА КОВИД-19



Претставници на Стопанската комора на Македонија како партнер во проектот за изготвување на стратегија за „Паметна специјализација" реализираше работна средба со директорот на „ФАКОМ" АД – Скопје, Мартин Велковски. На средбата се разговараше за предизвиците со кои се соочува металопреработувачката индустријата како резултат на актуелната КОВИД-19 криза, за тековните проблеми во дејноста, но и за потенцијалите за натамошен развој и остварување поголема конкурентност на производите од оваа индустрија на пазарот.

**02.10.2020**

## Мали хидроцентрали - лидер во производството електрична енергија од обновливи извори



„МАЛИ ХИДРОЦЕНТРАЛИ" (МХЦ) е национален лидер во производството на чиста електрична енергија од 25 мали хидроцентрали. Фирмата е 100% посветена на обновливата енергија и заштитата на животната средина. Компанијата и во услови на криза инвестира во проекти од обновливи извори на енергија и прави напори малите хидроелектрани да бидат извозен производ, каде ќе се вградуваат турбини кои се од македонско производство, а странските купувачи ќе добијат производ по принципот „клуч на рака".

**07.10.2020**

## Иновативноста и употребата на софистицирани технологии, неопходни за конкурентни производи



„Камел Солар" е компанија која произведува високо квалитетни сончеви колектори, користејќи единствена, оригинална и современа „state of the art" технологија. Во производната програма „Камел Солар" нуди повеќе типови на колектори, и тоа вакумски и плочести колектори во стандардно производство, како и иновативните фасадни и прозорски колектори и потполно нов производ на пазарот, плочести колектори со регистер од инокс, наменети за загревање на вода во базени.

**07.10.2020**

## Подобар производ преку развој и усовршување



„СМЕЛТ ИНГ" ДОО работи во металопреработувачката индустрија на изработка на електрични ормари и делови од лим. Компанијата континуирано се развива и притоа на своите купувачи им овозможува најразлични производи и услуги. Произведуваат полиестерски и метални ормари, метални кабловски регали и други производи од метал.

**07.10.2020**

## КНАУФ Е ПРИМЕР ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕАЛНИОТ СЕКТОР И НАУЧНО-ОБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ




Со цел задоволување на потребата за квалификуван кадар во градежништвото, КНАУФ има иницирано и заедно со градежните училишта има воведено нов профил на занимање – монтер за сува градба, а во рамки на стратешките правци на компанијата е обезбедувањето на техничка и финансиска поддршка на овие училишта. Ова занимање постои веќе 15 години и досега занаетот го имаат изучено околу 1000 монтери – беше посочено на работната средба остварена со компанијата.

**06.10.2020**

## Работна посета во „Макпрогрес" - Виница со идните амбасадори на РС Македонија во Косово и Холандија



Во организација на Стопанската комора на Македонија, беше реализирана работна посета на идните амбасадори на РС Македонија во Косово и Холандија.
Во улога на домаќин, Глигор Цветанов, сопственик на „Макпрогрес" - Виница и претседател на Клубот на извозници при Стопанската комора на Македонија, ги информираше амбасадорките за потенцијалите за соработка со овие пазари на македонското стопанство, за начините како амбасадите може да помогнат и да поттикнат поголем извоз, нови партнерства и афирмација на македонските производи на пазарите во Косово и Холандија.
Цветанов предлага преку амбасадите да се поддржи организација на денови на македонска храна, поврзување со домашните трговски синџири во земјите за пласман на наши производи. На македонските компании од големо значење им е доколку во овие специфични услови на дејствување се овозможи и електронско, „онлајн" претставување на капацитетите и производите на македонските фирми.
Во насока на претставување на потенцијалот на „Макпрогрес", Цветанов организираше и посета на погоните на фабриката со цел и директно запознавање со производниот капацитет и процес на работа по сите европски стандарди. „Макпрогрес" извезува на повеќе од 55 странски пазари, со извоз на 75% од вкупното производство. Има 11 производни линии во повеќе палети производи. Работи за познат купувач по дефинирани нарачки.

**08.10.2020**

## ГРАДЕЖНИШТВОТО ИМА ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ПОНАТАМОШЕН РАСТ И РАЗВОЈ



Во рамки на работната средба на ДГ Бетон АД Скопје се дискутираше дека градежништвото има потенцијал за понатамошен развој на домашниот пазар, особено во делот на инфраструктурата со оглед дека во нашата држава поминуваат два од најважните транспортни коридори – Паневропските коридори X и VIII. Исто така, покрај патната инфраструктура има потенцијал за развој и на железничката инфраструктура. Со цел освојување на странскиот пазар, беше посочено дека треба да се разгледа можноста државата да дава гаранции за големите градежни проекти, односно да обезбеди гарантен фонд кои ќе ги поддржува компаниите што работат во странство.

**09.10.2020**

## ЛАНГ Дооел Битола



Друштвото за трговија, услуги и производство ЛАНГ, Битола е формирано 1999 година.

Од своето постоење до денес своите производи и услуги ЛАНГ, Битола ги продава на пазарите во Македонија со тенденција за проширување и на меѓународните пазари.

Прилагодувајќи се на трендовите на пазарите ЛАНГ, Битола се специјализира за производство и одржување на идустриски изменувачи на топлина, одржување на високонапонски електро мотори, високопритисна хидраулика, услуги со градежна механизација и товарен транспорт.

**ГТ Компани Битола**

Компанијата постои од далечната 1985 година. Специјализирана е за производство на домашни слатки и десерти и 100% природен италијански сладолед. Во склоп на фирмата освен производствениот погон функционираат две кафитерии/слаткарници и еден lange bar. Компанијата во процесот на менторирање се вклучи со цел запознавање со методите на менторирање на JICA како и промоција на работењето.

Поради COVID-19 кризата угостителскиот сектор доби силен удар во своето функционирање и компанијата работи со намален капацитет, но се адаптира на новите протоколи во работењето.




**09.10.2020**

## Работна посета на „ИГМ Трејд"




Стопанската комора на Македонија реализираше работна посета на компанијата „ИГМ Трејд" – Кавадарци. За потенцијалните предизвици и развојните можности на компанијата разговаравме со Александар Гечев, сопственик и раководител на „Алпос металургија" од Шентјур и еден од сопствениците на „ИГМ Трејд".

Компанијата „ИГМ Трејд" има околу 500 вработени и е најголемиот македонски инвеститор во ЕУ со инвестицијата од над 40 милиони евра во модерна фабрика за цевки во Словенија, а произведува 100 илјади тони цевки и профили годишно со обрт од 50 милиони евра.

Компанијата е комплетно извозно ориентирана и 95 отсто од вкупното производство на квадратни и правоаголни челични профили се извезуваат на пазарите во земјите на ЕУ и ЦЕФТА.

**14.10.2020**

## НОВ ПРОИЗВОДСТВЕН ПОГОН НА НЈСК ХОЛДИНГ - првата македонска компанија лиценцирана за одгледување на канабис за медицински цели



Во индустриската зона Ќојлија, општина Петровец, НЈСК Холдинг инвестираше над 16 милиони евра во изградба на нов капацитет за производство на канабис за медицински цели.
Во новиот производствен погон, кој се протега на површина од 17.800 $m^2$ е имплементирана најнова технологија на градба, вградена е најсофистицирана опрема со примена на највисоките фармацевтски стандарди за одгледување на медицински канабис и негов третман до финален медицински производ како хербален продукт и негова преработка во висококвалитетен екстракт.

**15.10.2020**

## Континуирани инвестиции за подобрување на производството во „Кожувчанка"



Претставници на Стопанската комора на Македонија реализираа работна посета во Фабриката за производство на вода, пиво и сокови „Кожувчанка" од Кавадарци со генералниот директор, Јанинка Чупаркоска. Посетата се реализираше во рамки на Проектот „Подготовка на стратегија за паметна специјализација" каде во моментот се одвива консултативен процес со приватниот сектор и институциите за дефинирање на приоритетните сектори кои имаат конкурентни предности и потенцијал за развој, а прехранбената индустрија е една од клучните индустрии кои ќе бидат анализирани во рамките на Квалитативната анализа која ја подготвува Стопанската комора на Македонија во соработка со Европската комисија и министерствата за образование и наука и за економија на Република Северна Македонија.

**20.10.2020**

## ИСТРАЖУВАЊЕТО И РАЗВОЈОТ - ДВИГАТЕЛИ НА УСПЕШНА КОМПАНИЈА



Директорката на „Раде Кончар – Контактори и релеи", Ана Киријас, ни предочи дека најголем проблем на компанијата е изнаоѓање на квалитетен стручен кадар, а продлабочувањето на соработката со средно техничкото училиште е во насока на подобрување на квалитетот на техничкото образование. Инвестициите во развој и технологии не застануваат ни во кризниот период, бидејќи напредокот на компанијата е во усовршување на производите и поголема конкурентност на пазарот.

**26.10.2020**

## ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - И ВО УСЛОВИ НА КРИЗА СЕ РЕАЛИЗИРААТ ПРИОРИТЕТИТЕ ВО ЈП „ПАЗАРИ" - БИТОЛА

И во услови на криза која веќе седум месеци има активно негативно влијание и ограничувања на работата на многу дејности, зелените пазари се обидуваат преку доследна примена на протоколите за работа и мерките за заштита од корона кризата, да се одржат во функција.
Сепак, тоа не ги ограничува претпријатијата кои имаат веќе започнати инвестициски активности истите да не ги реализираат. Напротив, вложувања во инфраструктура, проекти за енергетска ефикасност, заштита на животната средина се остваруваат согласно планираното. Во таа насока, преку инвестиција од над 35 илјади евра ЈП „Пазари" - Битола реализира повеќе инвестициски активности.

**03.11.2020**

## Правилен развој на обновливите извори на енергија преку реално сценарио за развој

Друштвото за производство на електрична енергија „ЕМК мали хидроелектрани" ДООЕЛ Скопје е компанија чија основна дејност е производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија. „ЕМК" ДООЕЛ во своето портфолио има 6 мали хидроелектрани, кои се реализирани како инвестиции green-field, почнувајќи од фаза на добивање концесија до пуштање во погон и оперирање. Дополнително, уште 6 проекти за мали хидроелектрани се доведени до фаза на одобрение за градење, по што се пренесени кај други правни субјекти.
Друштвото е во целосна сопственост на компанијата Energy Eastern Europe Hydro Power GmbH, со седиште во Виена, Р. Австрија. Покрај „ЕМК" ДООЕЛ Скопје, како фирми ќерки на Energy Eastern Europe Hydro Power GmbH се јавуваат и ЕВН Male hidroelektrane Sarajevo и ERS Male hidroelektrane Foča, двете од Босна и Херцеговина.

## КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ  КИФ

05.3.2020

### ПОВРЗУВАЊЕ НА РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ПРЕКУ КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ КИФ

На 27 август 2015 година, во Виена, за време на одржувањето на Виенскиот самит, под покровителство на германската канцеларка Ангела Меркел, а во насока на активно вклучување на националните стопански комори од шесте земји од Западен Балкан, во реализацијата на конкретните заклучоци и цели од Берлинскиот процес, беше формиран Коморскиот инвестициски форум (КИФ). КИФ е формиран од страна на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан - Стопанската комора на Македонија, Унијата на стопански комори на Албанија, Надворешно-трговската комора на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Косово, во насока на спроведување на заеднички активности кои се од интерес за бизнис заедниците и економиите од регионот.



Во јули 2017 година беше отворена канцеларијата на Генералниот секретаријат на Коморскиот инвестициски форум со седиште во Трст, а во февруари 2019 година е отворена и регионална канцеларија на Коморскиот инвестициски форум со седиште во Подгорица. Овие две канцеларии функционираат како главна поддршка на бизнис заедницата во регионот задолжени за реализација на заеднички проекти, но и следење на преземањето на чекори во секоја од коморите од регионот поединечно, активности кои се дел од Повеќегодишниот план за создавање единствена регионална економска област на Западен Балкан. Интенцијата е, сите дефинирани проекти во рамките на КИФ да условат подигнување на нивото на соработка во регионот, инвестиции, конкурентност, слободно движење на стоки и на работна сила.

Активностите на Коморскиот инвестициски форум се насочени кон унапредување на конкурентноста на економиите од регионот со поврзување на бизнис заедниците од 6-те земји, подобрување на бизнис климата во регионот и зголемување на стоковната размена со земјите од Западен Балкан, но и пошироко, преку зголемена регионална економска соработка, промовирање на понатамошна трговска интеграција, воведување динамичен регионален инвестициски простор, олеснување на регионалната мобилност и креирање  агенда за дигитална интеграција.

**08.3.2020**

# ОДРЖАН СОСТАНОК НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА КИФ КОМОРСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ (КИФ) ВО СКОПЈЕ





- Од основањето на Коморскиот инвестициски форум како заедничка институција на шесте комори од Западен Балкан, направени се значителни поместувања во поглед на поврзување на бизнис заедниците и економиите од регионот и зајакнување на меѓусебните односи на ниво на шесте влади од Западен Балкан. Шесте комори во рамки на КИФ, во соработка со своите стратешки партнери и поддржувачи на процесот за креирање единствена регионална економска област, активно работат на имплементација на проектни активности во насока на креирање на подобри услови за работа на компаниите во регионот но и нивен настап на европските пазари- истакна претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески на денешниот состанок на Управниот Одбор на Коморскиот инвестициски форум.



На состанокот на Управниот Одбор, претседателите на шесте комори заедно со националните координатори на активностите во рамки на КИФ, дискутираа за досега отпочнатите проектни активности и нивната имплементација во наредниот период. За регионот од особено значење се активностите коишто ќе се реализираат до крај на годината, вклучувајќи го Самитот на ЕУ којшто ќе се одржи во мај во Загреб, како и Самитот на Западен Балкан во рамки на Берлинскиот Процес којшто е планиран да се реализира во октомври годинава, во чиишто рамки Северна Македонија ќе биде домаќин на економскиот дел од самитот. Во меѓувреме менаџментот на КИФ, останува да работи во насока на уредување на институционалниот капацитет и јакнеење на проектните активности во рамки на КИФ.









**09.3.2020**

## ЗАЈАКНУВАЊЕТО НА РЕГИОНАЛНАТА ЕКОНОМСКА СОРАБОТКА И КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ



Денес, КИФ ја претставува можеби најважната алатка за зајакнување на регионалната економска соработка и еден од најуспешните резултати на Берлинскиот процес. Соработката во рамките на КИФ се заснова на премисата дека деловните заедници од регионот заеднички можат да направат многу повеќе во однос на економскиот развој на секоја од државите, но и на целиот регион, отколку што некогаш би можеле да направат секој поодделно, - истакна д-р Татјана Штерјова, национален координатор на КИФ од Стопанската комора на Македонија, во своето излагање на редовната прес-конференција во Стопанската комора на Македонија. Според последните статистички податоци, засилените активности на КИФ насочени кон зајакнување на регионалната економска соработка и промовирање на понатамошна трговска интеграција, даваат позитивни резултати.





- Коморскиот инвестициски форум активно работи на проекти за регионална интеграција и зајакнување на соработката на бизнис заедниците од шесте земји од регионот, со цел побрза интеграција на земјите од Западен Балкан во Европската Унија. Тоа што во изминатиот период шесте комори во рамки на Коморскиот инвестициски форум успеаја да го постигнат преку активно лобирање и залагање за јавно-приватен дијалог меѓу бизнис заедниците, институциите и владите од регионот, може да послужи само како позитивен пример за тоа како треба да изгледа моделот на „нова Европа" на регионот на Западен Балкан, - истакна Сафет Ѓергалиу, генерален секретар на Коморскиот инвестициски форум.

**20.3.2020**

## КОМОРСКИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ-ИНФОРМАЦИИ ЗА COVID 19 ВО РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Коморскиот инвестициски форум, во соработка со шесте комори од регионот на Западен Балкан (Стопанската комора на Македонија, Унијата на стопански комори на Албанија, Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина, Стопанската комора на Црна Гора, Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Косово), заради обезбедување ажурирани и навремени информации релевантни за компаниите од подрачјето на Западен Балкан, на веб-страницата https://www.wb6cif.eu/, Коморскиот инвестициски форум ги обезбедува следните информации:

- Општи информации со лица за контакт во Коморите-основачи на Коморскиот инвестициски форум и релевантни информации за коронавирус COVID-19 во државите од регионот на Западен Балкан
- Новости за транспорт, вклучувајќи и мерки предложени од Европската комисија и транспортни организации, како и оперативни информации во врска со моменталната состојба на граничните премини
- Информации за одлуки, заклучоци и препораки усвоени од Владите во државите од регионот на Западен Балкан
- Релевантни документи поврзани со коронавирусот COVID-19 од меѓународните организации
- Информации за усвоени акти од Европската Унија, поврзани со справувањето со коронавирусот COVID-19

24.03.2020

## КИФ СО АПЕЛ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

КИФ упати апел за помош и поддршка до претседателката на Европската Комисија, госпоѓа Урсула вон дер Лејен, господин Кристиан Даниелсон генерален директор на Генералниот Директорат за Преговори за Добрососедство и Проширување, господин Оливер Вархељи, Европски Комесар за Добрососедство и Проширување, како и господин Фил Хоган, Европски комесар за трговија.

Едно од клучните прашањата коешто ги засега земјите од регионот е ограничувањето на извозот на заштитна медицинска опрема од европските земји. Здравствените системи во земјите од Западен Балкан се генерално послаби во однос на ЕУ, најмногу како резултат на недостаток на јавни средства и не толку силни економии. Покрај тоа, во регионот не постојат и доволно овластени производствени капацитети за да се премости јазот помеѓу побарувачката и понудата. Повикувајќи се на одлуката на Европската Комисија за изземање на Исланд, Лихтенштајн, Норвешка, Швајцарија и Велика Британија од барањата за одобрение за извоз на ЕУ, КИФ ја повика Комисијата да ја прошири одлуката и за земјите од Западен Балкан. Побарано е земјите од регионот да можат исто така да учествуваат во заедничката набавка на медицинска заштитна опрема.

Надворешните граници на ЕУ географски го опфаќаат и Западен Балкан. Од тие причини КИФ побара од Европската Комисија, итно да се земе предвид и можноста за дозвола за пристап до „зелените коридори" на компаниите од Западен Балкан. Протокот на стока - особено на приоритетни продукти како што се прехранбени производи, лекови, медицинска опрема - не смее да се прекине во ова кризно време. Транспортот на стоки од примарно значење треба да има приоритет во однос на другите стоки преку „зелените коридори" каде што протокот на сообраќај мора да тече непрекинато.

30.3.2020

## ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ТРАНСПОРТНИТЕ ЗЕЛЕНИ КОРИДОРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗАПОЧНУВА СО ПРИМЕНА

Владата на Република Северна Македонија, прва помеѓу државите од регионот на Западен Балкан, ја поддржа Иницијативата за воведување на т.н. зелени коридори на подрачјето на Западен Балкан, и нивно поврзување со зелените коридори воспоставени во државите-членки на ЕУ, преку прифаќање на Заедничкиот предлог на Постојаниот секретаријат на Транспортната заедница и Секретаријатот на ЦЕФТА за олеснување на транспортот и трговијата на примарни производи во регионот на Западен Балкан и помеѓу Западен Балкан и земјите-членки на ЕУ.

Иницијативата за воспоставување на т.н. зелени коридори има за цел да ја олесни трговијата и транспортот на стоки, преку регулирање и усогласување на воведените дополнителни мерки на претпазливост, преземени заради спречување наи ширењето на коронавирусот COVID-19, со цел да се овозможи транспортот на сите видови на стоки да се спроведува под услови колку што е можно поприближни кон условите кои важеа пред избивањето на пандемијата на коронавириусот COVID-19.

## 15.4.2020

## ЕУ ГИ УКИНА ЗАБРАНИТЕ ЗА ИЗВОЗ НА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН ПО ИНИЦИЈАТИВАТА НА КИФ



По започнувањето на пандемијата КИФ до Европската комисија достави повеќе иницијативи коишто резултираа со позитивен исход, меѓу кои е и иницијативата за приклучување на регионот кон „зелените" приоритетни ленти на граничните премини наменети за сообраќај на производи од приоритетно значење (вклучувајќи прехранбени производи, медицински средства и опрема, хемикалии) и елиминирање на ограничувањето на извозот на заштитна медицинска опрема од европските земји.

Во текот на вчерашниот ден Европската комисија започна консултации со земјите-членки на ЕУ за предлог-регулативата за прилагодување на шемата за овластување за извоз,  поставена како итна мерка на 15 март, со важност до 25 април 2020 година. Во согласност со глобалните заложби на Европската Унија за справување со пандемијата на корона вирусот, шемата во предлог-регулативата е привремена, насочена, пропорционална и транспарентна. Новата регулатива е предвидена да се применува за ограничен период од 30 дена, почнувајќи од 26 април 2020 година, а истата опфаќа само една категорија на производи - заштитни маски. Стручните служби на Комисијата сметаат дека ова е единствената преостаната категорија на производи, за којашто е неопходно овластување за извоз со цел да се обезбеди соодветно снабдување за заштита на здравјето на жителите на ЕУ.

## 20.4.2020

## ПАЛМЕР - ЧАДЕЖ: РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН НИКОГАШ НЕ БИЛА ПОВАЖНА



Зајакнување на регионалната економска соработка и интеграција, забрзување на создавање заедничка економска област на Западен Балкан и подлабока интеграција на регионот во правниот и економскиот систем на Европската унија се клучни за закрепнување на регионалните економии од ефектите на пандемијата Ковид 19 .

Ова беше заклучено во телефонскиот разговор меѓу Марко Чадеж, претседател на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум и Метју Палмер, заменик-помошник на државниот секретар на САД и специјален претставник на САД за Западен Балкан.

За време на повикот беше споменато формирање на посебен фонд за поддршка на активностите насочени кон зајакнување на регионалната соработка. Овој фонд може многу да придонесе за зајакнување на процесот на регионалната и европската интеграција на Западен Балкан, а исто така може да доведе и до побрзо закрепнување на економиите од регионот.

**20.5.2020**

## КИФ СО ЗАЕДНИЧКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА БОРБА ПРОТИВ КОРОНА КРИЗАТА




Коморскиот инвестициски форум во изминатиот период целосно ги насочи ресурсите кон обезбедување помош и поддршка за компаниите кои работат на регионалните пазари, за надминување на проблемите и обезбедување непречено работење и функционирање на компаниите во тековните околности поврзани со корона вирусот Ковид-19.

Воведените заштитни мерки за увоз на челик во ЕУ, кои се применуваат од 01.02.2019 година, предизвикуваат сериозни негативни ефекти врз работењето на оваа индустрија во целиот регион. Конкретно, во однос на македонската челична индустрија, во изминатиот период се бележи драстичен пад на увозот и извозот на производи поврзани со челикот во државата. Поради тоа, Коморскиот инвестициски форум покрена иницијатива до претседателката на Европската комисија, високиот претставник на Европската унија за надворешна и безбедносна политика и комесарите за трговија и за проширување и добрососедска политика, имајќи ги предвид блиските врски на регионот со ЕУ, како и тековните процеси согласно склучените спогодби за стабилизација и асоцијација, земјите од Западен Балкан да бидат изземени од примената на заштитните мерки за увоз на челик во ЕУ.

Истовремено, Коморскиот инвестициски форум го покрена и прашањето за обезбедување слободно движење помеѓу државите од регионот на Западен Балкан, како мерка за спас на туристичкиот сектор. КИФ до премиерите на шесте држави од регионот на Западен Балкан покрена иницијатива за формирање на посебен „патнички коридор", односно своевиден „туристички балон" за државите од регионот на Западен Балкан, што би подразбирало да се укине сегашниот период на самоизолација или карантин помеѓу земјите од Западен Балкан , што ќе овозможи слободно движење за потреби на работа или за туристички цели помеѓу државите од регионот на Западен Балкан.

**16.7.2020**

## КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ПОВИКУВА НА ПОДДРШКА ЗА ЕКОНОМИИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан ги повика Владите од регионот, Европската Унија и сите меѓународни организации вклучени во процесот на воспоставување на функционална регионална економска област (РЕО) да се забрза создавањето на заедничкиот пазар на подрачјето на Западен Балкан, со цел да се поддржи деловната заедница во овие тешки времиња и да им се олесни работењето на компаниите.

„Денес повеќе од кога било, потребна ни е регионална соработка, отстранување на меѓусебните бариери за бизнисот и воспоставување регионален заеднички пазар, и поради овие причини важно е во континуирана комуникација и со активно учество на деловната заедница да се работи побрзо и поефикасно за креирање мерки и спроведување на повеќегодишниот акциски план за следниот период", посочи Марко Чадеж, претседател на Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан, на on-line состанокот посветен на активностите за подготвување на новата Регионална економска агенда за периодот од 2021 до 2024 година, на која присуствуваа претставници на Европската комисија, националните координатори на Владите од регионот на Западен Балкан, Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан, Секретаријатот на ЦЕФТА и Советот за регионална соработка.

Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан подготви и достави предлог за конкретни мерки за кои деловната заедница смета дека треба да бидат вклучени во новиот Акциски план за имплементирање на функционална Регионална економска област, со цел брзо отстранување на бариерите за водење бизнис во регионот, обезбедување на слободно движење на луѓе, стоки, услуги и капитал, и олеснување на создавањето на регионални синџири на вредности.

**16.7.2020**

## ЧАДЕЖ: КИФ ФОРМИРА ДЕЛОВЕН СОВЕТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО



Претседателот на Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан, Марко Чадеж, најави дека заедничката асоцијација која ги соединува сите шест национални комори од земјите од Западен Балкан и претставува над 400.000 претпријатија од регионот, ќе формира Деловен совет на Западен Балкан. Овој Деловен Совет ќе го следи напредокот во процесот на елиминирање на препреките за поуспешно водење на бизнис во регионот и за своите активности редовно ќе ги информираат владите од

регионот, предложувајќи им мерки кои на стопанствениците ќе им го олеснат работењето и ќе им ги намалат трошоците.
„Ние сами, во регионот мораме да превземеме одговорност, а не да чекаме на сигнали од Берлин и Вашингтон", порача Чадеж на панелот одржан во рамки на видео Самитот на лидерите од Западен Балкан посветен на економската соработка, во организација на Атланскиот совет.

**02.09.2020**

## ГЕРМАНИЈА ВЕТИ ПОДДРШКА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН



За време на своето претседателство со Советот на Европската унија, Германија ќе ја поддржи регионалната економска интеграција и воспоставувањето на посилна рамка за соработка меѓу Западен Балкан и Европската унија. Ова беше заклучокот на видео-конференцијата одржана меѓу сојузниот министер за економски прашања и енергетика на Германија, Питер Алтмаер, пратеникот од Бундестагот, Јоаким Фајфер и претседателот на Управниот одбор на ЗБ 6 КИФ, Марко Чадеж. Министерот Алтмаер и претседателот Чадеж се согласија за важноста на зајакнувањето на економската соработка меѓу земјите од Западен Балкан, како најбрз начин за интензивирање и зацврстување на меѓусебните односи во регионот што ќе доведе до негова побрза интеграција на единствениот пазар на ЕУ.

**05.10.2020**

## КОНСТИТУИРАН ДЕЛОВНИОТ СОВЕТ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ЗА ПОМАЛКУ БАРИЕРИ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН



На денешната седница на Управниот одбор на Коморскиот инвестициски форум (КИФ), асоцијација на шесте комори од регионот на Западен Балкан, се формираше Деловниот совет, кој, во име на 400.000 компании од регионот ќе го следи отстранувањето на пречките за регионалната економска соработка во регионот, како и за соработката на регионот со ЕУ, предлагајќи мерки што ќе и' го олеснат бизнисот за деловната заедница од регионот и ќе ги намалат трошоците. Деловниот совет исто така ќе биде дел од платформата за комуникација меѓу

стопанството и институциите во регионот со Брисел, во однос на спроведувањето на новиот акционен план за воспоставување заеднички пазар за периодот 2021-2024 година.
Членови на нововоспоставениот Совет се истакнати бизнисмени, регионални бизнис лидери, од сите шест економии на Западен Балкан и скоро сите сектори на производство и услуги, претставници на водечките деловни субјекти: албански – „БАЛФИН", „Агна" и „Инфософт група", босански – „МС Вуд", „Сараево Кисејак" и „Микроеленика", Косово - Корпорацијата „Деволи" и Групацијата „Алби", црногорски – „Воли", „Требјеса" и „Портонови", македонски – „Алкалод", „М6" и „Тиквеш" и српски – „Еликсир Груп", „Нелт" и „Милшпед".
Претседателите на шесте стопански комори, членки на КИФ попладнево ќе бидат примени од албанскиот премиер, Еди Рама, а потоа ќе разговараат со министерката за финансии и економија, Анила Денај.

**07.10.2020**

## УСВОЕН ЕКОНОМСКИОТ И ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАН НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Европската комисија го објави Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан. Како што е утврдено од претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, во нејзиниот говор за состојбата на Унијата од 14 септември 2020 година, „иднината на целиот регион лежи во ЕУ". Овој економски и инвестициски план утврдува значителен пакет инвестиции за регионот.
Економскиот и инвестицискиот план има за цел да го поттикне долгорочното закрепнување - поддржано од „зелена" и дигитална транзиција - што ќе доведе до одржлив економски раст, спроведување на реформите потребни за да се оди напред по патот на ЕУ и приближување на Западен Балкан кон ЕУ Единствен пазар. Таа има за цел да го ослободи неискористениот економски потенцијал на регионот и значителниот простор за зголемена интрарегионална економска соработка и трговија. Предмет на усвојување на следната повеќегодишна финансиска рамка и поврзаните правни основи, Комисијата предлага да се мобилизираат до 9 милијарди евра од ИПА III за финансирање за периодот 2021-2027 година за поддршка на економската конвергенција со ЕУ, пред се' преку инвестиции и поддршка на конкурентноста и инклузивниот раст, одржлива поврзаност и двојната „зелена и дигитална транзиција.

**30.10.2020**

## ИНИЦИЈАТИВА НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ ЗА НЕПРЕЧЕНО ДВИЖЕЊЕ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, ЗА ДЕЛОВНИ ПОТРЕБИ, ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

Можноста за неограничено движење е една од основните претпоставки за раст на бизнисот. Компаниите во регионот соработуваат на дневна основа, реализираат заеднички инвестиции и проекти или имаат основано свои подружници или претставништва во некои од другите земји од регионот на Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора). За непречено спроведување на сите овие активности, многу често потребно е лично присуство на бизнисмени на територијата на тие земји. Дополнително, многу често се јавува потребата компаниите да треба да испраќаат работници за извршување работни задачи во некоја од другите држави од регионот, за спроведување некои договорни обврски, за инсталирање/монтирање машини и друга опрема или за други потреби, посочи д-р Татјана Штерјова-Душковска, директор на Дирекцијата на здруженија и регионални комори и национален координатор на Коморскиот инвестициски форум, на прес-конференција во Стопанската комора на Македонија.

Поради ова, Коморскиот инвестициски форум, како асоцијација на шесте комори од регионот на Западен Балкан, минатата недела до премиерите на државите од овој регион упати иницијатива за обезбедување непречено движење на лица низ регионот, кога е тоа потребно, за деловни цели или за испраќање работници за извршување определени работи во некоја од другите држави од регионот, односно предлог за воспоставување на т.н. „зелени ленти‟ за непречено движење на овие лица низ регионот на Западен Балкан, кои би се применувале без оглед на можното влошување на епидемиолошката состојба во земјите од регионот во периодот што претстои.

**03.11.2020**

## NEAR-SHORING - МОЖНОСТ И ШАНСА ЗА ДОМАШНИТЕ КОМПАНИИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Во рамки на активностите на Коморскиот Инвестициски Форум (КИФ), Стопанската Комора на Македонија заедно со останатите 5 комори од земјите на западен Балкан, Германската стопанска комора (DIHK) и Виенскиот институт, работи на студија – "Near-shoring potential in the Western Balkans (Потенцијалот на земјите од Западен Балкан за near-shoring)".

Потребата за изработка на ваква студија е предизвикана од нарушените глобални синџири на снабдување и производство како резултат на превземените рестриктивни мерки за справување со Ковид-19 кои резултираат во отежнати текови на производството во светски рамки, проблеми со дистрибуција и зголемени трошоци. Притоа, студијата коинцидира со размислувањата на компаниите од западна Европа за реалокација на своите производствени процеси поблиску до матичните земји и пазарите на кои се пласираат тие производи.

**05.11.2020**

## ОДРЖАНА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА БИЗНИС-СОВЕТОТ НА КОМОРСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОРУМ




Бизнис-советот на Коморскиот инвестициски форум, кој го сочинуваат стопанственици од 16 водечки компании од сиот регион, од различни производствени и услужни сектори, ја одржа својата конститутивна седница преку видеоконференциска врска на 4 ноември 2020 година. Бизнис-советот, врз основа на мерливи критериуми, ќе го следи напредокот во спроведувањето на акцискиот план за заедничкиот регионален пазар, кој се очекува да биде усвоен следната недела во Софија, на Самитот на ЕУ за Западен Балкан, во рамки на Берлинскиот процес, во чие создавање активно учествуваше и деловната заедница од регионот.

Со цел да се обезбеди слободен и побрз проток на луѓе, стоки, услуги и на капитал во регионот, според членовите на бизнис-советот, приоритетно е владите од регионот да ги стандардизираат и да обезбедат меѓусебно признавање на сертификатите и на другата трговска документација што ги придружува стоките; да ја подобрат инфраструктурата на граничните премини; да го усогласат работното време на граничните служби, но и да работат на забрзување на царинските постапки преку обезбедување побрз проток на стоки и бесхартиено царинење. Стопанствениците укажаа и на други прашања за кои треба да се разговара на регионално ниво, вклучувајќи ги прашањата за регионални фондови за финансирање истражување и иновации, фискализација на регионално ниво, меѓусебно признавање на работните дозволи, усогласување и заемно признавање на лиценците, олеснување на меѓукомпаниските трансфери и намалување на интрарегионалните плаќања.

## 11.11.2020

## УСВОЕН АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР НА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Лидерите на шесте држави од регионот на Западен Балкан, на состанокот на Самитот во рамки на Берлинскиот процес, одржан во Софија на 10 ноември 2020 година, се согласија да ја зајакнат економската соработка во регионот преку развој на заеднички регионален пазар, заснован на правилата и стандардите на ЕУ, за да се зголеми привлечноста и конкурентноста на регионот и да се приближи регионот до ЕУ и го усвоија Акцискиот план за воспоставување Заеднички регионален пазар.

Акцискиот план, ги утврдува чекорите кон воспоставување на Заеднички регионален пазар (ЗРП) во регионот на Западен Балкан, заснован на четирите слободи на ЕУ (слободно движење на лица, стоки, услуги и капитал), при што засилена соработка се предвидува и во областите на дигитализацијата, инвестиските и иновациските политики, како и индустријата.

Коморскиот инвестициски форум, во кој е активно вклучена и Стопанската комора на Македонија, активно учествуваше во концепирањето на акцискиот план, и преку Бизнис Советот, кој неодамна беше конституиран, ќе биде еден од главните чинители за следење на прогресот на реализацијата на зацртаните цели во усвоениот акциски план.

## 20.11.2020

## ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР ОТВАРА МОЖНОСТИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ



Во рамките на Берлинскиот процес, на почетокот на ноември 2020 година, лидерите на западен Балкан (ЗП) се согласија да ја зајакнат економската соработка во регионот преку интеграција во заеднички регионален пазар (ЗРП), заснован врз правилата и стандардите на ЕУ. Целта е да се зголеми привлечноста и конкурентноста на регионот на западен Балкан и да се приближи поблиску до интеграцијата во ЕУ. Идејата за ЗРП е резултат на неколкугодишниот процес, кој започна во 2014 година. Планот за формирање на ЗРП во следните 4 години ќе ги опфати следниве области:

1/ Регионална трговска област: слободен проток/движење на стоки, услуги, капитал и луѓе

2/ Регионална област за инвестирање, со усогласување на политиките за инвестирање со стандардите на ЕУ и поголема привлечност на регионот за странските инвеститори

3/ Регионална дигитална област, преку интеграција на ЗБ во пан-Европскиот дигитален пазар
4/ Регионална индустриска и иновативна област, за трансформирање на индустриските сектори

**30.12.2020**

## ИНВЕСТИЦИИТЕ И ИЗВОЗОТ МОРА ДА ДОБИЈАТ НАЈВИСОК ПРИОРИТЕТ ЗА ПОБРЗО ОПОРАВУВАЊЕ И ЗАБРЗАН РАСТ




За мала и отворена економија како македонската, извозот е водечката сила, и приоритет мора да бидат мерките тој да се диверзифицира, и во однос на бројот на извозни компании, и во однос на комплексноста на извозните производи, но и на пазарите на кои се пласира.
Најголемиот проблем за кој алармираат компаниите при реализацијата на инвестициски проекти се административните лавиринти кои траат предолго, а делумно и ниската реализација на капиталните инвестиции се должи на капацитетите на јавните власти за нивно спроведување. Затоа, инвестициите и извозот треба да добијат своевиден „fast track" кај јавната администрација на сите нивоа, ако сакаме побрзо опоравување и забрзан раст.
Преку Коморскиот инвестициски форум, како асоцијација на шесте стопански комори од регионот на Западен Балкан, во кој основач е и нашата Комора, во изминатиот период, со директна поддршка од ЕУ, активно бевме вклучени во конципирањето на мерките и активностите во новиот Акциски план за Заедничкиот регионален пазар, кој беше усвоен на Софискиот самит во ноември, и активно ќе партиципираме во неговото спроведување.

# ДИРЕКЦИЈА НА ДРУГИ ФОРМИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РАБОТЕЊЕ ПРИ КОМОРАТА

## ОБРАЗОВАНИЕ

**14.01.2020**

### ПОСТОИ ИНТЕРЕС И ВОЛЈА ОД КОМПАНИИТЕ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИТЕ




Со поддршка на Стопанската комора на Македонија, се одржа работен состанок со претседателот на Здружението на градежништвото, индустријата на градежните материјали и неметалите при Комората и претставници на стручното градежно училиште ,,Здравко Цветковски" од Скопје за релизацијата на практичната обука на учениците во компанија. Работната средба покажа дека постои интерес и волја од компаниите да помогнат во развивањето на стручните вештини и компетенции кај учениците преку вклучување на ученици од градежното училиште во реализацијата на практична обука во нивните компании.

**22.01.2020**

### ПРАКТИЧНАТА ОБУКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ФИРМИТЕ МОЖНОСТ ЗА НИВНО УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ



Кога се зборува за стручни кадри се мисли на лица кои поседуваат стручни знаења и вештини и во кои не ќе треба дополнително да се вложува веднаш по нивното вработување. Такви кадри ќе се обезбедат доколку имаме квалитетна практична обука што ја реализираат учениците и тоа во фирмите каде ќе се запознаат со работните процеси во фирмата и ќе ја почувствуваа работната атмосфера во текот на учењето. Свесна за овие процеси кои мора да се случат, Стопанската комора на Македонија, започна активности за вмрежување на

компаниите и стручните училишта за реализација на практичната обука. За таа цел се оствари работната средба во средното стручно училиште ,,Браќа Миладиновци" од Скопје со цел вмрежување на училиштето со фирми за реализацијата на практичната обука за квалификации од секторот земјоделие, ветеринарство и рибарство.

**29.01.2020**

## ПРИДОБИВКИ ОД ПРАКТИЧНАТА ОБУКА ЗА КОМПАНИИТЕ ОД СЕКТОРИТЕ ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И МАШИНСТВО




Компаниите од секторите за електротехника и машинство ја препознаа придобивката од реализацијата на практичната обука на учениците како можност за обезбедување на сегашниот и иден кадар за своите потреби. Тоа го истакнаа директорите на средните стручни училишта СЕТУГС „Михајло Пупин", СУГС „Владо Тасевски" и СУГС „8 Септември" од Скопје на работната средба во Стопанската комора на Македонија, кои потенцираа дека компаниите им излегуваат во пресрет кога станува збор за реализација на практичната обука на учениците. Тие изразија благодарност до Комората која организира вакви средби со цел вмрежување на училиштата и компаниите.

**03.02.2020**

## МЕНТОРИТЕ ВО КОМПАНИИ – УСЛОВ ЗА УСПЕШНА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИТЕ



Стопанската комора на Македонија работи на вклучување на компаниите, нејзини членки, во дуалниот систем на образование каде учениците практично можат да ги применат своите теоретски знаења и да стекнат практични вештини. За таа цел се оствари работната средба во средните стручни училишта „Георги Димитров" и „Лазар Танев" од Скопје, во насока на поврзување на училиштата со компаниите во кои учениците ќе реализираат практична обука.

**28.02.2020**

## ОБУЧЕНИ МЕНТОРИ И ВЕРИФИКУВАНИ КОМПАНИИ – УСЛОВ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИТЕ



Стручноста на учениците по завршувањето на стручното образование се должи на квалитетот на реализација на практичната обука во компаниите, но искуството на терен покажува дека се јавуваат проблеми при реализирање на праксата. За да се излезе во пресрет на барањата на компаниите за стручен кадар и успешно да се реализира практичната обука во компаниите, Стопанската комора на Македонија реализираше работна средба со директорите на средните економски училишта „Васил Антевски Дрен" и „Арсениј Јовков", Александар Канурков и Марија Дренковска Стојановска, како и со наставниците по практична настава за спецификите и предизвиците во реализацијата на обуката во овој сектор и поврзување на училиштата со компаниите во кои учениците ќе реализираат практична обука.

**24.06.2020**

## ЗГОЛЕМЕН ИНТЕРЕС ЗА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА, СОРАБОТКАТА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА - КЛУЧ ЗА КВАЛИТЕТЕН СТРУЧЕН КАДАР




Изминатата недела беше во знакот на уписите во средните училишта, што во голем дел се поистоветува со носењето клучна одлука за младите ученици во процесот на градење на својата кариера. Секоја година битката се води помеѓу општите и стручните училишта. Традиционално, медицинските училишта и гимназиите секогаш биле највисоко поле на интерес кај идните ученици, но годинава позитивно изненадува зголемениот интерес на учениците за електротехничката и градежната струка. Преку Стопанската комора на Македонија, беа иницирани низа состаноци со членките од Здружението на градежништвото при Комората, на кои беа презентирани ставовите на компаниите, но и нивната подготвеност за вклучување во реализацијата на практичната обука на учениците.

**10.09.2020**

## ОДОБРЕНИ ПРОТОКОЛИТЕ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО КОМПАНИИ




Непобитен е фактот дека стручните вештини се совладуваат исклучиво преку мануелен процес, процес на вежби, односно работен процес во реална работна средина каде теоријата ја наоѓа својата применливост. Виртуелната настава, наметната поради состојбата со корона вирусот, може да даде резултати во теоретските знаења, но неизвесно е нејзиното влијание во стекнувањето на стручните вештини и професионални компетенции на учениците. Загрижена за непречено функционирање на практичната обука и феријалната практика на учениците во компаниите и непречена реализација во новонастанатите услови, Стопанската комора на Македонија, како бизнис асоцијација пристапи кон подготовка на Протоколи за заштита и безбедно одвивање на практичната обука во работната средина каде учениците истата ја реализираат.

**15.09.2020**

## КОН РЕГИОНАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ЗАНИМАЊА




Регионалната економска соработка, подобрување на бизнис климата и создавање на заедничка економска област на Западен Балкан, како и обезбедување човечки ресурси за поддршка и продуктивност на компаниите и олеснување на регионалната мобилност, не се лесно остварливи без заедничка соработка и на полето на образованието. И во услови наметнати од пандемијата поради корона вирусот, во рамките на Проектот „Кон регионални стандарди на занимања - КОН РЕГОС" продолжува дијалогот меѓу образовните институции, креатори на идната работна сила, стопанските комори и бизнис секторот кој има потреба од квалификуваната и стручна работна сила. Дијалогот резултира со соработка и создавање стандарди на занимања според регионалните заеднички потреби на бизнис секторот од земјите во Западен Балкан.

**22.09.2020**

## ПРЕЗЕНТИРАНА АНАЛИЗАТА ЗА ВКЛУЧЕНОСТ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА



Стопанската комора на Македонија, во рамките на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија", одржа конференција на тема: **„Важноста на вклученоста на приватниот сектор во стручното образование и обука и соработка со училиштата"** На настанот беа презентирани наодите од истражувањето, спроведено од Стопанската комора на Македонија во месеците јуни/јули 2020 година, за вклученоста на приватниот сектор во стручното образование и обука и успешноста од соработката со стручните училишта. Целта на анализата беше да се согледа моменталната состојба со процесот на реализација на практичната обука, каков е интересот на компаниите за вклученост во процесот и поддршката што ја даваат компаниите на училиштата (финансиска, материјална и менторска).

**23.09.2020**

## ЗАЕДНИЧКА СРЕДБА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕРКАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА



Дуалниот систем на образование и регионалните центри за стручно образование и обука беа тема на денешната средба со министерката за образование и наука, Мила Царовска, организирана на покана на Стопанската комора на Македонија, со претставници од Стопанската комора на Македонија и компании, членки на Комората. На средбата се дискутираше за врвните приоритети на Стопанската комора на Македонија во насока на создавање поефикасен систем на стручно образование и обука и развој на кадар, пазарно ориентиран со соодветни квалификации потребни на стопанството.

**26.10.2020**

## СО ВКЛУЧЕНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ВО УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА – ДО ПОКВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И КАДАР




Со цел зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд и вештините на младите што се развиваат преку образовниот систем, неопходно е зајакнување на соработката помеѓу работодавачите и училиштата. За таа цел, Стопанската комора на Македонија во соработка со стручни лица, а по барање на компаниите организира обуки на ментори во компаниите. Една од повеќето компании кои се верифицирани од страна на Комората е компанијата КРОМБЕРГ и ШУБЕРТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Битола, чија главна дејност е производство на кабелски снопови за автомобилска индустрија, која за прв пат е регистрирана во Скопје во 2011 година, а подоцна откако се изгради производната хала и започна производниот процес таа е пререгистрирана во индустриската зона Жабени, Битола.

**26.11.2020**

## УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА - КЛУЧНА АЛАТКА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ И УЧИЛИШТАТА ВО НАСОКА НА КРЕИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТЕН СТРУЧЕН КАДАР




Соработката помеѓу стручните училишта и компаниите е од особено значење во насока на креирање квалитетен стручен кадар и надминување на разликите помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на труд, како неминовен услов за обезбедување на одржлив економски раст и развој на земјата. Во таа насока, Стопанската комора на Македонија, како најстара и најбројна бизнис заедница во државата организираше вебинар на тема: „Како да се вклучите во процесот на учење преку работа" со фокус кон афирмација на учењето преку работа и улогата на Стопанската комора на Македонија во поттикнување и олеснување на процедурите за поголема вклученост на компаниите во овој процес.

**30.11.2020**

## ПОГОЛЕМА ВКЛУЧЕНОСТ НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ВО ФОРМАЛНОТО И ВО НЕФОРМАЛНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ, СО ФОКУС НА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА




Практичната обука е еден од главните предуслови за квалификување на кадарот во компаниите, а во таа насока и потребата за поголема вклученост на приватниот сектор во формалното и во неформалното стручно образование и обука, со фокус на практичната обука. Ова е констатацијата од расправата што се одржа во просториите на Стопанската комора на Македонија, во која учествуваа министерката за образование и наука, Мила Царовска; н.е. Сибил Сутер Техада, амбасадор на Швајцарија во Република Северна Македонија; Билјана Пеева-Ѓуриќ, в.д. извршен директор на Стопанската комора на Македонија; Курт Витрих, тим-лидер на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија – Е4Е@мк“ и претставници на приватниот сектор.

**04.12.2020**

## ЗАПОЧНА ИЗМЕНАТА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА



Стручниот и квалификуван кадар кој поседува соодветни квалификации е од клучно значење за продуктивно работење на бизнис заедницата и создавање погодна клима за инвестиции, а тоа бара квалитетно и функционално стручно образование кое ќе обезбедува стручни знаења и вештини за учесниците во образовниот процес и ќе биде флексибилно да излезе во пресрет на потребите на бизнис заедницата. Тоа е можно ако има квалитетен и применлив Закон за стручно образование и обука, за што со години наназад укажуваше Стопанската комора на Македонија. За таа цел, во Стопанската комора на Македонија се одржа состанок на работната група во која членува и претставник на Комората, за изменување на Законот за стручно образование и обука во насока на олеснување и функционалност на стручното образование и надминување на предизвиците со кои се соочуваат заинтересираните страни.

**23.12.2020**

## ДИЈАЛОГ ЗА РЕГИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА БИЗНИС-СЕКТОРОТ ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН



Презентацијата на физибилити-студијата за развој на регионални стандарди на квалификации беше тема на денешната виртуелна конференција во организација на Иницијативата за реформи во образованието за Југозападна Европа (ЕРИСЕЕ), во рамките на проектот „Кон регионални стандарди на занимања – КОН РЕГОС". Носители на активностите во проектот се стопанските комори и образовните институции за стручно образование и обука од шесте земји на Западен Балкан. Студијата имаше цел да ја истражи можноста за развој на регионални стандарди на квалификации, кои би требало да се изработат врз основа на петте стандарди на занимања во секторите *угостителство и туризам* и *градежништво и геодезија*, кои беа подготвени од работните групи, со директно учество на компаниите, наши членки, на национално ниво и усогласени на регионално ниво.

**30.12.2020**

## СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО ФУНКЦИЈА НА СТОПАНСТВОТО




Дефинирање на целите и видовите на стручно образование, прецизирање на надлежностите и одговорностите на сите чинители во процесот на стручното образование и обука, реализацијата на практичната обука во компанија и спецификите на дуалното образование беа фокус на денешната и последна во тековната 2020 година, он-лајн работилницата, на работното тело за подготовка на новиот Закон за стручно образование и обука. Целта на новиот закон, во чија подготовка учествува Стопанската комора на Македонија, е во согласност со нашата поставена визија за обезбедување квалификувани и стручни кадри за потребите на стопанството, преку прецизирање на одредени процеси во стручното образование и обука, и поедноставување на постапките за понуда на стручното образование и обука.

# ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА

Центарот за едукација во текот на 2020 година организираше 81 едукативни настани на кои учествуваа 1.530 посетители, истите беа реализирани како еднодневни и дводневни семинари од отворен тип за сите учесници од приватниот и јавниот сектор.

Поради настанатата здравствено-економска криза предизвикана од Пандемијата Ковид-19, во насока на одржување на активностите кои ги спроведува Центарот за едукација, настана трансформација и најголемиот дел од активностите се спроведуваа он-лајн со користење на современи ИКТ решенија. Истовремено, лицата од Центарот за едукација постојано ги следеа препораките од Владата на РСМ и по донесувањето на протоколите за одржување на едукативни настани започна со комбиниран систем на одржување на настани, односно дел се спроведуваа со физичко присуство со запазување на протоколите, додека останатите се спроведуваа он-лајн.

Најпосетувани семинари беа оние кои се однесуваа на измените на законската регулатива, во таа насока беа организирани 14 семинари за имплементација на Законот за работни односи во вонредна состојба, помеѓу останатите семинари кои беа од особен интерес за компаниите беа и оние кои се однесуваат на јавните набавки, Законот за заштита на личните податоци, безбедност и заштита при работа, дигитален маркетинг, електронска продажба и теми од областа на ИКТ.

Центарот за едукација и развој на човечки ресурси дополнително организираше и бесплатни настани, се со цел навремено да се информираат компаниите за сите новости и регулативи за работење во вонредна состојба.

Дополнително Центарот за едукација во соработка со Бизнис центарот за тренинг и обука реализираше онлајн семинар на тема: „Деловен Ексел - пивот табели, сценарија и контролни табли во функција на ефикасно и ефективно работење", каде предавач беше дипломиран инженер и професор по информатика, обучувач во областа на ИТ која активно е вклучена во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД и Британски Совет како експерт и обучувач, ETwinning и Scientix амбасадор за Северна Македонија. Заедно се работеше и на верифицирање на посебна програма за образование за возрасните насловена: „Вештини за табеларно пресметување во деловно планирање и одлучување" за која Стопанската комора на Северна Македонија изврши верификација на установа во Министерството за образование и наука.

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со стручни лица, а по барање на компаниите, организираше обуки на ментори во компаниите. Обуките беа реализирани во Скопје. Целта на оваа програма е да се развијат знаења, вештини, способности, ставови и вредности, односно компетенции кои треба идните обучувачи (во натамошниот текст: ментори) да ги поседуваат за да можат да работат со ученици/учесници кои изведуваат практична обука кај работодавач, вклучувајќи ги и компетенциите за работа со ученици/учесници со различна попреченост.

## Одржани едукативни настани во 2020 година:

06.07.2020 година
**БЕСПЛАТЕН ,,ОНЛАЈН"- СЕМИНАР ЗА ПОДДРШКА НА КОМПАНИИТЕ на тема: Кризен менаџмент, финансиски и фискални мерки**

21.07.2020 година
**„Он-лајн" семинар на тема: ИНКОТЕРМС 2020 - РАЗБИРАЊЕ И ПРАВИЛНА ПРИМЕНА НА ПРАВИЛАТА**

27.07.2020 година
**„Онлајн" семинар на тема: ОПТИМИЗАЦИЈА НА ЗАЛИХИ – МОДЕЛИ НА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАЛИХИ**

28.07.2020 година
**„Онлајн" семинар на тема: ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА И ИНТЕРНЕТ ПРОДАЖБА – ОД ОТВАРАЊЕ Е-ПРОДАВНИЦА, РАЗВОЈ И ПРОДАЖБА**

20.08.2020 година
**„Онлајн"-семинар на тема: ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ЕКСЕЛ 2016**

24.08.2020 година
**„Онлајн" работилница - НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТА, ОТСУСТВО ОД РАБОТА, РАБОТА ОД ДОМА И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВРЗ РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

10.09.2020 година
**Семинар на тема: ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТЕЊЕТО ВО ПИСАРНИЦА, УПРАВУВАЊЕ СО СПИСИТЕ И АКТИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА**

23.09.2020 година
**ДВОДНЕВНА ОНЛАЈН ОБУКА ЗА ИТ-КАТАСТРОФИ И КОНТИНУИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО**

24.09.2020 година
**ПОДОБРИ КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ – КЛУЧ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА**

25.09.2020 година
**„Онлајн" семинар на тема: ДЕЛОВЕН ЕКСЕЛ - ПИВОТ ТАБЕЛИ, СЦЕНАРИЈА И КОНТРОЛНИ ТАБЛИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЕФИКАСНО И ЕФЕКТИВНО РАБОТЕЊЕ**

25.09.2020 година
**Семинар на тема: ПРОЦЕНКА НА РИЗИК НА РАБОТНО МЕСТО ПРИ ИЗЛОЖЕНОСТ НА САРС-КОВ-2 ВИРУСОТ**

01.10.2020 година
**Дводневен „онлајн" семинар на тема: „ИНТЕРНИ АУДИТОРИ НА СИСТЕМ МЕНАЏМЕНТ"**

09.10.2020 година
**СО ВКУЧЕНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ВО УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА ДО КВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ПО МЕРКА НА БИЗНИСОТ**

15.10.2020 година
**СЕ' ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ - КАКО ДА ИЗГОТВИТЕ ПЛАН И ЛИСТА НА АРХИВСКИ ЗНАЦИ СО РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ**

16.10.2020 година
**„Онлајн" семинар на тема: ВРШЕЊЕ ВИДЕО НАДЗОР СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИСТИОТ**

22.10.2020 година
**„Онлајн" семинар на тема: ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО КРИЗНАТА 2020 ГОДИНА**

22.10.2020 година
**ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ИЗВОЗ ВО ВРЕМЕ НА КОВИД-19**

26.10.2020 година
**СО ВКЛУЧЕНОСТ НА КОМПАНИИТЕ ВО УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА – ДО ПОКВАЛИТЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И КАДАР**

27.10.2020 година
**Семинар на тема: ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА, ОТКАЗ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ДРУГИ ОСНОВИ ЗА ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС**

27.10.2020 година
**ТРАНСПОРТ И ШПЕДИЦИЈА – ВАЖНА АЛКА ВО ПРОЦЕСОТ НА СНАБДУВАЊЕ**

29.10.2020 година
**Дводневен „онлајн" семинар на тема: „УПРАВУВАЊЕ СО НАБАВКИТЕ И ВЕШТИНИ ЗА ПРЕГОВАРАЊЕ"**

30.10.2020 година
**УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА ТРГОВИЈА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА**

10.11.2020 година
**Стопанската комора на Македонија и PwC Северна Македонија на 10 ноември 2020 година организираа „онлајн" работилница на тема: Примена на Општата регулатива за заштита на личните податоци на ЕУ (GDPR) и новиот Закон за заштита на личните податоци во пракса**

17.11.2020 година
**ПРЕКУ МЕДИЈАЦИЈА ДО БРЗО, ЕВТИНО И ЕФИКАСНО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ**

18.11.2020 година
**Семинар на тема: ОСНОВИ НА БЕЗБЕДНОСТ НА ИТ ИНФРАСТРУКТУРА ВО КОМПАНИИТЕ**

19.11.2020 година
**МОТИВИРАНИ ВРАБОТЕНИ КАКО ОДЛИКА ЗА УСПЕШНА КОМПАНИЈА**

20.11.2020 година
**Онлајн еднодневна работилница на тема: „Обврски на работодавачите по однос на исплаќањето на плата поради боледување, паузи и одмори и трошоци поврзани со работењето"**

23.11.2020 година
**ПРАВА, ОБВРСКИ И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ИЗРЕКУВАЊЕ НА ГЛОБИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ОТСУСТВО ОД РАБОТА, ВРШЕЊЕ НА РАБОТА ДОМА И ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

25.11.2020 година
**ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА: „ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ, БЛАГАЈНИЧКО РАБОТЕЊЕ, ДАНОК НА ДОХОД И МАГАЦИНСКО РАБОТЕЊЕ"**

26.11.2020 година
**УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА - КЛУЧНА АЛАТКА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА КОМПАНИИТЕ И УЧИЛИШТАТА ВО НАСОКА НА КРЕИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТЕН СТРУЧЕН КАДАР**

27.11.2020 година
**СЕ' ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ - КАКО ДА ИЗГОТВИТЕ ПЛАН И ЛИСТА НА АРХИВСКИ ЗНАЦИ СО РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ**

04.12.2020 година
**СО АНАЛИТИЧКИ ВЕШТИНИ ДО ПОДОБРО КРЕИРАЊЕ ДЕЛОВНИ ОДЛУКИ**

11.12.2020 година
**ДВОДНЕВЕН „ОНЛАЈН" СЕМИНАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИСКИ И СО БЕЗБЕДНОСНИ РИЗИЦИ**

11.12.2020 година
**СО ДЕЛОВЕН EXCEL ДО ПОДОБРИ АНАЛИТИЧКИ ВЕШТИНИ**

17.12.2020 година
**„ОНЛАЈН" СЕМИНАР НА ТЕМА: „НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА ПИВОТ ТАБЕЛИ И КРЕИРАЊЕ НА "ЖИВИ" ИЗВЕШТАИ"**

22.12.2020 година
**„Онлајн" семинар на тема: „НОВИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ПРОПИШАНИТЕ ПРЕКРШОЧНИ ГЛОБИ".**

23.12.2020 година
**ЗАДОВОЛНИ КЛИЕНТИ – ОДЛИКА НА УСПЕШНИТЕ КОМПАНИИ**

24.12.2020 година
**„Онлајн" семинар од областа на урбанистичкото планирање**



# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ

И покрај ограничувањата предизвикани од глобалната пандемија, Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, според утврдените работни и програмски задачи, ги реализира следниве активности во 2020 година:

1) *Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со квалитет согласно ISO 9001:2015, се реализирани или во тек, во две компании;*

2) *Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со животна средина согласно ISO 14001:2015, се реализирани или во тек, во една компанија;*

3) *Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со здравје и безбедност при работа согласно ISO 45001:2018, се реализирани или во тек, во пет компании;*

4) *Консултантски услуги за воведување на Систем за управување со безбедноста на храната согласно ISO 22000:2018, се во тек во пет компании;*

5) *Обуки за интерни проверувачи согласно водичот за интерни проверки ISO 19011:2018 се извршени во сите горе наведени компании во кои се воведе менаџмент системи;*

6) *Активно учество во работа на технички комитети при Институтот за стандардизација и акредитациа на ИСРСМ:*
- *ТК 18 за оценка на сообразност при ИСРСМ;*
- *ТК 9 за системи за квалитет и животна средина при ИСРСМ;*
- *ТК 13 за безбедност на храна при ИСРСМ*

7) *Активно учество во процесот на континуирана проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015 од страна на TUV NORD;*

8) *Активно учество во континуирано одржување и проверка на Системот за управување со квалитет во Стопанска комора на Македонија, согласно ISO 9001:2015, како и ISO 19011:2018, со овластување за надлежност во соодветните релевантни активности;*

9) *Активен придонес во реализација на заедничкиот проект на Комората со USAID и EPI CENTAR, преку изготвување на Прирачник – „Стандардите и менаџмент системите – предуслов за конкурентност на производните компании";*

10) *Активен придонес во анимирање/посети и запознавање на фирмите во Македонија за проблематиката од областа на стандардите;*

# ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД – АРБИТРАЖА

Во текот на 2020 година, Постојаниот избран суд – Арбитража при Стопанската комора на Македонија (во понатамошниот текст: Арбитража), продолжи да ја развива арбитражната институција преку стручно и професионално постапување и одлучување по тековните арбитражни предмети од страна на арбитрите именувани во арбитражните постапки, како и преку одржување на редовни седници на претседателството на кои беа дискутирани прашања поврзани со тековните активности и работењето на Арбитражата.

Арбитражата се соочи со одредени последици врз работењето предизвикани од пандемијата на КОВИД – 19 и преземените мерки и препораки за превенција и спречување на ширењето на корона вирусот, што доведе до одложување на планираните промотивни активности за следниот период (планиран термин 11-12 мај 2021 година), вклучувајќи ја и дводневната меѓународна конференција во организација на Арбитражата со поддршка на Централно–европската иницијатива (ЦЕИ) на тема *„Бизнисот и арбитражата во време на глобализација: предизвици и перспективи*“ на која беше предвидено учество да земат претставници на претседателството и секретаријатот на Арбитражата, реномирани домашни и странски стручњаци, правници, арбитри, професори, адвокати, студенти и стотина други учесници со познавања и искуство од областа на арбитражата.

## АРБИТРАЖАТА ВО КОРИСТ НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА




Проблемот со долгите судски постапки и со наплатата на побарувањата поттикнува незадоволство кај бизнис-заедницата, што резултира со недоверба во судскиот систем и во владеењето на правото. Но, затоа постојат алтернативни начини за побрзо и за поефикасно решавање на спорoвите. Еден од нив е арбитражата. Тоа, всушност, значи вонсудско решавање на спорот, арбитерот донесува полноважна (мериторна) одлука откако ќе ги сослуша двете страни. Најважно од сè, државата ја признава арбитражата, а одлуките што се носат се правосилни и извршни. Со еден збор, за меѓународната трговска размена арбитражата е најефикасниот начин за решавање на стопанските спорови и во повеќе од 90 % од случаите компаниите повеќе ја претпочитаат арбитражата од домашните судови, кога станува збор за меѓународен договор или за меѓународна трговија.



# ВАША БИЗНИС КАНЦЕЛАРИЈА

Во **Вашата бизнис канцеларија** се издаваат сертификати за потекло на производите (Оригин и Фом А), АТА-карнети, потврди за ексклузивитет, потврди за единствен производител, потврди за производител, потврди за слободна продажба, потврди за членство, потврди за виша сила, препораки за добивање на визи, мислења за исполнување на економските услови, мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки, како и се врши заверка на фактури, договори и други документи.

Во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 година во Вашата бизнис канцеларија се издадени:

- 1308 сертификати за потекло на производите (Форм А);
- 8172 сертификати за потекло на производите (Оригин);
- 230 АТА-карнети;
- 4 потврди за ексклузивитет;
- 16 потврди за слободна продажба;
- 7 потврди за производител;
- 8 потврди за членство во Комората;
- 170 заверки на фактури, договори и други документи (со печат Видено во Комора);
- 8 потврди за виша сила;
- 4 мислења за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки;
- 34 мислења за исполнување на економските услови.

# EXCELLENT SME

**Сертификатот за деловно работење Excellent-SME MACEDONIA** е сертификат го издава Стопанската комора на Македонија во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

Основата за сертификацијата е кредитниот извештај и континуираниот мониторинг на COFACE - Хрватска. Истовремено, SafeSigned™ веб-сајт технологијата спречува печатот за квалитет Excellent SME MACEDONIA да биде копиран и користен на кој и да било друг веб-сајт.

Главната цел на сертификатот, која се совпаѓа со ЕУ-директивите, е да се промовираат малите и средни компании, да се обезбеди и да се осигура бизнисот, добрите бизнис-пракси и да се зголеми пазарната транспарентност. Исто така, тоа ќе им помогне на клиентите и бизнис-партнерите да го намалат финансискиот и другите ризици кога склучуваат деловни договори.

Сертификатот им овозможува на локалните и на меѓународните бизнис-партнери да го верификуваат постоењето на компанијата, точната веб-адреса, и најважното - нејзиниот бонитет.

Со инсталирање и користење на потенцијалот на сертификатот и постојните партнери може да прават разлика меѓу успешни и помалку успешни компании.

Според податоците со кои располага Стопанската комора на Македонија Excellent-sme компании за 2020 се 62 компании.

Од особена важност е и соработката меѓу компаниите носители на Excellent SME сертификатот од сите земји од регионот како одговор на глобализацијата на големите компании, а Стопанските комори имаат голема улога во развојот на овие релации помеѓу компаниите.

# КЛУБ НА МЕНАЏЕРИ – ПРЕТПРИЕМАЧИ




12.03. 2020 година според годишната Агенда за 2020 требаше да биде означен стартот на редовните активности на Клубот на менаџери – претприемачи. Но како и во други сегменти во работењето така „новото нормално" поради пандемијата со вирусот COVID 19 ги запре средбите, вмрежувањето меѓу компаниите и заедничките обуки во Клубот на менаџери –претприемачи.



Овој Клуб на менаџери во изминатите 5 години од своето постоење покажа дека претставува нова алатка, но и ексклузивна можност за малите и средни компании да станат дел од мрежа на компании кои остваруваат континуиран раст и развој. За таа цел Клубот на менаџери – претприемачи за своите членови обезбеди следење на едукативни настани, во релаксирана, но продуктивна атмосфера во специјално опремена Бутик сала „Дуна Компјутери", како и следење на забавни настани, вмрежувања и team building настани кои придонесоа компаниите подобро да се запознаат, меѓусебно да споделат знаење, искуство и контакти и на тој начин да генерираат нови идеи за деловни потфати.

Поради пандемијата со вирусот Клубот на менаџери-претприемачи во 2020 реализира 4 едукативни настани со реномирани предавачи од земјата, од кои еден со физичко присуство, со почитување на донесените протоколи за заштита и превенција на вирусот Covid -19 од страна на Владата на Република Северна Македонија и три настани „он –лајн". Секоја од остварените активности во рамки на Клубот беше покриена со објава со цел информирање на компаниите за организираните настани

# СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ (FIC)

**31.01.2020**

## РАБОТНА СРЕДБА НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ СО ВЛАДАТА НА РСМ - ЗАЕДНИЧКО БРИФИРАЊЕ ЗА АКТУЕЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ СОСТОЈБИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА




Заменичката на претседателот на Владата задолжена за економски прашања и координација со економските ресори, Мила Царовска, заедно со министрите задолжени за странски инвестиции Зорица Апостолска, д-р Бардуљ Даути и д-р Елвин Хасан, директорите на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, Александар Младеновски, на Фондот за иновации, Јован Деспотовски и на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, Арбен Вила, како и претставници на други државни органи, на 31.01.2020 година во Стопанската комора на Македонија одржаа работна средба со претставници на компании-членки на Советот на странски инвеститори.
Целта на состанокот беше да се презентира спроведувањето на економските политики на Владата во однос на странските и домашните инвестиции, како и запознавање на вицепремиерката со предизвиците и состојбите со коишто се соочуваат странските инвеститори во нивното работење и евентуални предлози за нивно надминување.
Претседателот на Советот на странски инвеститори и генерален директор на „ЕВН", Штефан Петер, посочи дека состанокот со вицепремиерката и владиниот тим се одржува во вистинско време и дава импулс дека и покрај тоа што се наоѓаме во предизборен период, стопанството треба да продолжи да работи и да се развива со предвидената динамика.

**08.5.2020**

## Советот на странски инвеститори одржа „онлајн"-седница на Управниот одбор

Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија, во услови на вонредни мерки го приспособи своето работење преку примена на софистицирани дигитални технологии, при што на 7.5.2020 година ја одржа својата прва „онлајн"-седница на Управниот одбор.
Економските мерки за поддршка на стопанството за справување со последиците од Ковид-19 беа главна тема за дискусија, при што беше констатирано дека постои огромна неизвесност за перспективата, за времетраењето на пандемијата, како и за прашањето дали ситуацијата може да се влоши.

Истовремено, во услови кога случувањата поврзани со корона вирусот силно ги погодија големите светски економии, логично е да се очекува дека и малите економии, како што е македонската, ќе претрпат несакани последици.

**21.5.2020**

## СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ И КОРОНА-ВИРУСОТ




Имајќи го предвид фактот дека корона вирусот и мерките кои се преземаат во врска со спречување на неговото ширење неминовно ќе доведат до забавување на економската активност, најголем дел од компаниите, вклучувајќи ги и големите индустриски капацитети, ќе трпат огромни штети во работењето. Како странските инвеститори ќе продожат успешно да работат во вакви услови, секако, ќе зависи од самите компании и од нивниот потенцијал да направат соодветна реорганизација на производството, заради намалената побарувачка, но и од поддршката на државата, заради побрзо закрепнување и полесно пребродување на последиците од кризата.
Податоците од неодамна спроведената анкета на Стопанската комора на Македонија помеѓу компании од сите големини и сектори, кои претставуваат годишни приходи од 1,5 милијарди евра, во врска со очекувањата на бизнис-секторот и последиците од „Корона-кризата" во Македонија, јасно покажуваат дека последиците за македонската економија нема да бидат занемарливи.

**03.6.2020**

## „Онлајн„-состанок на странските инвеститори со генералниот секретар на Владата на РСМ, Драги Рашковски

Асоцијацијата на странски компании со технолошки напредно производство при Советот на странски инвеститори на 3.6.2020 година одржа „онлајн"-состанок со генералниот секретар на Владата на РСМ, Драги Рашковски. Главна тема на состанокот беше појаснувањето и размената на мислења околу Јавниот повик за поднесување барања за утврдување на статус на стратешки инвестициони проекти, а се дискутираше и за владините економски мерки за поддршка на стопанството за справување со последиците од Ковид-19.
Како што информираше генералниот секретар Рашковски, Владата неодамна објави Јавен повик за поднесување барање за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект согласно Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија.

**18.9.2020**

## Одржана работна средба на Управниот одбор на Советот на странски инвеститори со Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на РСМ, задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции



Целта на состанокот беше да се презентира спроведувањето на економските политики на Владата во однос на странските инвестиции, како и запознавање на вицепремиерот со предизвиците и состојбите со коишто се соочуваат странските инвеститори во нивното работење и препораки за нивно надминување
Пред присутните, Битиќи изрази подготвеност Советот на странските инвеститори да биде вклучен во креирањето на економските политики и во следењето на нивната имплементација, бидејќи само така може да се очекува зголемен економски раст и развој.
Како што истакнаа членовите на Упавниот одбор, за странските компани кои се присутни во земјава, од круцијално значење се прашањата за обезбедување предвидливост и конзистентност на деловното опкужување, нешто што е од клучна важност за секој инвеститор за планирање и проекција на економските процеси и инвестиции.

**27.10.2020**

## Прифатена иницијативата на Асоцијацијата на компании со технолошки напредно производство при Советот на странските инвеститори за намалување на царинските стапки за производи (компоненти) потребни за производство на технолошки напредни производи

Foreign Investors Council

Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство при Советот на странски инвеститори во рамките на Стопанската комора на Македонија ја поздравува денешната одлука на Владата на РСМ за намалување на 33 царински стапки на одделни компоненти потребни за производство на технолошки напредни производи.
По иницијатива на Асоцијацијата, поднесена на 9 октомври, се побара изедначување на царинските стапки на ниво на оние во Европската унија за одделни компоненти кои им се неопходни на компаниите за нивниот технолошки процес, започнувајќи 1 ноември во времетраење од една година.

**18.12.2020**

## Премиерот Заев на состанок со Асоцијацијата на странски компании: Партнерски креираме поволен деловен амбиент со фокус на инфраструктура и подобра законска регулатива за сегашните и новите инвеститори



Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев и владиниот економски тим одржаа онлајн состанок со претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески и со Асоцијацијата на странски компании со технолошко напредно производство во рамките на Советот на странски инвестори при Комората, чиј претседател е Виктор Мизо. На состанокот се дискутираше за приоритетните прашања на странските инвеститори во неколку области во делот на законска регулатива, царински стапки, инфраструктура, даночни политики, работни односи, дигитализација како и останати прашања во насока на подобрување на деловната клима и на секојдневното работење.

Премиерот Заев истакна дека за Владата од голема важност е зголемување на довербата на инвеститорите, отпочнување на нови инвестиции, поттикнување на извозот, зајакнување на човечкиот капитал, а со тоа и подобрување на севкупниот економски раст во државата. За таа цел се преземаат мерки за ублажување на ефектите од пандемијата на краток рок, како и планирање за економски раст на среден и долг рок.

# МЕСЕЧЕН ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД

Во 2020 година, Стопанската комора на Македонија започна со нова аналитичка услуга за своите членки - Месечен Економски Преглед (МЕП) за тековните движења во економијата. МЕП е концизен аналитички преглед на најзначајните тековни движења во македонската економија и дава согледувања за следниот период. Воедно, имајќи предвид дека македонската економија е мала и отворена кон светот, МЕП вклучува и актуелни информации за движењата во светската економија и пазарите за берзански суровини. Оваа публикација е пред се` насочена кон потребите на компаниите членки на Комората, со идеја да им обезбеди единствен и навремен аналитички материјал со информации кои се релевантни и значајни за нивното работење. Но, заради уникатниот пристап и опфатот на таргетирани теми од интерес за бизнис заедницата, веруваме дека МЕП ќе го привлече интересот и на други заинтересирани субјекти (компании и поединци), како и медиумите. МЕП се објавува редовно, секоја втора недела од месецот. Досега се објавени 10 броја.




МЕСЕЧЕН ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД - ФЕВРУАРИ 2021[1]

РАБОТИ ШТО ГО ОДБЕЛЕЖАА ПЕРИОДОТ:

- Имунизацијата во Европа не тече со посакуваната динамика, со мутација на вирусот Ковид-19 јакне ризикот од негово повторно масовно ширење
- Светската економија бавно се враќа кон нормалата, нерамномерно по земји и сектори
- Македонската економија ја заврши 2020 година со пад од 4,5%
- Индустриското производство во првиот месец од 2021 година со пад од 13,5%
- Минимално подобрени очекувањата на деловните субјекти во преработувачката индустрија
- Трговијата и туризмот се' уште под силен удар од пандемијата
- Пад на извозот и увозот во однос на претходниот месец, но пораст на годишно ниво
- Нето прилив на странски директни инвестиции во последниот квартал од 2020 година
- Трошоците на живот на ниско ниво
- Растот на цените кај повеќето берзанските суровини од јануари продолжи и во февруари

Од аспект на структурата, МЕП ги вклучува најзначајните економски индикатори: Бруто Домашен Производ, индустриско производство, трговија, градежништво, туризам, деловни очекувања во преработувачката индустрија, плати, трошоци на живот, вработеност, надворешно-трговска размена, странски директни инвестиции, јавна потрошувачка и берзански суровини. Анализата ги опфаќа статистичките податоци за последниот месец, како и споредби со претходен период од тековната година и истиот период од минатата година. Ваквиот пристап е со цел да се опфатат најновите движења, но и да се добие јасен показател за трендот на движење на варијаблите, како и меѓугодишната споредба која ги исклучува сезонските влијанија.

Уникатниот карактер на МЕП во однос на сличните аналитички материјали од други институции, е во неговата прилагоденост кон потребите на компаниите - членки на Комората. Тоа се отсликува во методолошкиот пристап на собирање на материјали и информации, кој вклучува не само статистички податоци добиени од Државниот Завод за Статистика, НБРСМ, Министерство за Финансии, Царина и слични институции, туку и аналитички податоци добиени од меѓународни извори (Светска банка, ММФ, ОЕЦД, ЕБРД, УНКТАД и други), како и информации и показатели добиени од соодветни анкетни истражувања на компаниите. Ваквиот методолошки пристап обезбедува поизразена оперативна димензија на анализите и следствено, можност за поголема искористеност во пракса од страна на корисниците.

Во овој контекст, вреди да се истакне дека секој број на МЕП, покрај редовната обработка на горенаведените економски показатели, содржи подетален и посеопфатен осврт на една таргетирана тема, зависно од актулената состојба. Со

оглед на тоа дека 2020 година главно ја одбележа здраствено-економската криза КОВИД-19, во неколку изданија на месечните прегледи, како посебни теми беа издвоени влијанието на почетокот на здраствената и економската криза врз БДП, перформансите на извозните и увозните претпријатија во услови на светска рецесија и нарушено функционирање на меѓународната трговија, како и состојбите во туризмот и последиците од кризата врз претпријатијата од туристичкиот сектор.



Останати таргетирани анализи кои беа обработувани во досегашните изданија на месечниот економски преглед се однесуваа на:

- движењата на македонскиот БДП во првиот квартал од 2020 година;
- големата рецесија на економиите на земјите од ЕУ и САД и како тоа влијае сега и ќе влијае во иднина врз македонската економија;
- состојбите во туризмот и угостителството како сектор кој најрано и најдиректно беше погоден од здравствената криза, вклучувајќи и оценки на претпријатија од овој сектор за досегашните мерки за помош на туризмот во однос на нивните очекувања и предлози;
- движењата во авто-индустријата во регионот на Западен Балкан и последиците од здравствената криза Ковид-19 врз овој сектор;
- новиот пакет на мерки на Владата, зголемување на сиромаштијата и согледувањата од анкетата на Стопанската комора на Македонија во градежниот сектор;
- надворешно-трговската размена помеѓу земјите од западен Балкан и значењето на заедничкиот регионален пазар за македонските компании, како и проекциите за економската активност за 2020, 2021 и 2022 година за шесте економии од западен Балкан;
- најновите рестриктивни мерки во повеќето европски земји и нивното влијание врз македонската економија;
- регултивата со која Европската Унија ги продолжи постојните трговски преференции за Западен Балкан за уште пет години до 31 декември 2025 година, што ќе обезбеди повеќе можности за извоз во ЕУ, особено за земјоделците во регионот на Западен Балкан со помали поседи;
- топ 10-те производи на страната на извозот и увозот за 2020 година;
- петтиот сет на економски мерки за справување со последиците од Ковид-19 кризата и новите проекции за економската активност на нашите трговски партнери;
- БДП на РС Македонија по региони;
- е-трговијата во РС Македонија – можностите и потенцијалите што ги нуди за компаниите

Стопанската комора на Северна Македонија верува дека месечниот економски преглед е корисна алатка за компаниите членки со цел сознавање, следење и информирање за најновите показатели во земјата, регионот и Европа, за која цел беше и воведен овој нов производ на Комората.

# ЗА ПОКРОВИТЕЛИТЕ
# Центар за покровители

## „ТОЧНА, НАВРЕМЕНА, БРЗА, КВАЛИТЕТНА ИНФОРМАЦИЈА И УСЛУГА – КЛУЧ ЗА МОЌЕН БИЗНИС“

Стопанската комора на Македонија, во напорите да го прошири асортиманот на услугите за своите членки, слично како и во другите комори со доброволно членство во развиените западноевропски земји, веќе неколку години го практикува проектот: ПОКРОВИТЕЛСТВО НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА.
Целта на овој проект е понуда на членките, во пакет, повеќе видови на услуги кои би ги користеле континуирано во подолг временски период, а воедно, да се стави на располагање на заинтересираните членки расположивата кадровска и техничка инфраструктура на Комората за развој и унапредување на нивниот бизнис.
За таа цел, Стопанската комора на Македонија, одејќи во чекор со светските економски промени во текот на 2020 година, изврши проширување во квалитетот и во квантитетот на услугите содржани во покровителството.
Сето тоа резултираше со влез на нови компании во семејството покровители на Стопанската комора на Македонија кои го пронајдоа својот бизнис-интерес во активностите на Комората, насочени кон подобрување на климата во стопанството.

**Според планираната Програма за 2020 година:**

- обновени се договорите со веќе постојните покровители;
- зголемени се бенефициите и попустите во однос на комерцијалните услуги на Стопанската комора на Македонија кон покровителите;
- организирани се презентации, промоции и други настани во Комората во зависност од барањата и потребите на покровителите;
- склучени се договори за Премиум Покровител со 4 нови компании;
- склучен е договори за Стандард Покровителство со 1 нова компании;
- склучен е договори за Силвер Покровителство со 3 нова компании;
- активирана е можноста договорите за покровителство да бидат склучени на повеќе години со попуст;
- организирани се поинтензивни заеднички работни средби на покровителите со раководството на Стопанската комора на Македонија;
- поврзување на компаниите покровители и закажување на работни средни со институции за решавање на одреден проблем од значење за нивниот бизнис;
- дадена е логистичка поддршка во организирање на повеќе промотивни настани (во организација на покровителите) за промоција, на барање на покровителите;
- целосно се исполнети одредбите од договорите за покровителство кон покровителите;
- редовно поставување на рекламен материјал на сите катови во Комората, на рафтови наменети за покровителите;
- поставени логоата на покровителите на ТВ екрани на 1-ви кат, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат и на 5- ти кат сала 4;
- набавка на производи и услуги за потребите на Комората, со одлука исклучиво од компаниите покровители;
- објавени логоа, интервјуа и изјави на покровителите во „БИЗНИС ИНФО“ на Комората;
- редовна емисија на рекламни спотови, настани и логоата на покровителите на тв-екраните поставени на 1-ви, 3-ти кат, 3-ти кат сала 3, 4-ти кат, 5-ти кат сала 4 и во лифтот во Комората;
- реализирани активности и работни задачи за покровителите, кои не се внесени како услуги во договорите за покровителство, но се произлезени од тековното работење, на нивно барање.

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT
IGM trade
T
МЕПСО
ECM
Gulf
ПЕКАБЕСКО
euro Nickel
nextsense
VERO
КОЖУВЧАНКА
MERMEREN Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

МАКПРОГРЕС
ComfyAngel
OKTA
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС
RADE KONČAR-TEP
A1
seavus
ZAN MITREV CLINIC
cargo-partner
CEMOC
CROATIA OSIGURANJE
HALKBANK
ДЕ-НИ МЕБЕЛ
scalefocus

## СИЛВЕР Покровители

Ектра Меин
SPARKASSE
Ultra!
VEZËSHARRI
SOCOTAB
Swisslion
SMELT-ING
AllianceOne
sütaş